ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА

# ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА „ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК“, КО ЗАГОРЦИ И КО СКОРУША, ОПШТИНА КОНЧЕ




**НАЦРТ ВЕРЗИЈА**

**Септември, 2019**

ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 44-1/4, 1000 Скопје
Тел/фах 02 3246 402,
e-mail: office@ema.com.mk

| | |
|---|---|
| **План:** | **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче** |
| **Надлежен орган за донесување на Планот:** | Министерство за транспорт и врски |
| **Документ:** | **Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Државна урбанистичко планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче** |
| **Клиент:** | Агенцијата за планирање на просторот |
| **Број на договор:** | 0307-75/1 од 30.10.2018 |
| | Протокол бр. 1 за изработка на Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (бр. 0507-337/2 од 22.07.2019). |
| **Статус:** | Нацрт верзија |
| **Подготвено од:** | - Менка Спировска, дипл. биолог, овластен експерт за СОЖС;<br>- Јулијана Никова, дипл. технолог, овластен експерт за СОЖС;<br>- Ана Стојановска, дипл. еколог, положен стручен испит за стекнување на професионално знаење за СОЖС;<br>- Трајче Митев, дипл. професор по биологија, овластен експерт за СОЖС. |
| **Потписник на Извештајот за СОЖС:** | Трајче Митев |

**„ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ Скопје**
**Управител**
**Менка Спировска**

____________________

**Датум:** 10/09/2019

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12- 770/1
Датум: 08.02.2017 година

## УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Митев Митко Трајче** роден на 23.02.1983 година во Скопје, дипломирал на ден 12.03.2009 на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Природно-математички факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 31.01.2017 година и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со право да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Bashkim Ameti

М.П

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# П О Т В Р Д А

за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

## СПИРОВСКА Аритон МЕНКА

дипломиран биолог од Скопје, родена на 28.12.1951 година, во Скопје, Република Македонија, на ден 04.06.2009 година, го положи **стручниот испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина,** пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде **вклучена** во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07 и 159/08).

Министерство за животна средина
и просторно планирање

Министер,
Др. Нецати Јакупи

М.П.

Број 07-2037/35
29.07.2009, година

Комисија за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# П О Т В Р Д А

за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за
стратегиска оцена на животната средина

## НИКОВА Љубомир ЈУЛИЈАНА

дипломиран инженер технолог од Скопје, родена на 27.11.1971 година во Кочани, Република Македонија, на ден 28.03.2013 година го положи **стручниот испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина,** пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде **вклучена** во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија"бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/2011 и 123/12) и е со важност од пет години, почнувајќи од денот на издавањето на истата. За продолжување на потврдата за дополнителни пет години, треба да се поднесе барање за продолжување на потврдата до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Министерство за животна средина
и просторно планирање

Министер,
Abdilaqim Ademi

М.П.

Број 07-1655/32
20.05 2013, година

Комисија за полагање на стручен испит за
стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
Драган Ѓорѓев

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150120180052744
Датум и време: 19.9.2018 г. 10:58:23

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6247717 |
| **Назив:** | Друштво за еколошки консалтинг ДЕКОНС-ЕМА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| **Седиште:** | МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ бр.44-1/4 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил: [signature]

Овластено лице: [signature]

## СОДРЖИНА


1 ВОВЕД ..... 11
2 ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ..... 12
2.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина ..... 12
2.2 Правна рамка со која се регулира постапката за Стратегиска оцена на животната средина ..... 12
2.3 Интегрирање на постапките за подготовка на СОЖС и ДУПД ..... 13
2.4 Методологија за СОЖС ..... 15
2.4.1 Постапка за СОЖС ..... 15
2.4.2 Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста ..... 16
2.4.2.1 Учество на јавноста ..... 17
2.4.3 Клучни елементи/информации во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ..... 17
2.5 Спроведени СОЖС активности ..... 18
3 КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ..... 19
3.1 Краток преглед и содржина на планскиот документ ..... 19
3.1.1 Опис на постојна состојба ..... 19
3.1.2 Планирана состојба ..... 29
3.2 Предмет и главни цели на Планскиот документ ..... 34
3.3 Корелација на целите на Планот со други релевантни планови и програми/плански документи и цели на заштита на животната средина ..... 34
4 РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 54
4.1 Географска положба и демографски карактеристики ..... 54
4.2 Здравје на населението ..... 57
4.3 Климатски карактеристики и квалитет на воздухот ..... 57
4.3.1 Квалитет на воздухот ..... 59
4.4 Климатски промени ..... 59
4.5 Бучава ..... 60
4.6 Хидрографски и хидрогеолошки карактеристики ..... 61
4.7 Почва ..... 64
4.7.1 Рељефни карактеристики ..... 64
4.7.2 Геолошки карактеристики ..... 64
4.7.3 Тектонски и сеизмолошки карактеристики ..... 65
4.7.4 Користење на земјиштето и економски развој ..... 65
4.8 Биолошка разновидност, природно наследство и предел ..... 68
4.9 Културно наследство ..... 70
4.10 Материјални добра ..... 71
4.10.1 Сообраќајна поврзаност ..... 71
4.10.2 Хидротехничка инфраструктура ..... 73
4.10.3 Управување со отпад ..... 74

**5 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДРАЧЈАТА КОИ БИ БИЛЕ ЗНАЧАЈНО ЗАСЕГНАТИ И СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ..................... 75**

**6 ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ ............................................................ 78**

**7 ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОДРЕДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО ИЛИ МЕЃУНАРОДНО НИВО....................................................................................... 80**

7.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина.................................................. 82

**8 АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ ........................................................................................ 90**

**9 ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ ........................................................................................................ 92**

9.1 Можни влијанија од имплементација на Планот и мерки за намалување на влијанијата 93

**10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ОД АСПЕКТ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА.......................................................................................... 107**

**11 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ..................................................................................... 113**

**12 НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ............................................................................................. 116**

12.1 Вовед.......................................................................................................................... 116

12.2 Вовед во стратегиската оцена на животната средина (СОЖС)................................ 116

12.3 Резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи............................. 118

12.3.1 Предмет и главни цели на Планот ............................................................... 120

12.3.2 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи.................................................................................... 121

12.4 Релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина .................. 121

12.5 Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот ......................................................... 123

12.6 Области кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите..................................................................................................... 123

12.7 Цели на заштита на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво 124

12.8 Анализа на алтернативи ............................................................................................ 124

12.9 Веројатни значајни влијанија врз животната средина и мерки за намалување ....... 126

12.10 План за мониторинг врз имплементацијата на Планот од аспект на животна средина 126

12.11 Заклучоци и препораки ............................................................................................. 127

**13 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....................................................................................... 146**

## Листа на слики

Слика 1 Интегрирање на постапката за СОЖС и подготовката на ДУПД...................................... 14
Слика 2 Чекори/фази на СОЖС ........................................................................................... 16
Слика 3 Местоположба на планскиот опфат............................................................................ 20
Слика 4 Приказ на планскиот опфат на топографска карта во размер 1:10 000........................................ 21
Слика 5 Приказ на планскиот опфат на сателитска снимка.............................................................. 22
Слика 6 Наклон Север-Југ на теренот на планскиот опфат.............................................................. 23

Слика 7 Наклон Исток-Запад на теренот на планскиот опфат ........ 23
Слика 8 Ажурирана геодетска подлога ........ 24
Слика 9 Постојна состојба во планскиот опфат ........ 27
Слика 10 Инвентаризација на изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура ........ 28
Слика 11 Документациона основа ........ 29
Слика 12 Синтезен план ........ 33
Слика 13 Мапа на Југоисточен плански регион ........ 54
Слика 14 Општина Конче во рамките на РС Македонија и населени места во општина Конче ........ 55
Слика 15 Население во општина Конче на 31.12.2015 година, по пол ........ 55
Слика 16 Викендици околку акумулацијата „Мантово“ ........ 57
Слика 17 Ружа на ветрови ........ 58
Слика 18 Климатска карта на РМ ........ 59
Слика 19 Реки и порои во сливното подрачје на акумулацијата Мантово ........ 62
Слика 20 Акумулација „Мантово“ ........ 63
Слика 21 Речно корито на Крива Лакавица ........ 63
Слика 22 Речно корито на Загоречка Река ........ 64
Слика 23 Сеизмолошка карта ........ 65
Слика 24 Намена на земјиште во плански опфат и пошироко ........ 67
Слика 25 Објекти за економски развој во поширокото опкружување на планскиот опфат ........ 67
Слика 26 Објект „Влашки Колиби“ ........ 68
Слика 27 Биолошка разновидност во планскиот опфат ........ 69
Слика 28 Карта на заштитени подрачја во Република Македонија ........ 70
Слика 29 Реонизација и категоризација на просторот за заштита ........ 70
Слика 30 Културно историско наследство во Република Македонија ........ 71
Слика 31 Сообраќајна поврзаност ........ 72
Слика 32 Систем на населби и сообраќајна мрежа ........ 73
Слика 33 Водостопанска и енергетска инфраструктура за плански опфат ........ 74
Слика 34 Значајни орнитолошки локалитети (ЗОЛ) во Македонија, 2010 ........ 79

## Листа на табели

Табела 1 Клучни учесници за спроведување на постапките за подготовка на ДУПД и СОЖС ........ 13
Табела 2 Билансни показатели за постојна состојба ........ 27
Табела 3 Граници на планскиот опфат ........ 29
Табела 4 Нумерички показатели ........ 30
Табела 5 Билансни показатели за планирана состојба ........ 30
Табела 6 Корелација на целите на Планот со целите на релевантните национални, регионални и локални плански и стратешки документи ........ 36
Табела 7 Население во општина Конче на 31.12.2015 година, по пол ........ 55
Табела 8 Национална припадност на населението ........ 56
Табела 9 Образовна структура на невработените ........ 56
Табела 10 Физико хемиски карактеристики ........ 61
Табела 11 Преглед на евидентирани макрофитски видови и нивна сапробиолошка припадност ........ 68
Табела 12 Квалитативен состав на рибната населба ........ 69
Табела 13 ЗОЛ - Мантовско Езеро и река Лакавица ........ 78
Табела 14 План за мониторинг ........ 108

## ЛИСТА НА АКРОНИМИ

НЕАП - Национален Еколошки Акционен План

ОВЖС - Оцена на влијанијата врз животната средина

СОЖС - Стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина

МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање

ДУПД - Државно урбанистичка планска документација

ЈКП - Јавно Комунално Претпријатие

КО - Катастарска општина

# 1 ВОВЕД

Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето на кое се планира изградба на нов и современ комплекс, кој ќе ги задоволи потребите за тренинг обука за припадниците на МВР-УБК, Агенцијата за планирање на просторот, по нарачка на Министерството за внатрешни работи - Управа за безбедност и контраразузнавање и Министерството за транспорт и врски, започна постапка за изработка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче (во понатамошниот текст ДУПД или планска документација).

Изработката на ДУПД произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Законот за градење („Службен бесник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18) и подзаконските акти, како и Годишната Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, Регулациски планови на Генерални урбанистички планови, Урбанистичко-планска документација и Урбанистичко-проектни документации за 2019 година („Службен бесник на РМ“ бр.16/19), ***точка 1.5, која гласи: Изработка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче***.

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 88/19), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Врз основа на горенаведеното, како и склучениот Договор за јавна набавка за изработка на извештаи за стратегиска оцена на влијанието на животната средина помеѓу Агенцијата за просторно планирање (бр. 0506-16/23 од 29.10.2018) и Друштвото за Еколошки Консалтинг ДЕКОНС-ЕМА“ увоз-извоз Скопје (бр. 0307-75/1 од 30.10.2018), договорните страни потпишаа Протокол бр.1, консултантскиот тим на Друштвото за Еколошки Консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА“ да подготви Извештај за стратегиска оцена на животната средина за ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, тех. бр. Н0119, со површина од 40,022 ha (Агенцијата за просторно планирање: бр. 0507-337/2 од 22.07.2019, Друштвото за Еколошки Консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА“ увоз-извоз Скопје бр. 0307-34/1 од 25.07.2019).

# 2 ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Стратегиската оцена на животната средина е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми. Тоа е алатка која ќе го подобри севкупниот квалитет на планирањето и програмирањето на идните активности, овозможувајќи подобро разбирање на планирањето и подобри перспективи за одржливиот развој. Компонентите на СОЖС, односно нејзините цели се различни, но во оваа декада се препорачува и очекува дека климатските промени и биолошката разновидност се две силни компоненти кои треба да имаат предност при просторното планирање во Република Македонија.

## 2.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина

- Да обезбеди механизам за идентификација, опис, евалуација и известување за влијанијата/ефектите на планскиот документ врз животната средина;
- Одговорните органи (донесувачите на планскиот документ) да подготват извештај за можните значајни влијанија на планскиот документ врз животната средина и анализа на реални алтернативи;
- Да се спречат, намалат и неутрализираат негативните влијанија врз животната средина. Зголемувањето на позитивните влијанија може, исто така, да биде придобивка од СОЖС процесот;
- Да се обезбедат пообемни консултации и ангажирање на заинтересираните страни, други одговорни тела, органи на власта и јавноста уште во раната и ефективна фаза на подготовка на планскиот документ;
- Да се обезбеди мислење од јавноста (извештаи од консултации со јавноста) со која ќе се прикаже како резултатите од оцената на животната средина и мислењата, презентирани за време на постапката за СОЖС, се земени предвид во конечната верзија на планскиот документ;
- Да обезбеди следење на значајните влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ од страна на надлежните органи, обезбедувајќи на тој начин идентификација на непредвидените негативни влијанија во рана фаза на имплементација на планскиот документ и преземање мерки за подобрување на состојбата, кога тоа е потребно.

Придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина се:

- Флексибилност и консензус во процесот на планирање;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Меѓусекторска соработка;
- Земање предвид на националните, регионалните и локалните потреби и цели;
- Земање предвид на целите за заштита на животната средина;
- Конзистентност со стратешките определби за одржлив развој;
- Добивање вистинити и реални информации, кои ќе им помогнат на носителите на одлуки на повисоко ниво во донесување на истите.

## 2.2 Правна рамка со која се регулира постапката за Стратегиска оцена на животната средина

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во поглавје X од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16,

88/19), при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, *просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето*, на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/07);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/11).

При подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, земена е предвид и Директивата 2001/42/ЕС на Европскиот Парламент и Советот од 27 јуни, 2001 година за оцена на влијанијата на одредени планови и програми врз животната средина (во понатамошниот текст: Директива за СОЖС), која е транспонирана во македонското законодавство, како и искуствата на некои од земјите членки на ЕУ.

## 2.3 Интегрирање на постапките за подготовка на СОЖС и ДУПД

СОЖС постапката се спроведува паралелно со постапката за подготовка на ДУПД. Интегрирањето на двете постапки се постигна преку блиска соработка на проектните тимови (СОЖС и ДУПД) и клучните учесници, преку преглед на литература, состаноци и сл.

Во табелата подолу се идентификувани клучните учесници во постапката за подготовка на ДУПД и спроведувањето на СОЖС.

**Табела 1** Клучни учесници за спроведување на постапките за подготовка на ДУПД и СОЖС

| | |
|---|---|
| **Целни групи** | Министерство за животна средина и просторно планирање; |
| | Агенција за планирање на просторот, |
| | Министерство за внатрешни работи; |
| | Министерство за транспорт и врски; |
| | Министерство за здравство; |
| | Министерство за економија; |
| | Министерство за локална самоуправа; |
| | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; |
| | Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство; |
| | Министерство за труд и социјална политика; |

Локална самоуправа на општина Конче;
А.Д. "Водостопанство на Република Македонија",
Дирекција за заштита и спасување;
Центар за управување со кризи;
ЕВН;
МЕПСО;
ЈПДП;
ГАМА,
АЕК;
Македонски телекомуникации;
Оператори во мобилна телефонија;
Агенција за цивилно воздухопловство;
ЈП „Македонски шуми";
Комунални претпријатија;
Јавни претпријатија;
Здруженија на граѓани и др.

Интегрирањето на постапката за СОЖС и подготовката на ДУПД е дадена во следниот дијаграм:




**Слика 1** Интегрирање на постапката за СОЖС и подготовката на ДУПД

## 2.4 Методологија за СОЖС

### 2.4.1 Постапка за СОЖС

Постапката за СОЖС се спроведува во неколку фази/чекори:

| Фази на СОЖС | Опис | Консултации | |
|---|---|---|---|
| | | Засегнати органи | Јавност |
| **Проверка** | Се утврдува дали Планот ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС | √ | |
| **Определување на обемот** | Се определува обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС | √ | √ |
| **Извештај за СОЖС** | Се обезбедуваат детални информации за резултатите од СОЖС, вклучувајќи информации за аспектите кои биле предмет на оцена, како и очекуваните влијанија (позитивни и негативни) врз животната средина и социјалните аспекти од имплементација на планскиот документ. Извештајот идентификува и активности за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значителните негативни влијанија. | √ | |
| **Консултации со јавноста** | Консултација со страните и засегнатата јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, Извештајот за СОЖС и обезбедување јавен увид (објавување) за истите. | √ | √ |
| **Прифаќање** | Се обезбедуваат информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на планскиот документ. | √ | |
| **Мониторинг** | Се овозможува следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, со цел одговорните власти да преземат мерки за намалување на негативните влијанија и подобрување во текот на имплементацијата на планските документи. | √ | |

Чекорите/фазите на постапката за СОЖС се презентирани во следниот дијаграм.




**Слика 2** Чекори/фази на СОЖС

### 2.4.2 Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста

Имајќи ја предвид основата за донесување на ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, се пристапи кон утврдување на потребата за спроведување на СОЖС, како и утврдување на обемот на Извештајот, изразени преку подготовка на Формулари, Одлука за спроведување на постапката за СОЖС, како и друга пропратна документација.

Целта на фазата за определување на обемот е идентификација на клучните прашања за животната средина, кои треба да бидат опфатени со оцена на влијанијата на планскиот документ врз животната средина. Оваа фаза од постапката за СОЖС вклучува преглед на други релевантни планови, програми и цели на животната средина, основни информации за животната средина и предложени активности и политики разработени во планскиот документ. Сите споменати информации овозможуваат утврдување на обемот на СОЖС и идентификување на прашања од областа на животната средина кои треба да бидат опфатени со планскиот документ.

Нивото на детали содржано во СОЖС е определено од:

- Местото на планскиот документ во хиерархијата на планирање и донесување одлуки, како и нивото на детали на политиките утврдени со истата;
- Степенот на влијание на планскиот документ врз животната средина;
- Достапноста на постоечки информации при подготовката на СОЖС.

Обемот на Извештајот за СОЖС ги опфаќа сите теми на животната средина, дефинирани со Директивата за СОЖС, односно население и човечко здравје, биолошка разновидност, предел, воздух и климатски промени, води, почви, културно и природно наследство и материјални добра.

Подготвените документи и донесената Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина, потпишана од страна на Министерот за транспорт и врски, со пропратната документација беа доставени до надлежниот орган-МЖСПП.

Врз основа на поднесената документација, МЖСПП издаде Мислење (арх. бр. УП1-15-865/2019 од 11.06.2019, приложено во Додаток 1 на овој документ), со кое ја потврдува потребата за спроведување СОЖС, а исто така го потврди и обемот на СОЖС.

#### 2.4.2.1 Учество на јавноста

Во согласност со барањата, дефинирани со Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми кои се однесуваат на животната средина, постапката за СОЖС започнува со подготовка на Формулари и Одлука за спроведување на СОЖС, постапка во која се вклучуваат засегнатите органи.

Во фазата на определување на потребата за спроведување СОЖС, Министерството за транспорт и врски ги идентификуваше органите засегнати од имплементација на ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче.

Подготвената Одлука за спроведување на постапката за СОЖС, Формуларот и Документот за главните цели на урбанистичкиот план со целите на релевантни национални плански документи беа објавени на веб страната на Министерството за транспорт и врски и беа јавно достапни за увид во период од 15 дена. Во овој период, не беа поднесени коментари, предлози, ниту жалби на објавената одлука и придружните документи.

Соодветно, Нацрт Извештајот за СОЖС ќе биде достапен за увид на јавноста на веб страната на Министерството за транспорт и врски, во период од 30 календарски дена.

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки во однос на ДУПД, ќе се одржи јавна расправа по нацрт ДУПД и нацрт Извештајот за СОЖС.

Сите аргументирани мислења на јавноста, ќе бидат вклучени во финалниот Извештај за СОЖС на планскиот документ.

### 2.4.3 Клучни елементи/информации во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина

Во согласност со барањата на Уредбата за содржината на извештајот за СОЖС и Директивата за СОЖС, овој Извештај содржи:

- Краток преглед на содржината, главни цели на ДУПД и поврзаност со други релевантни планови или програми;
- Информации за моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило без имплементација на ДУПД;
- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Постојни проблеми во животната средина, кои се релевантни за планскиот опфат, вклучувајќи ги оние кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и живеалиштата;
- Целите на заштита на животната средина одредени на национално или меѓународно ниво, релевантни за ДУПД и начинот на кој тие цели се земени предвид при неговата изработка;
- Веројатни значајни влијанија врз животната средина, вклучувајќи и прашања, како што се биолошка разновидност, население, човеково здравје, фауна, флора, климатски

фактори, материјални добра, културно наследство, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство, предел, како и меѓузависност на овие фактори;

- Мерки за заштита, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значајните негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на ДУПД;
- Анализа на алтернативи;
- Опис на предвидените мерки во врска со мониторингот, а во согласност со законските обврски.

## 2.5 Спроведени СОЖС активности

| Период | Степен на подготовка/фаза |
|---|---|
| Јуни, 2019 | Донесување Одлука за спроведување СОЖС (24-5108/1 од 06.06.2019) |
| | Објавување на нацрт Планот и нацрт Извештајот за СОЖС на веб страната на Министерството за транспорт и врски |
| | Консултации со јавноста и заинтересираните страни во однос на нацрт Планот и нацрт Извештајот за СОЖС |
| | Одржана јавна расправа по нацрт Извештајот за СОЖС и Планот |
| | Завршени консултации со јавноста |
| | Финализирање на Извештајот за СОЖС |
| | Финално мислење по Извештајот за СОЖС - негово објавување |
| | Прифаќање на Планскиот документ |

# 3 КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

## 3.1 Краток преглед и содржина на планскиот документ

Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето на кое се планира изградба на нов и современ комплекс, кој ќе ги задоволи потребите за тренинг обука за припадниците на МВР-УБК, Агенцијата за планирање на просторот по нарачка на Министерството за внатрешни работи - Управа за безбедност и контраразузнавање и Министерството за транспорт и врски, започна постапка за изработка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче.

Подрачјето на планскиот опфат наменет за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, зафаќа површина од 40,022 ha (400226.765 $m^2$) и периметар од 5076.686 m`.

Со Државната Урбанистичко Планска Документација на планскиот опфат се планира да се постават:

**Група на класа на намена – В (Јавни институции)**

− Основна класа на намена – В4 (Државни институции), со можност на вградување на компатибилни класи на намена.

Во тренинг центарот како содржини на наведената основна класа на намена треба да се планираат: сместувачки капацитети (објект за сместување на професори, објект за сместување на студенти, VIP – сместување), стрелиште, објект со училници, кујна со трпезарија, амбуланта, фитнес, портирница, магацини, како и останати содржини во зависност од потребите на центарот.

Насоките за планирање на просторот произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија, врз чија основа од страна на Агенцијата за планирање на просторот се изработени Услови за планирање за Државна урбанистичко-планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче со тех. бр. Y06319, а од страна на МЖСПП е издадено Решение за услови за планирање (бр. УП1-15-592/2019 од 10.05.2019 год), потоа Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога, Одобрена Планска програма со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски Арх. Бр. 24-6529/3 од 18.07.2019 год., како и податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку информацискиот систем е-урбанизам.

Во согласност со дописот доставен преку веб сервисот е-урбанизам од страна на надлежната општина Конче (бр. 12-453/2 од 15.04.2019 год.), предметниот плански опфат и неговата непосредна околина не се третирани со Урбанистички план или Урбанистичко-планска документација. Планскиот опфат е во рамките на Просторниот план на Република Македонија (2004-2020 год.).

Сите податоци, информации и мислења добиени од релевантните стручни служби се приложени во Додаток 1, од овој документ.

### 3.1.1 Опис на постојна состојба

Предвидениот плански опфат за кој се изработува Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, се наоѓа југо-западно од градот Радовиш, на брегот од езерото Мантово. На следните слики е прикажана местоположбата на планскиот опфат.




**Слика 3** Местоположба на планскиот опфат




**Слика 4** Приказ на планскиот опфат на топографска карта во размер 1:10 000




**Слика 5** Приказ на планскиот опфат на сателитска снимка

Теренот на планскиот опфат е со висинска разлика од 60 m’ (402-462 m н.в.) и просечен наклон од 4-12% додека максималниот наклон изнесува и до 24%. На следните слики е прикажан наклонот на теренот на планскиот опфат.




**Слика 6** Наклон Север-Југ на теренот на планскиот опфат




**Слика 7** Наклон Исток-Запад на теренот на планскиот опфат

Планскиот опфат зафаќа површина од 40,022 ha, дефинирана со следните катастарски парцели: КП 289/1, КП 290/1, КП 291/2 КО Загорци, КП 3/1, КП 2/1 КО Скоруша, КП 293/2, КП 292/1 КО Загорци, КП 12, КП 8/1, КП 11, КП 249/4, КП 249/2, КП 249/3, КП 13, КП 14, КП 24/1, КП 249/1, КП 248/2, КП 21/1, КП 15/1, КП 16/1, КП 245/1, КП 246/1, КП 247/1, КП 247/2, дел од КП 248/1, КП 246/4, КП 304/2, КП 246/3, КП 246/2, КП 251/1, КП 251/2, дел од КП 251/3 КО Скоруша, КП 298/1, КП 299, КП 311, КП 312, КП 313/1, КП 314, КП 315, КП 316, КП 318, дел од КП 304/1, КП 307/1, КП 308, КП 309, КП 310, КП 304/4, КП 305, КП 306 КО Загорци, дел од КП 252/1, КП 253, КП 254, КП 255/2, КП 256/1, КП 257, КП 258, КП 259, КП 260/1, КП 678/1, дел од КП 678/3, КП 690/2, КП 691, КП 692/1, КП 678/4, КП 698, КП 678/2 КО Скоруша, дел од КП 332/3, дел од КП 336/1, КП 334/3, дел од КП 392, дел од КП 263/1, КО Загорци, општина Конче.

Ажурирана геодетска подлога на планскиот опфат е прикажана на следната слика.




**Слика 8** Ажурирана геодетска подлога

Границата на планскиот опфат е дефинирана со:

- На запад дефинирана е со граница на КП 298/1, КП 313/1, КП 311, КП 304/1, КП 310, КП 309, КП 308, КП 307/1, КП 306, КП 305, КП 304/4, КП 334/3, низ КП 332/3, низ КП 336/1 КО Загорци и низ КП 678/3 КО Скоруша.

- На југ дефинирана е со граница на КП 332/3, КП 304/4, низ КП 392 КО Загорци, со граница на КП 692/1, низ КП 678/4, низ КП 698, со граница на КП 678/2 и низ КП 678/3 КО Скоруша.

- На исток дефинирана е со граница на КП 260/1, КП 259, КП 253, низ КП 263/1, со граница и дел од КП 252/1, со граница на КП 246/3, КП 251/1, со граница и дел од КП251/3, со граница на КП 246/1, КП 245/1, КП 15/1, КП 16/1, КП 21/1, КП 24/1 КО Скоруша.

- На север дефинирана е со граница на КП 8/1, КП 2/1, КП 3/1 КО Скоруша, КП 291/2, КП 289/1, КП 290/1, КП 292/1, КП 293/2 КО Загорци, КП 249/2, КП 249/4, КП 249/1, КП 248/2, КП 247/2, со граница и дел од КП 248/1, со граница на КП 246/4 КО Скоруша, КП 304/2, КП 318, КП 304/1, КП 298/1, КП 299 КО Загорци.

На јужната страна од локацијата има постоен локален земјен пат за кој е планирано да се изработи проект за инфраструктура. На северната страна опфатот граничи со постојна Акумулација Мантово која е со планирана највисока кота на водостој од 402,5 м.н.в. Од запад планскиот опфат граничи со пороите Загоречка Река, а од исток со Студена Вода.

Земјиштето во планскиот опфат доминантно е земјоделско и шумско земјиште во државна сопственост и нема евидентирано градби, односно нема евидентирано градежен фонд.

Во согласност со условите за планирање на просторот (тех. бр. Y16517), предметната локација навлегува во заштитна зона на аеродромот во Скопје, додека во доставениот допис од Агенцијата за цивилно воздухопловство (12-8/194 од 11.04.2019) е потврдено дека планскиот опфат е вон зони на било кој аеродром.

**Сообраќајна инфраструктура:** Во границите на планскиот опфат нема изградено сообраќајна инфраструктура. Сообраќајниот пристап до центарот ќе биде преку постоен локален пат кој се поврзува со регионалната патна мрежа Р1103 и Р2433, а сообраќајното поврзување со поширокиот регион е преку магистралниот пат со ознака А4 - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село). Во согласност со дописот од ЈПДП (10-4471/2 од 23.04.2019) констатирано е дека покрај предвидениот плански опфат не поминува државен пат кој е во надлежност на ЈПДП.

***Водоснабдување, одведување на отпадни води, наводнување***: Во границите на планскиот опфат нема изградена инфраструктура за: водоснабдување, одведување на отпадните води и наводнување на обработливите површини.

***Електроенергетска инфраструктура:*** Според податоците за постојна преносна и дистрибутивна мрежа добиени од АД МЕПСО (11-2272/1 од 12.04.2019) и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ((10-1458/2 14.04.2019), во рамки на планскиот опфат на ова ДУПД нема изградено постојна електроенергетска мрежа.

***Електро комуникациска инфраструктура:*** Според добиените податоци за постојната телефонска мрежа добиени од АЕК (1404-1332/2 од 22.04.2019) и Македонски Телекомуникации (07-245507/1 од 19.04.2019), во планскиот опфат нема постојни и планирани телекомуникациски мрежи.

***Јавно осветлување:*** Во планскиот опфат нема инсталација за јавно осветлување.

***Гасоводна инфраструктура*:** Во согласност со известувањето од ГАМА, во планскиот опфат нема траса на планиран или изведен гасовод**.** Исто така во дописот добиен од МЕР (03-2406/2 од 12.04.2019) е констатирано дека во планскиот опфат нема изградено и не е планирана гасоводна мрежа.

***Културно наследство:*** Во согласност со дописот од Министерството за култура, Управа за заштита на културното наследство (17-1658/2 од 15.04.2019), во рамките на планскиот опфат не

постои заштитено културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Во согласност со мислењето од Дирекцијата за заштита и испасување (09-64/2 од 17.04.2019) во рамките на планскиот опфат нема планирани објекти и инсталации за заштита и спасување.

На следните слики прикажана е состојбата на планскиот опфат, како и дел од неговото опкружување (увид од извршената теренска посета).













**Слика 9** Постојна состојба во планскиот опфат

Билансните показатели за постојната состојба на планскиот опфат се прикажани во следната табела.

**Табела 2** Билансни показатели за постојна состојба

| ДУПД за ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК, КО Загорци и КО Скоруша, о. Конче Н0119 | |
|---|---|
| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | |
| НАМЕНА | ПОВРШИНА ($m^2$) |
| НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 398,025 |
| НЕКАТЕГОРИЗИРАН ЗЕМЈЕН ПАТ | 2,201 |
| Вкупно: | 400,226 |

На следните слики е даден графички приказ на планскиот опфат.



**Слика 10** Инвентаризација на изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура



**Слика 11** Документациона основа

### 3.1.2 Планирана состојба

Државната Урбанистичко Планска Документација е изработена за локација дефинирана со линија и прекршни точки, во рамки на земјиште кое е во државна сопственост. Планскиот опфат зафаќа вкупна површина од 40,022 ha и периметар од 5076.686 m`. Границите на планскиот опфат се дефинирани со следните координати:

**Табела 3** Граници на планскиот опфат

| Нај | X | Y |
|---|---|---|
| **Северна** | 7611156.510 | 4604399.530 |
| **Источна** | 7611408.940 | 4603939.660 |
| **Јужна** | 7610868.854 | 4603322.541 |
| **Западна** | 7610758.681 | 4603579.024 |

На ниво на планскиот опфат формирана е 1 (една) градежна парцела (1.01).

Со Државната Урбанистичко Планска Документација, се предвидуваат следните намени на земјиштето (дефинирањето е според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за

урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18):

• Група на класа на намена - В (Јавни институции):

− Основна класа на намена В4 (Државни институции) - Специјални намени (Тренинг центар на МВР-УБК) со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните.

Нумерички и билансни показатели за ДУПД за Тренинг центар МВР-УБК, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче се дадени во следните табели.

**Табела 4** Нумерички показатели

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ДУПД за ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК, КО Загорци и КО Скоруша, о. Конче Н0119 | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БЛОК | Г.П. Бр. | ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ | ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА | ПОВРШИНА НА Г.П. (m²) | МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА ПРИЗЕМЈЕ (m²) | МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА СИТЕ НИВОА (m²) | МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА НИВОИ (КАТНОСТ) | МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%) | МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (k) | МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ (m') | ПАРКИРАЊЕ |
| 1 | 1.01 | В - Јавни иституции | В4 - Државни институции | Б1, Б2, Б3, Б4, В3 и В3 | 399.843 | 119.953 | 479.812 | 4 | 30 | 1.20 | АУП | АУП |
| Вкупно: | | | | | 399.843 | 119.953 | 479.812 | | 30 | 1.20 | | |
| * ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.01 ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ИЗРАБОТИ АУП | | | | | | | | | | | | |
| * СЕ ДОЗВОЛУВА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈА, ПРЕНАМЕНА, ФОМИРАЊЕ НА НОВИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ И ПРОМЕНА НА ИНФРАСТРУКТУРА СОГЛАСНО ЧЛЕН 51 СТАВ 4 АЛИНЕЈА ПРВА ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (Сл. Весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) | | | | | | | | | | | | |
| * СЕ ДОЗВОЛУВА ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕ ГРАДБИ ВО РАМКИ НА ЕДНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО АУП | | | | | | | | | | | | |
| * СЕ ДОЗВОЛУВААТ ПРЕЧЕКОРУВАЊА ВО ОДНОС НА ГРАДЕЖНАТА ЛИНИЈА И ПОВРШИНАТА ЗА ГРАДБА СОГЛАСНО ЧЛЕН 36 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (Сл. Весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) | | | | | | | | | | | | |
| * СЕ ДОЗВОЛУВА ПЛАНИРАЊЕ НА КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНА СОГЛАСНО СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (Сл. Весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) | | | | | | | | | | | | |
| * ПАРКИРАЊЕТО СЕ ПЛАНИРА ВО СОПСТВЕНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО АУП | | | | | | | | | | | | |
| * СЕ ДОЗВОЛУВА ПЛАНИРАЊЕ НА ГРАДБИ ВО РАМКИ НА ЗАШТИТНИОТ ПОЈАС НА ЕЗЕРО МАНТОВО СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВОДИ | | | | | | | | | | | | |
| * ДОКОЛКУ СО АУП СЕ ПРЕДВИДИ ИЗГРАДБА НА ИЗДВОЕНИ АНТЕНСКИ СТОЛБОВИ СО ВИСОЧИНА ПОГОЛЕМА ОД 15м, ОЏАЦИ СО ВИСОЧИНА ПОГОЛЕМА ОД 30м, ВЕТЕРНИЦИ ИЛИ ДРУГИ ОБЈЕКТИ СО ВИСОЧИНА ПОГОЛЕМА ОД 100м, ИНВЕСТИТОРОТ Е ДОЛЖЕН ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ДА ДОСТАВИ БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ | | | | | | | | | | | | |
| * СЕ ДОЗВОЛУВААТ ПОДЗЕМНИ ГРАДБИ ВО РАМКИ НА ПОВРШИНАТА ЗА ГРАДБА И ИСТИТЕ НЕ ВЛЕГУВААТ ВО РАМКИ НА НУМЕРИЧКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | | | | | | | | |
| * ДА СЕ ПОЧИТУВА ЗАШТИТНИОТ ПОЈАС НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПАТИШТА | | | | | | | | | | | | |

**Табела 5** Билансни показатели за планирана состојба

| ДУПД за ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК, КО Загорци и КО Скоруша, о. Конче Н0119 | |
|---|---|
| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | |
| НАМЕНА | ПОВРШИНА (m²) |
| В4 - ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | 399.843 |
| ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА | 383 |
| Вкупно: | 400.226 |

<u>**Сообраќајно решение:**</u> Сообраќајниот пристап се предвидува да биде преку локален пат кој поминува покрај локацијата. За истиот потребно е да се изработи Проект за инфраструктура.

* <u>Улична мрежа</u>

Планираната улична мрежа вон планскиот опфат се состои од локален пат. Преку локалниот пат планирано е поврзувањето со основната патна мрежа на Република Македонија.

Планираните сообраќајници се со следна структура на сообраќајните профили (согласно проект за инфраструктура):

**Локален пристапен пат**

коловоз....................................................... 2 x 3,00 = 6,00 m’

банкини ..................................................... 2 x 1,50 = 3,00 m’

-------------------------------------------------------------------------------------

вкупно : 9,00 m’

Уличната мрежа во рамки на градежната парцела ќе се планира со Архитектонско урбанистички проект.

* Стационарен сообраќај - паркирање

Стационарниот сообраќај - паркирање на моторните возила се предвидува да се реши во склоп на градежната парцела во следна фаза со изработка на Архитектонско-урбанистички проект.

**Водоснабдување**: За покривање на потребите од вода (санитарна и техничка) во тренинг центарот како изворници може да се користат водите од акумулацијата „Мантово“ или подземни води.

Доколку се користат води од акумулацијата, начинот на користењето мора да биде врз услови кои ќе ги дефинира АД „Водостопанство“ на РСМ, како субјект кој управува со системот „Мантово“.

Доколку се користат подземни води (бунари) потребно е претходно да се извршат хидрогеолошки истражувања со кои ќе се утврди режимот на хранење на бунарите и квалитетот на подземните води.

Површинските и/или подземните води кои ќе се користат како санитарна вода треба да бидат подложени на соодветен третман на пречистување, со што нивниот квалитет ќе ги исполнува условите за хигиенски исправна санитарна вода.

За рационално користење на водата потребно е во границата на планскиот опфат да се предвидат две независни водоснабдителни мрежи - за санитарна и за техничка вода.

Потребите од санитарна и од техничка вода и изградбата на инфраструктурата ќе бидат дефинирани со планови од пониско ниво, каде ќе бидат дефинирани намената на површините и нивниот капацитет.

**Одведување на отпадни води:** За одведување на фекалните отпадни води потребно е изградба на систем за прифаќање и третман на отпадните води.

Изградбата на фекалната канализациска мрежа и третманот на отпадните води (заедничка или локални пречистителни станици) ќе бидат дефинирани со планови од пониско ниво каде ќе бидат дефинирани намената на површините и нивниот капацитет.

Атмосферските води ќе бидат прифатени со канали изведени покрај уличната мрежа. Пред да бидат испуштени во реципиентот ќе бидат подложени на третман во маслофаќачи.

**Електронско енергетска инфраструктура:** за електроенергетската инфраструктура во градежната парцела треба да се изработи Архитектонско-урбанистички проект, за истата која е вон планскиот опфат и Проект за инфраструктура. Во градежната парцела се дозволува поставување на една или повеќе дистрибутивни трафостаници во зависност од потребите и барањата на идните корисници. Трафостаниците може да се изградени во било кој дел од површината за градба.

Приклучок на трафостаниците од градежната парцела во електромрежа, ќе се изврши според добиената согласност и мрежните правила кои што инвеститорот треба да ги побара од овластен оператор на дистрибутивна електрична енергија во Македонија.

Со оваа планска документација предвиден е приклучен 20(10)kV подземен среднонапонски електрокабел, кој потоа според условите од овластен оператор на дистрибутивна електрична енергија во Македонија ќе се приклучи во соодветната електромрежа.

**Електронско енергетска инфраструктура:** За создавање на услови за користење на информатичка технологија, широкопојасен интернет, размена на податоци и други комуникациски услуги, неопходно е да се изгради соодветна електронско-комуникациска пристапна мрежа.

На идните корисници на просторот опфатен со ова ДУПД им се создава можност да се приклучат на оператор за кој што тие ќе се определат. До градежната парцела предвидени се инфраструктурни коридори во кои ќе бидат поставени и електронско-комуникациските кабли. За електронско-комуникациската инфраструктура во градежната парцела треба да се изработи Архитектонско-урбанистички проект.

Се препорачува мрежа изградена со оптички кабли, кои ќе се приклучат во постојната електронско-комуникациската мрежа. Целокупната изведба на електронско-комуникациската инсталацијата треба да се изврши почитувајќи ги позитивните закони и правилници.

Со оваа планска документација предвиден е приклучен подземен електронско комуникациски кабел, кој потоа според условите од овластен оператор во Македонија ќе се приклучи во електронско-комуникациската мрежа.

**Јавно осветлување:** За осветлување на сообраќајниците предвидени се натриумови високопритисочни сијалици од 100-150W, кои ќе се монтираат на столбови со височина од 6-10 m. Столбовите се предвидува да се постават надвор од коловозните површини.

Растојание меѓу столбовите на сообраќајници изнесува 15-25 m.

За јавното осветлување на сообраќајниците неопходно е да се изработи светлотехничка пресметка.

Каблите (0,4kV) за јавно осветлување ќе бидат поставени во инфраструктурни коридори како и во пластични цевки ø110mm при премин под сообраќајница.

**Елементи на обликување на градежните објекти:** За сите градби ќе се предвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со максимална термичка и звучна изолација со цел заштеда на енергија и одржлив развој, а со цел заштита на животната средина (Агенда 21).

На следнита слика е прикажана планираната состојба во планскиот опфат:



**Слика 12** Синтезен план

## 3.2 Предмет и главни цели на Планскиот документ

***Предмет на планската документација*** е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, односно урбанизација на простор за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче.

Државната Урбанистичко-Планска Документација како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирани организирани простори и одредување на намена за градежната парцела, со компатибилни класи на намени на основната класа на намена, планирање на површини за градба, на градби со придружни и пратечки содржини, дефинирање на оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни решенија.

Државната Урбанистичко-Планска документација, која претставува основен развоен документ, има крајна цел преку:

– рационално користење на земјиштето;

– максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;

– оформување архитектонска целина;

– почитување и заштита на правото на човекот на работа;

– почитување и валоризација на културното и градителското наследство;

– вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;

– подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет;

– вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;

– вградување мерки за заштита и спасување;

– почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

– почитување на законските прописи за дадената намена

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Архитектонско – урбанистички проект, Проекти за инфраструктура и Основни проекти за градежната парцела.

## 3.3 Корелација на целите на Планот со други релевантни планови и програми/плански документи и цели на заштита на животната средина

Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес, кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Еден од најголемите предизвици на политиката на животната средина е остварувањето на оптимален баланс меѓу економската, социјалната и еколошката димензија на развојот, со што се обезбедува реално оправдан и одржлив развој.

Дел од целите на заштитата на животната средина, дефинирани на национално и меѓународно ниво, ќе бидат инкорпорирани при подготовка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, како и во периодот на неговата имплементација.

Како што претходно е спомнато, планскиот опфат досега не е урбанизиран и третиран со друга планска документација. Насоките за урбанизација на планот произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија чии насоки се земени во предвид при изработката на Условите за планирање на просторот за Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, изработени од страна на

Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y06319, а од страна на МЖСПП е издадено Решение за услови за планирање (бр. УП1-15 592/2019 од 10.05.2019 год.).

Условите за планирање претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Република Македонија и во согласност со истиот.

Во Условите за планирање, произлезени од Просторниот План на Република Македонија акцент се става на бонитетот на земјоделското земјиште, на економските основи за просторен развој, на водостопанска инфраструктура, енергетска и комуникациска инфраструктура, сообраќај и врски, на заштитата на животната средина, заштита на природното и културното наследство, како и на заштитата и спасувањето од елементарни непогоди, несреќи и хаварии.

Во следната табела е даден краток преглед на целите на други релевантни локални, регионални и национални плански документи, во корелација со целите и активностите кои ги предвидува Планот.

**Табела 6** Корелација на целите на Планот со целите на релевантните национални, регионални и локални плански и стратешки документи

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Национални стратешки/плански документи** | | |
| **Просторен план на Република Македонија (2002-2020)** | -Зголемување на вработеноста и постојано подобрување на материјалните, културните, општествените и другите услови за живот и работата на граѓаните;<br>-Остварување на порамномерен регионален развој, со побрз развој на стопански недоволно развиените краишта;<br>-Остварување на рационално користење, организирање и уредување на просторот со рационално разместување на производните сили;<br>-Подобрување на степенот на искористеноста на енергетскиот систем и зголемување на неговата флексибилност и сигурност;<br>-Подобрување на енергетската ефикасност-употреба на поквалитетни горива и пречистување на гасовите пред испуштањето во средината;<br>-Заштеда на енергија од индустриско производство, аграр, енергетика и комунални дејности;<br>-Обезбедување доволно количини квалитетна вода за пиење и ревитализација и модернизација на системите за наводнување и водоснабдување;<br>-Транспортен систем со минимални штетни влијанија на транспортот врз животната средина;<br>-Утврдување на програмски индикатори и мониторинг за следење на здравствената состојба на населението, во релација со квалитетот на средината;<br>-Зачувување и заштита на сите простори (места) со исклучиви и неповторливи природни вредности од значење за научната, културно образовната, воспитната, рекреативната и други функции. | *Усогласеност*: Изработката на ДУПД се темели на основните принципи, развојни цели и одредби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија во однос на просторниот и социо економскиот развој, користењето и намената на земјиштето, искористувањето на ресурсите, заштита на просторите кои располагаат со природни вредности, заштита на животната средина и сл.<br>Имплементацијата на Планот ќе придонесе за создавање услови за реализација на националните интереси во планското подрачје, при што урбанизацијата ќе се темели на принципите на одржливиот развој. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009-2019)** | Главните стратешки цели на Стратегијата се:<br>-Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој;<br>-Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија помеѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија.<br>За постигнување на овие цели дефинирани се приоритети:<br>***Стратешка цел 1:***<br>*Приоритет 1.1*. Поттикнување на економскиот раст во планските региони,<br>*Приоритет 1.2.* Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони,<br>*Приоритет 1.3.* Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони,<br>*Приоритет 1.4*. Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони,<br>*Приоритет 1.5.* Креирање на конкурентски предности на планските региони,<br>*Приоритет 1.6*. Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони,<br>*Приоритет 1.7*. Заштита на животната средина во планските региони<br>***Стратешка цел 2:***<br>*Приоритет 2.1.* Демографска ревитализација и порамномерна дистрибуција на населението помеѓу и внатре во планските региони, | *Усогласеност:* Одредбите и целите на ДУПД како и предвидените мерки и активности ќе допринесат за економски развој, заштита и оптимално користење на природните ресурски, односно одржив развој. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | *Приоритет 2.2.* Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони,<br>*Приоритет 2.3*. Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите,<br>*Приоритет 2.4.* Подигнување на степенот на социјален развој во планските региони,<br>*Приоритет 2.5.* Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби,<br>*Приоритет 2.6*. Развивање на прекугранична и меѓусебна соработка на планските региони,<br>*Приоритет 2.7.* Подигнување на капацитетите за планирање и реализација на развојот во планските региони. | |
| **Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)** | Основни цели на Стратегијата за одржлив развој се:<br>-Да се користи механизмот за чист развој според протоколот од Кјото како дополнителна алатка за спроведување на проекти за намалени емисии на стакленички гасови и поттик на руралниот развој.<br>Исто така, во Стратегијата е ставен акцент на:<br>-Обезбедување заштита на природата во Македонија базирана на принципите на „Натура 2000“ мрежата преку засилена имплементација на Стратегијата за биолошка разновидност и Акциониот План;<br>-Промовирање нова мрежа за мониторинг на животната средина;<br>-Контрола на квалитетот на воздухот и да се намалат заканите по човековото здравје и функционирањето на екосистемите; | *Усогласеност*: Во ДУПД се предвидува ефикасна организација и користење на просторот, одрживо искористување на ресурсите и зачувување и заштита на животната средина и животот на луѓето, со цел да обезбеди одржлив развој, а истовремено и заштита на животната средина.<br>Во ДУПД е земен предвид прифатениот концепт на Република Македонија за одржлив развој како начин кој води до економски напредок, социјална благосостојба и одржување рамнотежа во животната средина. Во ДУПД за заштеда на енергијата се планира на крововите и фасадите од објектите да се поставаат соларни колектори, со помош на кои ќе се врши загревање на санитарната и техничка вода. За зголемена енергетска ефикасност на градбите се препорачува примена на современи висококвалитетни градежни и други материјали. За заштита на акумулацијата „Мантово“ предвиден е заштитен појас. Во Планот се препорачува обезбедувањето со вода за задоволување на потребите на комплексот од вода (од акумулацијата или подземни води) да се |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | -Да се воведе управување со водните ресурси и да се намали загубата на вода и влијанието од загадувањето како основа за развој на планови за управување со речни корита;<br>-Да се поддржат шумскиот, земјоделскиот и руралниот развој, како основни економски активности во синергија со Планот за зачувување и управување на природните ресурси. | врши врз основа на обезбедени согласности од надлежните институции, додеда отпадните води да се подложат на третман пред финално испуштање во реципиент.<br>*Неусогласеност*: Земјиштето во планскиот опфат е земјиште под шуми и земјоделско земјиште (кое моментално не се обработува), кое располага со биолошка разновидност. За имплементацијата на Планот, овој вид земјиште треба да се пренамени во градежно земјиште.<br>Планскиот опфат не се наоѓа во подрачје кое со закон е прогласено за природно наследство, сепак опфатот е дел од значајно подрачје идентификувано на меѓународно ниво, односно Значајно подрачје за птици. Имплементацијата на планските содржини може да предизвика негативни влијанија врз живеалиштата и видовите врз основа на кои ова подрачје е идентификувано како значајно. Во ДУПД за заштита на населението и животинските видови предвидени се мерки за заштита од бучава, како звучна изолација на објектите, примена на заштитни бариери од бучава, со цел да се спречи вознемирување на евентуалните посетители на акумулацијата „Мантово", а исто така предвиден е мониторинг на бучава на 5 мерни места, потоа третман на отпадните води, пред финално испуштање во реципиент, управување со отпад во согласност со законските прописи и сл. |
| **Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште во Република Македонија (2012-2020)** | Главна цел на Стратегијата е надминување на неповолната структура на земјоделското земјиште како основен ресурс за економските активности, подобрување на условите за живот во руралните средини и обезбедување на одржлива употреба на природните ресурси.<br>Специфични цели на Стратегијата се:<br>-Намалување на расцепканоста на земјишните парцели во насока на нивно групирање и подобрување на локацијата на | *Неусогласеност*: Земјиштето во планскиот опфат е земјиште под шуми и земјоделско земјиште (кое моментално не се обработува), кое располага со биолошка разновидност. За имплементацијата на Планот, овој вид на земјиште треба да се пренамени во градежно земјиште. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | земјишните имоти во однос на поставеноста на земјоделското стопанство;<br>-Подобрување на неправилната форма на земјишните парцели заради примена на посовремените техники и технологии на производство;<br>-Зголемување на просечната големина на малите земјишни поседи;<br>-Обезбедување пристап на парцелите до новите или рехабилитирани системи за наводнување и обновената или новоизградена рурална патна инфраструктура;<br>-Намалување на површините на необработено и напуштено земјоделско земјиште;<br>-Минимизирање на негативните ефекти по оптималната земјишна структура при изведба на објекти од јавен интерес (патна, социјална или друга инфраструктура) или паралелно просторно реорганизирање на земјишните парцели заради подобрување на постојната неповолна структура;<br>-Подобрена еколошка заштита и одржливо управување со природните ресурси. | |
| **Национална Стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020)** | Главна цел на Стратегијата е зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство и прехранбената индустрија, развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси.<br>Ориентација кон потребите на потрошувачите и пазарните сигнали, да ја зголеми својата ефикасност во работењето, економијата на обем и адаптибилност на промените во насока на обезбедување на производ со поголема додадена вредност кој е атрактивен и квалитативно поразличен од конкуренцијата.<br>Во следниот период органското производство треба да ја подобри својата препознатливост на домашниот пазар и да ги зголеми капацитетите за пласман на надворешните пазари. | |

| **Релевантни национални/регионал ни/локални стратешки и плански документи** | **Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи** | **Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација** |
|---|---|---|
| | Одржливото искористување на ресурсите и условите во шумарството во развојот на руралните заедници и зачувување и унапредување на шумскиот фонд, како и зголемување на аквакултурното производство во земјава особено од автохтоните видови, одржливото рибарење и заштита на рибите, ќе бидат дел од целите во одржливото управување и унапредување на природните ресурси и живиот свет.<br>Клучните цели во насока на постигнување на одржливото управување и унапредување на природни ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени во следниот период се:<br>-Зачувување и унапредување на шумскиот фонд,<br>-Зголемување на аквакултурното производство и одржливо рибарење,<br>-Заштита на животната средина преку спроведување на добри земјоделски практики – вкрстена сообразност,<br>-Обезбедување на пазарно одржливо органско производство и поширока примена на агроеколошкиот пристап,<br>- Биодиверзитет - заштита на автохтоните раси и сорти,<br>-Ефикасно справување со отпадот од земјоделството, производство и употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството<br>-Прилагодување на земјоделскиот сектор кон климатските промени.<br>Како особено перспективни во следниот период ќе се акцентира понатамошниот развој на цвеќарството и производството на зачински и лековити растенија преку што може да се активираат површините кои не се доволно плодни и структурни за одгледување на градинарски растенија, но и развојот на органско производство на градинарски култури. | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (2006)** | Главните насоки/цели утврдени со Стратегијата се:<br>-Мултифункционално стопанисување со шумите и одржлив развој на шумарството;<br>-Зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните области;<br>-Зголемување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку заедничка стратегија за развој, со севкупна валоризација на нејзините општокорисни и социјални функции;<br>-Подобрување на можностите за изнаоѓање на национални и меѓународни фондови за поддршка на развојот на секторот<br>-Подигнување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите;<br>-Усогласување на шумарското законодавство со националните интереси и меѓународните обврски;<br>-Преземање потребни економски, фискални, финансиски и институционални мерки со цел да се подобри ефикасноста на стопанисувањето со шумите;<br>-Создавање потребни организациски структури за соодветен капацитет, заради обезбедување интегрирано управување со просторот;<br>-Да се осигура соодветно јавно финансирање на активностите поврзани со одржливото стопанисување на шумите, одржувањето на заштитните и јавните функции на шумите;<br>-Изработка на програми за адаптација на шумарство на климатските промени. | *Неусогласеност*: Имплементацијата на планските активности, односно идната урбанизација и користењето на земјиштето во планскиот опфат ќе допринесе за пренамена на шумско земјиште во градежно и отстранување на дрвна маса, што не е во корелација со целите на Стратегијата. |
| **Национална Стратегија за води (2011-2041)** | Главна цел на Стратегијата е зачувување на добра состојба на водата, спречување на загадувањето на водата, спречување на хидро-морфолошките промени и рехабилитација на статусот на водата каде што е нарушен. | *Усогласеност*: Во Планот се предвидени мерки во однос на управувањето со водите, односно во согласност со Законот за води обезбеден е заштитен појас во крајбрежниот простор кој изнесува 50 метри од највисокото ниво на водата во акумулацијата. Исто така во Планот дадени се предлози за водоснабдување, одведување и |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | Посебните цели кои треба да се постигнат со интегрираното управување со водите во Република Македонија се:<br>-Доволен квалитет на водата за пиење за јавно снабдување;<br>-Потребни количини на вода со соодветен квалитет за разни комерцијални цели;<br>-Заштита на луѓето и материјалните добра од штетните ефекти на водата;<br>-Да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и подземните водни тела;<br>-Заштита на водата и екосистемите зависни од вода;<br>-Усогласување на мерките на управување со водите со корисниците на просторот од другите сектори;<br>-Одржливо управување со водите со рационално и одржливо користење на водните ресурси. | третман на отпадните води, во согласност со законските прописи. Начинот на водоснабдување треба да го дефинираат надлежните органи, додека за отпадните води се предвидува третман пред финално испуштање во реципиент (изградба на пречистителна станица за третман на санитарните отпадни води, како и третман на атмосферските води во маслофаќачи).<br>*Неусогласеност*: Имплементацијата на планските активности, односно идната урбанизација и користењето на земјиштето во опфатот може да допринесе за нарушување на состојбата на водите, бидејќи во непосредна близина се наоѓа акумулацијата „Мантово“.<br>За задоволување на потребите со вода може да се користат подземните води, кои може да предизвикаат нарушување на издашноста на водите и режимот на хранење на изданите. Исто така, користењето на вода од акумулацијата за потребите на планскиот опфат може да предизвика недостаток на вода за наводнување и да доведе до појава на проблеми од социјален и економски аспект. Доколку акумулацијата е реципиент на третираните отпадни води, во случај на несоодветен третман на отпадните води може да дојде до нарушување на квалитетот на водата во акумулацијата. |
| **Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за период 2008-2020 со визија до 2030** | Обезбедување сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија. Во Стратегијата е поставена цел, до 2020 година, во однос на 2006 година, да се:<br>-намали енергетската интензивност за минимум 30%,<br>-зголеми учеството на обновливите извори на енергија до износ повисок од 20% од вкупната потрошувачка на финална енергија,<br>Учеството на биогоривата во вкупната потрошувачка на горива во сообраќајот во Македонија е планирано да изнесува 10% до 2020 година.<br>Други мерки кои ги предвидува Стратегијата се: | *Усогласеност*: Во ДУПД предвидено поставување на сончеви колектори, со цел искористување на потенцијалот на обновливите извори на енергија, како и примена на мерки за енергетска ефикасност. Поконкретно, се планира на крововите и фасадите од објектот да се поставаат соларни колектори, со помош на кои ќе се врши загревање на санитарната и техничка вода. За зголемена енергетска ефикасност на градбите се препорачува примена на современи висококвалитетни градежни и други материјали. Исто така за задоволување на потребите од електрична енергија ќе биде изградена електродистрибутивна мрежа. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | -Одржување, ревитализација и модернизација на постојната и изградба на нова, современа инфраструктура за потребите на производство и користење на енергијата,<br>-Подобрување на енергетската ефикасност во производството, преносот и користењето на енергијата,<br>-Користење на домашните ресурси (резервите на лигнит, хидро-енергетскиот потенцијал, ветерната и сончевата енергија) за производството на електрична енергија,<br>-Зголемување на користењето на природниот гас,<br>-Зголемување на користењето на обновливите извори на енергија. | *Неусогласеност*: Приклучувањето на новите мрежи и објекти на веќе постојните инфраструктурни мрежи може да предизвика зафаќање и урбанизација на нови површини земјиште, нарушување на состојбата на медиумите од животната средина и сл. |
| **Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија** | Главна цел на оваа стратегија е да се добијат информации за потенцијалот и можната експлоатација на обновливи извори на енергија во Република Македонија.<br>-Заштита на животната средина и намалување на емисиите на стакленички гасови, намалување на увозната зависност на Македонија од енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разнообразност и со тоа и сигурност во снабдувањето со енергија што неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори во финалната потрошувачка на енергија. | |
| **Стратегија за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија** | Стратегијата за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија до 2020 година превидува рамка за забрзано усвојување на практики за енергетска ефикасност на одржлив начин и преку намалување на зависноста од увозот, енергетската интензивност, непродуктивното користење на електричната енергија, подготовка на добра клима за да се максимизира вклученоста и можностите на приватниот сектор, обука и подигање на јавна свест.<br>Финалниот резултат на постигнувањето на оваа цел треба да биде реализација на заштеди на енергија во 2018 година во износ од над 9% од просечната потрошувачка во петгодишниот | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | период 2002-2006, со континуирана промоција на енергетската ефикасност и мониторинг и верификација до 2020 година. | |
| **Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)** | Дел од општите и посебни стратешки цели во управувањето со отпадот се:<br>-Воведување на стабилни финансиски ресурси и соодветни економски механизми за обезбедување на целосно покривање на трошоците за одржување на интегрираниот систем за управување со отпад;<br>-Воспоставување систем за собирање податоци/информации за изворите, природата, количествата и судбината на тековите на отпадот, како и за капацитетите за обнова на материјали/енергија и за депонирање на отпадот и обезбедување на потребниот пристап на јавноста до истиот;<br>-Воспоставување на технички современ систем за управување со отпад;<br>-Примена на ефикасни и исплатливи техники за управување со посебните текови отпад;<br>-Воведување на депонии за опасен и за неопасен отпад и други капацитети за депонирање на отпадот во согласност со современите стандарди;<br>-Постапно затворање и/или санирање на постојните комунални одлагалишта за отпад и/или индустриски еколошки жаришта. | *Усогласеност*: Во рамките на планскиот опфат ќе бидат преземени сите неопходни мерки за соодветно управување со отпадот. Во зависност од видот и количините на генериран отпад ќе се преземат мерки за управување со отпад односно мерки за селектирање, рециклирање, реупотреба и финално одложување на различни фракции отпад. |
| **Национален план за управување со отпад (2009-2015)** | Управување со отпад е да се обезбеди соодветна политика за заштита на животната средина, рамка за одлучување, економска основа, учество на јавноста и постепено воспоставување на техничка инфраструктура за спроведување на активностите на управување со отпад, со цел да се реализира системот за управување со отпад во согласност со законската регулатива на ЕУ и со Акционата програма за животна средина на ЕУ, земајќи ги предвид нејзините | |

| Релевантни национални/регионал ни/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | приоритети во управувањето со отпадот. Планот ги наведува основните, меѓусебно поврзани мерки за сопирање или за ублажување на последиците врз животната средина предизвикани од сегашното управување со отпадот, од една страна и за изградба на рамка за постепено воспоставување на современ и одржлив систем за управување со отпад, преку оптимална комбинација на различни законски, економски и комуникациски механизми и инструменти, од друга страна. | |
| **Национална стратегија за транспорт на РМ (2007-2017)** | -Промоција на економскиот раст со градење, подобрување, управување и одржување на транспортните служби, инфраструктура и мрежи за добивање на максимална ефикасност;<br>-Промоција на интегрираната и интерконектирана транспортна мрежа која воспоставува ефективни услуги за корисниците;<br>-Промоција на социјалниот фактор со поврзување на далечните и неразвиени заедници и пристапноста на транспортната мрежа;<br>-Промоција на заштита на животната средина и подобрување на здравството со градење и инвестирање во јавниот транспорт и другите видови ефикасен и постојан транспорт кој ја намалува емисијата и потрошувачката на ресурси и енергија;<br>-Подобрување  на безбедноста на патувањето со намалување на несреќите и подобрување на личната безбедност на пешаците, велосипедистите, возачите, патниците. | *Усогласеност*: Во ДУПД се планира сообраќајниот пристап до центарот да биде преку постојниот локален пат кој се поврзува со регионалната патна мрежа Р1103 и Р2433. |
| **Стратегија за демографски развој на РМ, 2008-2015** | Целта на Стратегијата е обезбедување одржлив демографски развој на Република Македонија преку подобрување на квалитетот на човечкиот капитал и социјална кохезија.<br>Специфични цели:<br>-Забавување на стапката на намалување на населението и создавање услови за одржлив демографски развој на земјата; | *Усогласеност*: Имплементацијата на Планот ќе допринесе за отворање на нови работни места, намалување на миграцијата, намалување на социјалните разлики, подобрување на квалитетот на живот и сл. |

| Релевантни национални/регионал ни/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | -Намалување на регионалните демографски нееднаквости и креирање одржлива територијална дистрибуција и квалитетен живот на населението;<br>-Намалување на постоечките разлики и нееднаквости помеѓу населението, со цел зголемување на социјалната кохезија. | |
| **Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020** | Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, преку подобро користење и зајакнување на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, за работа и на општествените услови на сите граѓани, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развиток на механизмите за социјално вклучување на ранливите категории граѓани во локален контекст. | *Усогласеност*: Со Имплементацијата на Планот ќе се зголемат можностите и капацитетите за едукација и тренинг на припадниците на МВР-УБК, како и можностите за вработување, подобрување на животниот стандард и сл., што може да резултира со намалување на сиромаштијата, подобрување на квалитетот на живот и сл. |
| **Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013)** | Градење на имиџ на препознатлива европска дестинација за туризам, базиран на културното и природното наследство и препознатлива по производите со висок квалитет инкорпорирано во заедничко име – туристички производ на Македонија.<br>Развој на производи и услуги (Препознатливи производи, Категоризација на сместувачките капацитети, Вински туризам, Рурален туризам, Култура и занаети, Бањи), Соодветен пристап и инфраструктура (Патна инфраструктура, Воздушен пристап);<br>Управување и заштита на животната средина и културното наследство, Развој на туризмот преку јавно-приватно партнерство , како и подобрување на туристичката инфраструктура и туристичката понуда. | *Неусогласеност*: Во согласнот со Условите за планирање на просторот, планскиот опфат припаѓа на Струмичко-Радовишки туристички регион во кој се утврдени 4 туристички зони со 12 туристички локалитети.<br>Акумулацијата „Мантово“ според сите карактеристики се смета за туристички локалитет со најголем потенцијал на подрачјето на општина Конче, односно акумулацијата и неговата околина е туристички ресурс врз кој Општината планира да го развива туризмот. Планскиот опфат се наоѓа во близина на постојната викенд населба, како и на идната планирана „Сончевата езерска населба Мантово“, каде се изведуваат туристичко рекреативни активности. Имплементацијата на Планот може да допринесе за намалена посетеност на „викенд населбата и посетителите на акумулацијата кои истата ја користат за одмор и рекреација, како резултат на евентуално зголемено ниво на бучава, присуство на луѓе и сл. |
| **Национална Стратегија за рурален туризам (2012-2017)** | Идентификување на концептот и стратегијата за развој, поставување на рамка за поттикнување на развојот како дел од севкупната туристичка понуда на Република Македонија, евиденција на сместувачки и угостителски објекти, зголемување | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | на капацитетите, вработувањата и туристичката понуда во руралниот туризам. | |
| **Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план, (2018-2023), 2019** | Главна цел на Стратегијата е:<br>-Намалување на директните и индиректните притисоци врз биолошката разновидност;<br>-Подобрување на статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги. | *Усогласеност*: Во Планот се предвидени директни и индиректни мерки и активности за подобрување на состојбата биолошката разновидност, односно за заштита на медиумите и областите од животната средина кои ќе придонесат за намалување на притисоците врз биолошката разновидност и постигнување заштита и унапредување на истите.<br>*Неусогласеност*: Планскиот опфат се наоѓа во границите на меѓународно препознаено Значајно подрачје за птици. Урбанизацијата на просторот, како и зголеменото ниво на бучава може негативно да влијае врз птиците и останатите животински видови. Дополнително за урбанизација на просторот потребно е земјиштето во планскиот опфат (шумско, напуштено земјоделско земјиште) кое располага со различни видови флора, фауна, живеалишта да се пренамени во градежно. |
| **Национална стратегија за заштита на природата (2017-2027), 2019** | Во Националната стратегија за заштита на природата, дефинирани се следните национални цели за заштита на природата:<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 1:*** Геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) соодветно да се идентификуваат, истражуваат, мониторираат и инвентаризираат.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 2:*** Да се заштитат, зачуваат и мониторираат компонентите на геодиверзитетот, геонаследството, биолошката и пределската разновидност.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 3:*** До 2022 година да се вгради политиката за заштита на природата во стратегиите, плановите и програмите во другите сектори.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 4:*** Да се воспостави и практикува одржливо користење на геодиверзитетот, геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) преку употреба на традиционални знаења, иновации, најдобри пракси и позитивни стимулации за зачувување и одржливо користење на природата.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 5:*** Да се унапреди законодавната рамка, согласно ЕУ легислативата и релевантните ратификувани меѓународни договори за заштита на природата и да се | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | обезбеди соодветна институционална рамка преку зајакнување на административните капацитети.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 6:*** Да се подигне нивото на информираност, едукација и промоција за вредностите и значењето на геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност);<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 7:*** Да се обезбеди континуирано и зголемено финансирање на заштитата на природата од буџетски средства на централно и локално ниво, од инвестиции и други извори на финансирање, преку воспоставување на соодветни одржливи и ефикасни модели на финансирање на заштитата и одржливото користење на природата. | |
| **Национална стратегија за развој на културата за периодот 2013-2017** | Општи цели и приоритети на Стратегијата се:<br>-Да се поттикнува развојот на културата во сета нејзина комплексност на: (а) наследениот традициски и етнокултурен идентитет на македонскиот народ и на другите народи кои живеат во Република Македонија, (б) мултикултуралната реалност на македонското општество, (в) естетскиот плурализам на уметничките вредности и (г) хуманистичката, етичката, едукативната, забавната, економската, производствената, кохезивната и другите димензии на културата.<br>-Да се негува комуникацијата на одделните културни идентитети, при што ќе се подига свеста за културата како сфера од посебен општествен и национален интерес.<br>-Да се воспостави и да се одржува цврста соработка меѓу секторот култура и секторите образование и наука, меѓународната политика и туризмот и другите сектори кои се имплементираат во културниот сектор како основа за развој на културата и на општеството. | *Усогласеност*: Во рамките на планскиот опфат не е евидентирано културно наследство. |

| Релевантни национални/регионал ни/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | -Да се поддржуваат проекти за промоција и пласман на културата на Република Македонија во меѓународни рамки.<br>-Да се остварува континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје и др. | |
| **Трет Национален План на Република Македонија кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2014)** | Зајакнување на базата на информации, аналитичкиот и институционалниот капацитет на клучните национални институции за интегрирање на приоритетите за климатските промени во националните стратегии за развој и релевантните секторски програми со обезбедување финансиска и техничка поддршка.<br>Вклучување на Република Македонија во глобалните напори за ублажување на климатските промени и спроведување на обврските преземени од членството во Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатски промени и Кјото Протоколот.<br>Исто така Планот вклучува:<br>-Воспоставување на национален фонд за тестирање мерки за адаптација и воведување на видови, отпорни на суша;<br>-Формирање на национален центар за суша;<br>-Утврдување техники и постапки за култивирање, користење вештачки ѓубрива и рекламација на почвата за клучните култури во регионите погодени од климатските промени;<br>-Воведување различни практики на орање за промовирање одржливи земјоделски практики;<br>-Развивање техники за наводнување и водоснабдување;<br>-Развивање критериуми и идентификација на начини на употреба на земјиштето и агроеколошки зони и сл. | *Усогласеност:* Во ДУПД предвидени се мерки кои ќе допринесат за намалување на емисиите на стакленички гасови преку искористување на обновливи извори на енергија, односно поставување на сончеви колектори, соодветно управување со отпад, третман на отпадни води, контролирано водоснабдување и сл.<br>*Неусогласеност*: Урбанизацијата на планскиот опфат ќе допринесе за отстранување на вегетација, генерирање емисии на стакленички гасови, загуба на видови, поместување на рутите на движење на видовите што не е во корелација со целите за намалување на емисиите на стакленички гасови и адаптација кон климатските промени. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019)** | Главни цели на Планот се:<br>-одржување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што не се надминуваат граничните вредности на квалитет;<br>-подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што се надминуваат граничните вредности за квалитет;<br>-преземање на мерки за намалување на емисиите од определени стационарни извори на загадување;<br>-усвојување на неопходни мерки за минимизирање и целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух. | *Усогласеност*: Во ДУПД за заштита на воздухот се предвидува искористување на сончевата енергија за затоплување на санитарна и техничка вода.<br>*Неусогласеност*: Урбанизацијата на планскиот опфат ќе допринесе за отстранување на вегетација, генерирање емисии во воздухот, што не е во корелација со целите за одржување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што не се надминуваат граничните вредности на квалитет. |
| **Стратегија за мониторинг во животната средина (2004)** | Целта на Стратегијата е мониторирање и известување за состојбата на сите медиуми на животната средина. | *Усогласеност:* Во ДУПД се предвидува вршење мониторинг на нивото на бучава во животната средина. |
| **Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција (2005)** | Владината политика за оваа Стратегија е да спроведе детална анализа за статусот на имплементација на Конвенцијата, да обезбеди насоки и препораки за надминување на проблемите кои произлегуваат од имплементацијата на Конвенцијата и да препорача акционен план за спроведување на предложените мерки и следење на дадените насоки. | Во постапката на усвојување на Планот и подготовката на Извештајот за СОЖС ќе биде обезбедено учество на јавноста што ќе придонесе во процесот на одлучување и донесување на одлуки. |
| **Регионално ниво** | | |
| **Програмата за развој на Југоисточен плански регион (2015-2019)** | <u>**Програмата за развој на Југоисточен плански регион**</u> ги поставува следните цели:<br>• Поттикнување на економскиот раст во регионот;<br>• Одржлив развој на туризмот и културата;<br>• Социјална и економска сигурност во регионот;<br>• Развивање на современа и функционална инфраструктура за економски развој и подобар животен стандард; | *Усогласеност*: Имплементацијата на Планот ќе се темели на принципите за контрола на емисиите и заштита на животната средина. Имплементацијата на Планот ќе допринесе за социо економски развој на населението (вработување, подобрување на животниот стандард и сл.).<br>*Неусогласеност*: Намената на земјиштето во планскиот опфат не е во директна корелација со целите за развој на туризмот и земјоделието во Регионот. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | • Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на животот во руралните подрачја;<br>• Воспоставување на одржливи системи за управување со животната средина. | |
| **Локално ниво** | | |
| **Општини Радовиш и Конче (Предлог стратешки план) за период 2014-2020** | Мисија на општините Радовиш и Конче е да ги подобрат условите за живот на граѓаните, на начин што би се искористиле компаративните предности што ги нудат природното опкружување и досегашната создадена инфраструктура со насока кон креирање на среќни, задоволни, безбедни и здрави граѓани, преку:<br>1. Ревитализирање на постојните и создавање на нови стопански капацитети, преку:<br>➢ Поддршка при формирањето на нови мали и средни претпријатија;<br>➢ Поддршка на постојните мали и средни претпријатија;<br>➢ Поддршка на големите претпријатија и континуирана соработка со истите;<br>➢ Поддршка при производство на здрава храна;<br>➢ Поддршка на земјоделците-сточарите и земјоделското-сточарското производство на постојните видови и култури, како и воведување на нови видови и култури;<br>➢ Обезбедување и создавање на сигурни и трајни работни места;<br>2. Подобрување на постоечката и изградба на нова инфраструктура;<br>3. Трајно решавање на станбениот статус;<br>4. Креирање на посебни насочени стратегии за одржлив развој во областите на:<br>➢ мали и средни претпријатија, | *Усогласеност*: Целите на ДУПД се во директна врска со целите на стратешкиот план, бидејќи истите се темелат на основните принципи за економски развој и заштита на животната средина. Имплементацијата на активностите од Планот ќе допринесат за подобрување на инфраструктурната мрежа, што оди во прилог на развој на руралниот туризам и сл.<br>*Неусогласеност*: Имплементацијата на планските содржини може да предизвика негативни влијанија врз животната средина. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во ДУПД или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | ➢ наука и образование, култура и спорт,<br>➢ граѓанскиот сектор,<br>➢ руралниот развој,<br>➢ туризмот (планински, селски, алтернативен, ловно-риболовен, археолошки итн.);<br>➢ животна средина и енергијата. | |

# 4 РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 4.1 Географска положба и демографски карактеристики

Општина Конче територијално припаѓа во Југоисточниот плански регион. Покрај оваа општина, во рамките на Регионот влегуваат и општините Гевгелија, Струмица, Босилово, Ново Село, Валандово, Василево, Дојран, Богданци, Радовиш.

Регионот се наоѓа во југоисточниот дел од Република Македонија и се простира помеѓу географска ширина 22° 59' 6" и 22° 26' 6" и географска должина 41° 07' и 41° 40'. Регионот зафаќа вкупна површина од 2.835 km², која всушност зафаќа 11% од територијата на Република Северна Македонија. Регионот на југ се граничи со Република Грција, на исток со Република Бугарија, а на север и запад со Источниот и Вардарскиот регион. Во согласност до податоците од Државниот завод за статистика за 2012 година бројот на население во Регионот изнесува 173 187 жители.




**Слика 13** Мапа на Југоисточен плански регион

Општина Конче е рурална општина, која е дел од Радовишкиот регион, а статистички е дел од Југоисточниот регион. Општината е дефинирана како единица на локална самоуправа, основана во 1996 година со Законот за територијална организација.

Општината се наоѓа под падините на планината Серта, на околу 150 km оддалеченост од главниот град Скопје. Општина Конче се граничи со општина Штип, општина Неготино, општина Демир Капија, општина Валандово, општина Струмица, општина Василево и општина Радовиш.

Центар на Општината е селото Конче. Во рамките на општина Конче спаѓаат селата: Габревци, Гарван, Горна Враштица, Горни Липовиќ, Дедино, Долна Враштица, Долни Липовиќ, Долни Радеш, Загорци, Конче, Лубница, Негреновци, Ракитец и Скоруша.




**Слика 14** Општина Конче во рамките на РС Македонија и населени места во општина Конче

Како дел од општина Конче според пописот во 2002 година од вкупно 11 населени места 6 се активни, 3 се со многу мал број на жители, додека 2 села воопшто немаат жители. Вкупен број на жители во општината изнесува 3.536.

Податоците за процената на населението во 2015 година во општината Конче, од Државен завод за статистика се прикажани во следната табела.

**Табела 7** Население во општина Конче на 31.12.2015 година, по пол

| Општина | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Конче | 3 592 | 1 910 | 1 682 |

Според податоци за 2015 година од Државен завод за статистика во однос на полот и петгодишна група на возраст во општина Конче се прикажани на следната слика.




**Слика 15** Население во општина Конче на 31.12.2015 година, по пол

Според пописот од 2002 година, најголема етничка група биле Македонци, но во општината живее и Турско население. Во табелата подолу се дадени структурата на населението по национална припадност.

**Табела 8** Национална припадност на населението

| Етничка група | Вкупно |
|---|---|
| Македонци | 3009 |
| Турци | 521 |
| Срби | 3 |
| Останати | 3 |

Број на невработени лица во општина Конче изнесува 354 (состојба на 31.11.2015 година). Образовна структура на невработените е прикажана во следната табела:

**Табела 9** Образовна структура на невработените

| Невработени лица според образование | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Доктори на науки | | | |
| Магистри на науки | 0 | 0 | 0 |
| Високо образование | 15 | 7 | 8 |
| Више образование | 2 | 1 | 1 |
| Завршено средно образование | 101 | 59 | 42 |
| Непотполно средно образование | 23 | 18 | 5 |
| Основно образование и без образование | 213 | 87 | 54 |
| Вкупно / Total | **354** | **172** | **110** |

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Планскиот опфат се наоѓа во општина Конче, југозападно од градот Радовиш, на брегот од акумулацијата Мантово, во КО Загорци и КО Скоруша, надвор од населено место и не се граничи со населени места. Во близина на планскиот опфат се наоѓаат селата: Гарван (11 жители во согласност со Пописот на население од 2002 година), Загорци (10 жители), Скоруша (11 жители), Долни Радеш (нема жители). Истите се наоѓаат на оддалеченост од околу 2-3 km воздушна линија од планскиот опфат. Исто така, во близина на опфатот, од спротивната страна на акумулацијата Мантово се наоѓаат постојните викендици, планираната „Сончева езерска населба Мантово“ (во која се планира изградба на викендици но и други колективни угостителско сместувачки капацитети) на оддалеченост од околу 1 km воздушна линија и сл.







**Слика 16** Викендици околку акумулацијата „Мантово“

## 4.2 Здравје на населението

Општо земено, Југоисточниот регион има пониска стапка на заболувања и повреди во однос на просекот во Република Македонија.

Најчести болести во Југоисточниот регион и Република Македонија се заболувањата на циркулаторниот систем. Стапката на заболувања на циркулаторниот систем е повисока во Југоисточниот регион, споредено со истата во државата. Респираторните заболувања се, исто така, застапени на национално, регионално и локално ниво, иако помалку во Југоисточниот регион отколку во други региони на земјата. Респираторните, кожните и паразитските заболувања и инфекции кај децата во Регионот се секојдневна и најчеста причина за посета на доктор и се претпоставува дека се појавуваат со повисока стапка отколку во земјата (Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2009).

Иако е многу подобар од повеќето региони во Република Македонија (Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2009), квалитетот на воздухот во Југоисточниот регион сѐ уште загрижува и придонесува за респираторните заболувања. Многу домови и објекти во Регионот сѐ уште користат дрво како примарен извор на гориво за готвење и греење во домовите.

Во однос на здравствените установи, во општина Конче има една општа амбуланта, една стоматолошка ординација и една аптека во село Конче.

- **Плански опфат и неговото опкружување**

За најблиските населени места до планскиот опфат не постојат јавни официјални податоци за специфични болести.

## 4.3 Климатски карактеристики и квалитет на воздухот

Подрачјето на општина Радовиш и општина Конче е под влијание на умерено-континентална клима. Поради изразената височинска разлика (400-707 мнв) одделни климатски елементи варираат меѓу изменета медитеранска клима во поле и планинска клима по планините. Просечните годишни температури во рамничарскиот дел се движат од 12.5 до 13.0°C, а на највисоките делови од планинските масиви до 7,5°C. Најтопли месеци се јули и август, со просечна температура од 23°C, а најстуден месец е јануари со 1.2°C. Апсолутната максимална температура во Радовиш изнесува 41$^{0}$C, додека апсолутната минимална годишна изнесува -21$^{0}$C. Сончевот сјај го има 2258,5 часа/годишно. Бројот на ведри денови годишно е 127, облачни 168 и тмурни денови 71. Што се однесува до годишниот збир на сончеви часови, регионот има 2326 сончеви часови годишно, т.е. 6,4 часови дневно.

Просечните годишни врнежи во котлинскиот дел изнесуваат 562 mm, додека во планинските предели 1292 mm со големи варирања од година во година. Најмалку врнежи паѓаат во месеците август и септември, а најмногу во месец ноември. Снежните врнежи се повеќе застапени во високите планински подрачја за разлика од котлините каде просечно годишно под снег, во периодот ноември-март се 13,1 дена. Средногодишната влажност на воздухот изнесува 72 %.

Во топлите летни месеци влажноста на воздухот е околу 60 % а во зимските месеци (ноември-февруари) се движи од 80-85 %. Појавувањето на магла и слана во регионот на Општината е во ист период од годината и тоа од месец октомври до април со просечни 11,3 дена со магла и 10,3 дена со слана. Благодарение на заемното дејство на главните климатски фактори: високите температури, мали и нерамномерно распоредени врнежи во годината и ветрови со голема честина и прилична брзина, факторот суша овде е мошне присутен. Сушата особено е потенцирана во средината и при крајот на вегетацискиот период јуни-септември.

Општината Радовиш е доста ветровито подрачје. Најдоминантен ветер е западниот со просечна годишна честина од 196 ‰, дува со средна брзина од 3,4 m/s и максимална брзина од 22,5 m/s. Со голема честина се јавува преку целата годинина, но најмногу во јануари, како и во декември. Северозападниот ветер е втор по честина која просечно годишно изнесува 175 ‰, средна брзина од 4,8 m/s и максимална брзина од 30,5 m/s. Тој е присутен во текот на целата година но, со најголема честина е исто во зимските месеци како што се јануари, февруари и декември. Источниот ветер се јавува со честина од 116 ‰, дува со просечна брзина од 2,6 m/sek или со максимална брзина од 22,5 m/s. Југоисточниот ветар е со просечна честина од 77 ‰ и средна брзина од 2,7 m/s и најмногу се јавува во април. Северниот ветер е со просечна честина од 51 ‰ и во доста воедначена целина дува преку целата година во сите месеци, а најмногу во август. Јужниот ветар е со иста честина како и северниот, но со помали брзини. Јужниот ветер има просечна годишна честина 50 ‰ и средна годишна брзина од 4,6 m/s. Југозападниот ветер е со просечна годишна честина од 41 ‰ и со просечна брзина од 2,9 m/s. Североисточниот ветер е со најмала просечна густина од 22 ‰ и со просечна годишна брзина 2,5 m/s.

Тишините во Радовиш се со мали вредности, просечно годишно 272 ‰ и тоа максимум во октомври, а минимум во март месец. Ова покажува дека март е најветровитиот месец, по што следат јануари и февруари, а октомври е со најмала честина на ветровите.




**Слика 17** Ружа на ветрови




**Слика 18** Климатска карта на РМ

### 4.3.1 Квалитет на воздухот

Општината Конче не е вклучена во следењето на квалитетот на воздухот во рамките на мониторинг програмите на ниво на Република Македонија.

Најголемото влијание на загадувањето на воздухот во Општината, има начинот на затоплување на домовите на локалното население, при што во најголем број случаи се користи огревно дрво или јаглен, стопански активности, емисии од земјоделски активности, емисии од сообраќајниците и сл.

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Во непосредното опкружување на планскиот опфат се изведуваат активности за живеење, туристичко-рекреативни, сообраќајни и сл. кои даваат придонес во квалитетот на амбиентниот воздух. Исто така, допринос во квалитетот на воздухот во опкружувањето на планскиот опфат имаат и рудничките активности кои се изведуваат во рудникот „Боров Дол“.

## 4.4 Климатски промени

Република Македонија влегува во редот на земјите кои не спаѓаат во Анекс I, односно во земји кои немаат квантифицирани обврски за редукција на емисиите на стакленички гасови, меѓутоа како земја кандидат за членство во ЕУ ќе мора да биде вклучена во заедничките европски напори и цели во врска со климатските промени. Националниот инвентар[1] на стакленички гасови (GHG) се базира на пресметки за периодот од 2003-2009 година. Воспоставени се национално - специфични емисиони фактори за категориите кои важат за клучни извори на емисии.

Петте клучни извори на емисии кои се воспоставени за Република Македонија се:

- емисии на $CO_2$ од енергетските постројки (јаглен, лигнит);
- емисиите на $CO_2$ од мобилни извори на емисии, вклучувајќи го патниот сообраќај;

[1] Инвентарот на стакленички гасови е база на податоци на пресметани директни и индиректни стакленички гасови емитирани или отстранети од атмосферата во текот на еден временски период. Шест директни гасови се земени предвид: $CO_2$, $CH_4$, $N_2O$, PFCs, HFCs и $SF_6$, и четири индиректни гасови, односно, CO, NOx, NMVOC и $SO_2$.

- $N_2O$ (директни и индиректни) од управување со земјоделски почви;
- емисии на $CH_4$ од одлагање на цврст комунален отпад на депониите и
- емисии од ентерична ферментација на добитокот.

Вкупните директни стакленички гасови во Македонија за 2009 година изнесуваат 10.252 kt $CO_2$-eq, вклучувајќи користење на земјиштето, промена на користењето на земјиштето и шумарство (LULUCF).

Третиот национален план за климатски промени содржи информации и анализа на влијанијата, ранливоста и капацитетот за адаптација, како и на мерките за адаптација во следните сектори: земјоделство и сточарство, биолошка разновидност, шумарство, здравство, туризам, културно наследство, водни ресурси и социоекономски развој. Во неколку делови, истражувањата се фокусирани особено на Југоисточниот регион на Република Македонија, бидејќи во Првиот и Вториот национален план е идентификувано дека тој е особено ранлив на климатските промени.

Податоците за **температурата на воздухот** од Струмица покажуваат растечки тренд за последната деценија 2001-2010, што предизвикува растечка тренд - линија за целиот набљудуван период 1951-2010. Со проектирање на овој тренд до 2050 година, просечната температура на воздухот би изнесувала 12,88 $^oC$, што е приближно иста како и повеќегодишната просечна температура на воздухот од 12,9 $^oC$ за периодот 1951-2010. Со употреба на тренд - линијата за периодот 1951-2000, проектираната температура на воздухот во 2050 изнесува 11,22 $^oC$, што е под повеќегодишната средна вредност и не е сигурна процена; со ова се потврдува потребата и важноста на долгогодишните серии на историски податоци. Продолжувањето од само една деценија на историските податоци, значително ги менува статистичките трендови.

Од анализата на **режимот на врнежи** со податоците од метеоролошката станица во Струмица, може да се забележи зголемување на годишните суми врнежи за последната деценија 2001-2010, што дава поблага линија на трендот за целиот период 1951-2010. Со употреба на тренд - линијата за периодот 1951-2000 проектираната годишна сума на врнежите во 2050 година изнесува 376 mm што е многу помалку од повеќегодишната средна вредност на врнежите. Од друга страна, со тренд - линијата за продолжениот период 1951-2010, проектираната годишна сума врнежите во 2050 година е 544 mm. Повеќегодишниот просек на сумата на врнежите за периодот 1951-2010 изнесува 583 mm.

Сличен пристап во анализата на врнежите беше применет и за Струмичкиот регион, каде беше оценето дека вкупните годишни врнежи ќе се намалат за околу 7% во 2050 година, во однос на повеќегодишната средна вредност за набљудуваниот период 1951-2010.

## 4.5 Бучава

Поради отсуство на развиена државна мониторинг мрежа, нема достапни податоци за нивото на бучава во општина Конче, односно за опкружувањето на планскиот опфат.

Во Општините се среќаваат извори на бучава, посебно на локациите каде што има зголемена фреквенција на сообраќај, производни и деловни објекти, бучава од станбени објекти, трговско деловни објекти и сл.

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Планскиот опфат се наоѓа надвор од населено место, во рурално подрачје каде не се идентификувани извори на бучава. Во близина на акумулацијата Мантово се изведуваат активности за живеење, туристичко рекреативни активности кои може да се сметаат како повремени извори на бучава, како и бучава од сообраќај. Планскиот опфат и непосредното опкружување се сметаат за подрачје од I категорија за заштита од бучава.

Во поширокото опкружување на опфатот се наоѓаат обработливи земјоделски површини, рудникот „Боров Дол“ кои допринесуваат за постојната состојба со бучавата.

## 4.6 Хидрографски и хидрогеолошки карактеристики

Сите површински водотеци, кои течат на истражуваното подрачје, припаѓаат на еден слив, подслив на Брегалница, слив на река Вардар (Егејски слив). Најголем површински водотек на ова сливно подрачје е река Крива Лакавица. Крива Лакавица е лева притока на Брегалница. Извира од северните падини на Градешка Планина, јужно од селото Долни Липовиќ, на височина од 570 m, а се влива кај селото Софилари, на височина од 251 m. Долга е 42 km, има течение во правец југ-југоисток - север-северозапад со вкупен пад од 319 m и просечен пад од 7,6 ‰. Сливот зафаќа површина од 425 km². Во горното течение во делот на теснината Мантово е изградена акумулацијата „Мантово". Во однос на протоците на вода има карактеристики на порои: преку лето пресушува, а при поројни дождови, нивото на водостојот нараснува и до 2 метри при што водата се излива од коритото правејќи огромни штети на околното обработливо земјиште.

Како што е претходно споманто, акумулацијата „Мантово" е изградено на реката Крива Лакавица и се наоѓа на надморска височина од 402 m. Акумулацијата има издолжен облик и се протега во правец исток-запад, а од обете страни има повеќе издолжени заливи. Вкупната должина на акумулацијата изнесува 5,5 km, просечната ширина 0,8 km, а вкупната површина 4,49 $km^2$. Најголемата длабочина изнесува 20 m и е измерена веднаш до браната. Во целост е сместена во северозападниот дел на општина Конче, во непосредна близина на селата Долни Радеш, Габревци и Долна Враштица.

Максимална кота е на 406.5 м.н.в. со вкупен волумен од 47.5 милиони $m^3$ вода и корисен волумен на акумулацијата од 40 милиони $m^3$ вода. Водата од акумулацијата се користи за наводнување и водоснабдување.

Од север се граничи со атарот на селото Долна Враштица, од исток со атарот на село Габревци, од југ со атарот на село Долни Радеш, додека од запад со атарот на село Гарван од каде и се наоѓа насипот на самата брана. Како главни извори на доток на вода се реките Лакавица, Конечка и Габрешка. Исто така, како поголемо сливно подрачје во браната се влеваат повеќе порои како што се: Загоречки, Скорушки и Боровски.

Акумулацијата „Мантово" се одликува со доста висока органска продукција затоа што лежи на порано обработливите површини и ливади, како и покриени жбунести шумски култури и не мал број од повисоките шумски култури.

Во согласност со податоците од Риболовна основа за риболовна вода „Вештачко езеро – акумулација Мантово" за период 2017 – 2022 година, квалитетот на водата во акумулацијата Мантово е прикажан во следната табела:

**Табела 10** Физико хемиски карактеристики

| Параметар | Единици | Интегрирани вредности |
|---|---|---|
| Боја | | нема забележителна боја |
| Мирис | | нема |
| Температура | °C | 24,3 |
| Провидност (про**s**ирност) | m | 2,8 |
| Киселост (pH) | | 8,12 |
| Електрична спроводливост | µS/cm | 295 |
| Содржина на хлор | µg/l | / |
| Заситеност со кислород | % | 89,85 |
| Растворен кислород | mg/l | 6,50 |
| Вкупен јаглерод диоксид | mg/l | 2,14 |
| Нитрати | µg/l | 18,04 |
| Амоњак | µg/l | 27,46 |
| Фосфати (Вкупен фосфор) | µg/l | 28,42 |
| Силикати | µg/l | / |

Водите од оваа акумулација се искористуваат за наводнување и водоснабдување. Системот за наводнување го сочинуваат два магистрални канала: лев магистрален канал со должина од 29762 m, со пропустлива моќ на водата 24.3 $m^3$/ s; и десен магистрален канал со должина од 19220 m, со пропустлива моќ 30,8 $m^3$/s. Годишно за потребите на земјоделството се трошат од 8

до 10 милиони $m^3/s$ вода, додека за потребите на рудникот Бучим се трошат од 1 до 1.5 милиони $m^3/s$ вода.




**Слика 19** Реки и порои во сливното подрачје на акумулацијата Мантово

Хидрогеолошките карактеристики на сливното подрачје на реката Крива Лакавица се од големо значење за хидролошкиот режим. Од досегашните хидрогеолошки истражувања вршени во поширокото подрачје и пошироко, издвоени се два основни вида на хидролошки средини:

- Водопропусни кои се поделени во три групи: неврзани квартални седименти, цврсти зелени и слични карпи и карбонатни карпи и
- Водонепропусни карпи најраспорстранети се: делувијален нанос, беласички гранити, серицит- хлоритските шкрилци, еоценски конгломерати и други.

**Плански опфат и неговото опкружување**

Планскиот опфат е во крајбрежниот појас на акумулацијата „Мантово“ изградена на реката Крива Лакавица. Во рамките на планскиот опфат нема водно тело, односно повремено се појавуваат суводолици. Од запад планскиот опфат граничи со пороите Загоречка Река, а од исток со Студена Вода. Крива Лакавица од вливот на Мадемска река до вливот во река Брегалница е III категорија.



**Слика 20** Акумулација „Мантово“

На следната слика е прикажано речното корито на реката Крива Лакавица, после испустост на водата од браната.



**Слика 21** Речно корито на Крива Лакавица

На следната слика е прикажано речното корито на Загоречка Река, кое е суво во летниот период.



**Слика 22** Речно корито на Загоречка Река

## 4.7 Почва

### 4.7.1 Релјефни карактеристики

Пошироката област на општината Конче е ридско подрачје. Пошуменоста и вегетацијата на областа најчесто се ретки. Опстојува нискостеблеста пошуменост, закржлавени дабови стебла, габер и други пониски шумски растенија. Морфологијата на просторот е со благо разбрануван релјеф, со присуство на вулкански купи и деградирани кратери, како карактеристични форми за Терциерниот вулканизам, давајќи му на просторот специфични пејсажни обележја. Падините се испресечени со многубројни ерозивни бразди и делови. Врз развојот на релјефот најмногу влијаеле орогените движења за време на Алписката орогенеза, која започнала при крајот на Палеогенот. Во тоа време се дадени основните црти на релјефот изградени со тектонски процеси. Мора да се укаже на фактот дека старите тектонски движења влијаеле врз современиот релјеф преку различни структури, преку положбата на карпите, кои ја насочиле денешната ерозија и создавањето на рељефот. Подоцна помладите тектонски движења во текот на дилувиумот условиле мрежа на раседни линии. Како резултат на падинските процеси доаѓа до создавање на делувијално-пролувијални наноси, јаруги и др. изразено во деловите на теренот без вегетација како резултат на усмерување на површинските води од врнежите по одредени правци условено од релјефот и геолошката градба на теренот. Како резултат на речната-флувијална ерозија доаѓа до создавање на дебели наслаги на неврзани алувијално-терасни сементи.

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Теренот на планскиот опфат е ридски со висинска разлика од 60 m’ (402-462 m н.в.) и просечен наклон од 4-12% додека максималниот наклон изнесува и до 24%.

### 4.7.2 Геолошки карактеристики

Од геолошки и структурен аспект во подрачјето на планскиот опфат припаѓа на контактната зона помеѓу Вардарската зона и Српско-Македонскиот масив. Според литолошко-структурните карактеристики на застапените карпи доминираат вулканските карпи, на места интензивно хидротермално алтерисани, а на повеќе места бречирани, раздробени и по поедини раседни линии придвижувани во различни правци.

Во геолошката градба на подрачјето учествуваат геолошки формации на Прекамбрискиот метаморфен комплекс, Старопалеозојски метаморфни карпи, Јурски ултрабазити и гранити, Алб-Ценомански седименти и Горно Еоценски седименти, вулканогено-седиментни творевини, Терциерни андезити, Плиоценски и Квартерни творби.

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Досега не се извршени истражувања, односно не се познати инженерско-геолошките и хидрогеолошките карактеристики на теренот на планскиот опфат, затоа поединечно при

изработка на Архитектонско-урбанистичките проекти, потребно е да се изработи детална документација, односно посебен елаборати за геолошки и геотехнички карактеристики на земјиштето.

### 4.7.3 Тектонски и сеизмолошки карактеристики

Геотектонските единици, Српско-Македонската маса и Вардарската зона, ја условуваат блоковската тектоника, формирана со многубројни раседи, претежно од регионален карактер.

За подрачјето на општина Конче и непосредната околина е добиен најдолгорочен максимален степен на очекувани земјотреси кој изнесува до $8^0$ по МЦС скала.




**Слика 23** Сеизмолошка карта

### 4.7.4 Користење на земјиштето и економски развој

Некогашниот средновековен епископски центар Конче денес е типично рурална општина каде земјоделството, сточарството, водостопанството и шумарството беа и ќе бидат директно вклучени во развојот на општина Конче, со посебен акцент на производството на високо квалитетен тутун. Во општина Кочне има производство на тутун од типот „Јака“ и Општината произведува 5% од вкупното производство на тутун во Македонија. Понатака, во Општината има ловен и риболовен туризам, како и дрвната индустрија.

Покрај тутунот, општината Конче со големи ресурси и потенцијали за производство на здрава храна располага и со огромно шумско и водно богатство. За развој на дрвната индустрија, како и за пчеларството, и особено ловниот и риболовниот туризам, имајќи ги предвид езерата Мантово, Конче 1 и Конче 2 и богатството на дивеч во Конечка планина како едно од најбогатите ловишта во РС Македонија.

Микрорегионот Радовиш - Конче се карактеризира и е познат по наоѓалишта и искористувањето на минерални неметални суровини како што се декоративните камења кои се користат за градба и декорација. Овој материјал е препознатлив и се користи на целата територија на Република Македонија. Од минералните метални суровини, во општина Конче има варовник, мермер и бакар.

Како посебни можности за инцвестирање и економски развој на општина Конче се издвојуваат:

- оранжериско производство и одгледување на јужни култури,
- производство на еколошки здрава храна,
- развој на алтернативен туризам: рурален, културен, археолошки, спортски, ловен и риболовен и еко туризам,
- изградба на мали хидроцентрали и акумулации,
- искористување на соларна енергија,

- изградба на преработувачки капацитети за земјоделски производи,
- градење и проширување на нови капацитети за искористување на рудното богатство, развој на мали и средни капацитети за финални производи.

Во населените места во Општината има регистрирано само мали трговски објекти (продавници), за линиски локален патен превоз и мал стопански капацитет за откуп и преработка на млеко.

Акумулацијата „Мантово“ според сите карактеристики се смета за туристички локалитет со најголем потенцијал на подрачјето на општина Конче, односно езерото и неговата околина е туристички ресурс врз кој Општината планира да го развива туризмот. Акумулацијата се наоѓа на одалеченост од 15 km од Конче, 18 km од Радовиш и 25 km од Штип, со што го прави атрактивно за посетители од пошироката околина. До самото езеро, се наоѓа „Сончева езерска населба Мантово“ со постоечки урбанистички план

Во поново време се преземени повеќе активности во насока на промовирање на Мантово како главен туристички центар во регионот. Пријатната клима со температура на водата од 24ºC во летниот период е погодна за капење и практикување на водните спортови, застапеноста на повеќе видови на риби создаваат добри предуслови за спортски риболов, а издолжените вертикални граматни карпи во близина на ридот Габровска Чука овозможуваат добри услови за алпинистичко искачување. Во околината на Мантово ќе се гради туристичка населба, која ќе вклучува изградба на поединечни куќи за одмор, хотели, трим-патеки и спортски терени. Во рамки на проектот е започната урбанизација на површина од 23 ха. Во ноември 2013 година бил пуштен во употреба патот М6 од Штип до езерото Мантово.

Покрај акумулацијата изградени се дрвени влашки колиби како дел од проект за промоција на влашкото културно наследство во регионот на Сер и Конче во рамки на прекугранична соработка со Грција. И покрај тоа што во општина Конче не живеат Власи, локалната самоуправа изградените објекти ги нарекла „влашки колиби“ поради местото каде што тие поминувале и престојувале. Колибите се изградени во стар стил, од дрво, со бетонска подлога, а опремени се со кревет, маса и дрвени клупи.

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Во планскиот опфат земјиштето е покриено со шумска вегетација и земјоделско земјиште (необработливо) и истото се користи за пасење на стока. Бонитет на земјиштето не е дефиниран во планската документација.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

Во согласност со Условите за планирање на просторот, Предметната локација припаѓа на Струмичко – Радовишки туристички регион во кој се утврдени 4 туристички зони и 12 туристички локалитети.




**Слика 24** Намена на земјиште во плански опфат и пошироко

Околу планскиот опфат и во поширокото опкружување, како што претходно е спомнато, се наоѓаат викендици кои одат во прилог на развој на туризмот како важна стопанска гранка, акумулацијата „Мантово“ покрај првичната намена за наводнување и водоснабдување, истата се користи за риболовен туризам. Во подрачјето се врши производство на еколошки мед и сл. Во близина на акумулацијата „Мантово“, кај објектот „Влашки Колиби“, кој се наоѓа од спротивната страна на акумулацијата, како и во близина на опфатот се наоѓаат објекти во кои се одгледува стока. На неколку километри (воздушна линија) од планскиот опфат се наоѓа рудникот „Боров Дол“, наменет за експлоатација на бакарна руда.




**Слика 25** Објекти за економски развој во поширокото опкружување на планскиот опфат



**Слика 26** Објект „Влашки Колиби“

## 4.8 Биолошка разновидност, природно наследство и предел

Шумските и грмушестите хабитати во истражуваното подрачје генерално се претставени со дабови шуми во различен степен на деградација. Речиси целата област се наоѓа во типичен појас на благун-габерова шума. Тоа е доминантен тип на вегетација која ги одредува карактеристиките на брдските предели и го претставува понискиот вегетациски појас. Благун-габерови шуми (Querco-Carpinetum orientalis): Благун-габеровите шумипри паѓаат на дабовата шумската заедница Querco-Carpinetum orientalis macedonicum Rud. 39 apud Ht. 1946. Дабот благун (Quercus pubescens) и источниот (бел) габер (Carpinus orientalis) се главни едификатори во овие шуми. Покрај нив, во оваа заедница се среќаваат и други дрвенести видови како што се: Fraxinus ornus, Acer monspessulanum, Colutea arborescens, Coronilla emeroides, Rhamnus rhodopaea, а од тревестите карактеристични се Cyclamen neapolitanum и Carex halleriana. Оваа заедница се развива на речиси сите експозиции (источна, југоисточна, јужна, југозападна и западна) до 600 m надморска височина, но на некои локалитети, во услови на изразито плитки и каменити суви почви со топла педоклима доаѓа и до 1000 m надморска височина.

Во акумулацијата „Мантово“ макрофитска вегетација е ретко застапена и претставена со емергентни и субмерзни видови. Од емергентните растенија се среќаваат комплекси од Phragmites australis и Typha latifolia. Субмерзните видови се среќаваат во вид на мешовити популации, во кои доминира Myriophyllum spicatum L.

Во следната табела се претставени евидентираните макрофитски видови во акумулација Мантово.

**Табела 11** Преглед на евидентирани макрофитски видови и нивна сапробиолошка припадност

| број | ВИД | Сапробност - Ottendorfer |
|---|---|---|
| 1. | *Phragmites australis* (Cav.) Trin ex Steud. | |
| 2. | *Typha latifolia* L. | I, II |
| 3. | *Potamogeton pectinatus* L. | II, III |
| 4. | *Myriophyllum spicatum* L. | II |
| 5. | *Myriophyllumverticilatum*L. | II |

Извор: Риболовна основа за риболовна вода „Вештачко езеро – акумулација Мантово“ за период 2017 - 2022 година.

Во водите на акумулацијата Мантово се регистрирани вкупно 14 видови риби од четири фамилии.

**Табела 12** Квалитативен состав на рибната населба

| Фамилија, вид по KottelatиFreyhof(2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| CYPRINIDAE | | |
| ***Alburnoides bipunctatus*** (Bloch, 1782) | *Alburnoides bipunctatus* | вардарка, гомнушка |
| ***Alburnus thessalicus*** (Stephanidis, 1950) | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| ***Barbus balcanicus*** (Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis*; *Barbuspeloponnesius*; *Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| ***Carassius gibelio*** (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| ***Chondrostoma vardarense*** (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| ***Ctenopharingodon idella*** (Valenciennes 1844) | *Ctenopharingodon idella* | амур |
| ***Cyprinus carpio*** (Linnaeus 1758) ***Rutilus rutilus*** (Linnaeus, 1858) | *Cyprinus carpio* *Rutilus rutilus* | крап црвеноперка |
| ***Scardinius erythrophthalmus*** (Linnaeus, 1758) | *Scardinius erythrophthalmus* | писа, платица |
| ***Squalius vardarensis*** (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| ***Tinca tinca*** (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| SILURIDAE | | |
| ***Silurus glanis*** (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| CENTRARHIDAE | | |
| ***Lepomis gibbosus***(Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончарка |
| PERCIDAE | | |
| ***Perca fluviatilis***(Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | костреш, перкија |

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Во рамките на планскиот опфат е застапена тревеста сува вегетација, како и шумски и грмушести хабитати од дабови шуми, со различен степен на деградација.



**Слика 27** Биолошка разновидност во планскиот опфат

Планскиот опфат граничи со акумулацијата „Мантово“, чии карактеристики и присутната биолошка разновидност се опишани погоре.

Пределот во и околу планскиот опфат не е назначен или заштитен. Истиот е атрактивен, но сепак релативно вообичаен предел во рамките на поширокиот регион. Поконкретно, планскиот опфат се наоѓа на брдовит терен, на максимална надморска височина од 462 м.н.в. и е лоциран на брегот од акумулацијата „Мантово“ на северната страна. На јужната страна доминира опкружување главно со земјоделско земјиште.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Државна Урбанистичко-Планска Документација за изградба на тренинг центар на МВР-УБК во КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.




**Слика 28** Карта на заштитени подрачја во Република Македонија




**Слика 29** Реонизација и категоризација на просторот за заштита

## 4.9 Културно наследство

Црквата „Свети Стефан“ е средновековен македонски православен црковен христијански храм кој се наоѓа во селото Конче. Црквата се наоѓа во западниот дел на селото, во непосредна близина до училиштето Гоце Делчев. Изградена е во средновековието, поточно во 1366 година, во XIV век. Во минатото црквата била манастир со монаси и го носела името Света Богородица, по кое и денес е позната меѓу населението. Ова име се поврзува и со чудесната икона на Света Богородица која сама се појавувала од Гевгелискиот крај во црквата.

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Во согласност со податоците од Условите за планирање на просторот, на подрачјето на катастарските општини Загорци и Скоруша кои се предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

КО Загорци:

1. Археолошки локалитет “Манастир” Загорци, железно време и среден век;

КО Скоруша:

1. Археолошки локалитет "Белата Лоза", Скоруша, бронзен период;
2. Археолошки локалитет "Боровски Куќи", Скоруша, доцен среден век;
3. Археолошки локалитет "Водна Полана", Скоруша, доцен среден век;
4. Археолошки локалитет "Габерот", Скоруша, доцен среден век;
5. Археолошки локалитет "Дабја", Скоруша, среден век;
6. Археолошки локалитет "Радешки Рид", Скоруша, доцен среден век;
7. Црква „Св. Богородица“ (Голема), Скоруша,19 век.

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарските општини, евидентирани се локалитетите:

КО Загорци – Манастир, населба од железно време и средновековен сакрален објект, на 200-300 m југоисточно од селото на височинка крај селската река обрасната со дабови се гледаат темели од средновековен сакрален објект, додека на благите тераси околу височинката се среќаваат фрагменти од керамички садови.

КО Скоруша – Белата Лоза, населба од бронзено време, на 1,5 km западно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и камени секири; Водна Пољана, средновековна населба, на 1 km југоисточно од селото се гледаат остатоци од населбинска керамика и грамади од кршен камен.



**Слика 30** Културно историско наследство во Република Македонија

Во согласност со дописот од Министерството за култура, Управа за заштита на културното наследство (17-1658/2 од 15.04.2019), во рамките на планскиот опфат не постои заштитено културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

## 4.10 Материјални добра

### 4.10.1 Сообраќајна поврзаност

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за општина Конче е М-6 - (БГ - Ново Село - Струмица - Радовиш - Штип - М-5; Крак: Струмица- М-1).

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија” број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката: А4 - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец – Миладиновци - Свети Николе – Штип – Радовиш – Струмица гр. со Бугарија - ГП Ново Село).







**Слика 31** Сообраќајна поврзаност

## Плански опфат и неговото опкружување

Релевантните регионални патни правци за планскиот опфат според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и "Р2" и се со ознака:

– Р1103 - (Лакавица-врска со А4-Неготино-Кавадарци-Дреново-врска со Р1101);

– Р2433 - (Радовиш-врска со А4-Конче-Загорци-Лесковица-врска со Р1103- Селце-Софилари-врска со А4).

Сообраќајниот пристап до планскиот опфат ќе биде преку регионалниот пат Р2433 (Радовиш-врска со А4-Конче-Загорци-Лесковица-врска со Р1103-Селце-Софилари-врска со А4), а сообраќајното поврзување со поширокиот регион е преку магистралниот пат со ознака А4 (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).




**Слика 32** Систем на населби и сообраќајна мрежа

### 4.10.2 Хидротехничка инфраструктура

- ***Водоснабдување и канализација***

Комуналната инфраструктура во општината Конче не е на потребното ниво. Проблеми постојат и во водоснабдувањето и во одводната канализациона мрежа. Дел од помалите селски населби се уште не располагаат со водоводна мрежа, а со вода за пиење и за други потреби се снабдуваат од локални чешми и извори.

Канализациската мрежа исто така, не е на потребното ниво. Поголемиот дел од населените места, немаат канализациона мрежа и проблемот со отпадните (фекалните) води се решава индивидуално со септички јами. Сепак, проблеми има и во населените места што имаат изградено канализациска мрежа, каде и покрај изградбата на канализациски мрежи, се уште постојат домаќинства, кои не се приклучени на нив. Нема систем за водоснабдување во селата Горна и Долна Враштица, ниту пак во викенд населбата Мантово.

- **Плански опфат и неговото опкружување**

Во границите на планскиот опфат нема изведена водоснабдителна и канализациона инфраструктура. Исто така, според дописот од Водостопанство на РМ (бр.11-180/2 од 07.02.2019) во опфатот нема своја инфраструктура ниту објекти.




**Слика 33** Водостопанска и енергетска инфраструктура за плански опфат

### 4.10.3 Управување со отпад

Управувањето со отпадот на територијата на општина Конче го врши ЈКП Лакавица, кое еднаш неделно врши собирање на комуналниот отпад. Од седумте активни селски населби на територија на општината, само од четири се врши собирање на отпад (тие што се лоцирани на патот Конче - Радовиш): Дедино, Конче, Ракитец и Љубница. Од вкупно 600 домови во Општината, отпадот се собира само од 100, т.е. опфатеноста на населението со услугата за собирање на отпад е 8,5%, а опфатеноста на куќите е 9%. Домаќинствата од кои се собира отпадот, истиот го исфрлаат во метални буриња, а трговските дуќни користат пластични канти со капацитет од 130 l. Собирањето и транспортот на отпадот се врши со помош на изнајмени трактори и отпадот се депонира без понатамошен третман (набивање, тампонирање и сл.). На територијата на општина Конче најмногу се создава комунален цврст отпад. Количината на овој отпад изнесува 5000 $m^3$ годишно или 2000 тони. Според проценките на ЈКП Лакавица, од општината годишно се подигаат и депонираат 800 тони комунален отпад. Собраниот отпад се носи на локалната општинска депонија, лоцирана во близина на селото Конче. Депонијата зафаќа површина од 0.5 хектари и истата не ги задоволува потребите на општината. Истата не е оградена и повремено се пали од страна на несовесни жители. Покрај оваа депонија, на територија на Општината евидентирани се и 14 диви депонии, кои се релативно мали и истите повремено се чистат од страна на ЈКП „Лакавица“. Општина Конче е рурална општина во која најзастапен сектор е земјоделието, а во последно време и сточарството. Најголеми количини на биоразградлив отпад во Општината се генерираат во текот на пролетта и есента. Годишно се генерираат 262 тони органски отпад како фракција на цврстиот комунален отпад.

# 5 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДРАЧЈАТА КОИ БИ БИЛЕ ЗНАЧАЈНО ЗАСЕГНАТИ И СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ

## 5.1 Состојби, трендови и закани врз медиумите и областите од животната средина

| | |
|---|---|
| **Население** | Најголеми социјални и економски проблеми со кои се соочува населението во општина Конче се:<br>• Низок животен стандард на локалното население;<br>• Висока стапка на невработеност;<br>• Невработеноста предизвикува миграција на младите луѓе во земјата и странство;<br>• Стагнација во намерите на странски и домашни инвеститори за инвестирање на капиталот;<br>• Висока стапка на невработеност;<br>• Ниски месечни примања и сл. |
| **Здравје на население** | Како најчести причини за нарушување на здравјето на населението се смета:<br>• Неадекватно и неконтролирано фрлање на отпад и појава на диви депонии;<br>• Недостаток на квалитетна вода за пиење;<br>• Недостаток на канализациона мрежа и третман на отпадните води;<br>• Директно испуштање на непречистени отпадни води на целата територија во реципиенти кои се користат за наводнување на земјоделски површини или за напојување на добитокот;<br>• Нарушен квалитет на почвите, како резултат на несоодветен третман на отпадните води и отпадот;<br>• Употреба на фосилни горива;<br>• Ниска свест кај населението за заштита на животната средина. |
| **Воздух** | Не постојат официјални податоци за квалитетот на воздухот во општина Конче. Општина Конче се смета за еколошки чисто подрачје. Како најчести причини за нарушување на квалитетот на воздухот се издвојуваат:<br>• Употреба на горива со чие согорување се емитираат загадувачки супстанци во воздухот, особено кај домашните ложишта;<br>• Индустриски и стопански активности;<br>• Употреба на хемиски препарати во земјоделството;<br>• Палење на отпад на местото на создавање или депонирање;<br>• Несоодветно управување со отпадот и отпадните води. |
| **Бучава** | Зголемено ниво на бучавата, предизвикана од сообраќај по сообраќајниците. |
| **Вода** | Клучни проблеми во однос на водите во општина Конче се:<br>• Загадување на површинските и подземните води како резултат на директно испуштање на отпадните води во реципиентите во сите населени места или во непрописни септички јами;<br>• Континуираната и неконтролирана употреба на хемиски средства, (природни и вештачки ѓубрива, пестициди), во земјоделските површини значително го интензивираат загадувањето на водата во реките;<br>• Несоодветно управување со отпад;<br>• Непостоење на пречистителни станици;<br>• Несоодветно управување со отпад. |
| **Почва** | Клучни проблеми во оваа област во општина Конче се:<br>• Примена на неодржливи агротехнички и агрохемиски мерки; |

| | |
|---|---|
| | • Несоодветно одржување на каналите и поплавување на земјиштето;<br>• Несоодветно управување со отпадни води и отпад. |
| **Биолошка разновидност и природно наследство** | Клучни проблеми во однос на биолошката разновидност се:<br>• Појава на илегален лов;<br>• Употребата на хемиските средства во земјоделството е неконтролирана;<br>• Ниска свест за значењето на биолошката разновиодност, како и за ендемските и загрозените видови и потребата од нивно зачувување. |
| **Културно наследство** | Нема официјални податоци за состојбата со културното наследство. Во Општината недостасуваат програми за промоција на културните и традиционалните вредности со кои располагаат истите. |
| **Материјални добра** | Клучни проблеми во однос на водоснабдувањето и управувањето со отпадните води во општина Конче се:<br>• Недостаток од квалитетна вода за пиење;<br>• Недоизградени локални водоводни цевководи за водоснабдување;<br>• Загадување на површинските и подземните води, како резултат на директно испуштање на комуналните отпадни води во реципиентите во населените места;<br>Клучни проблеми во однос на управувањето со отпад се:<br>• Нецелосна покриеност на Општината во однос на организирано собирање на отпадот;<br>• Отпадот се собира, транспортира и депонира без селекција и сепарирање;<br>• Постоење на диви депонии и др.<br>Клучни проблеми во оснос на патната инфраструктура:<br>Во општина Конче локалната патна мрежа е во многу добра состојба, додека за улиците во населените места тоа не може да се каже, односно сеуште постојат неасфалтирани улици. |

## 5.2 Состојба во животната средина без имплементација на Планот

Врз основа на анализите во претходното поглавје може да се констатира дека без имплементација на Државната Урбанистичко Планска Документација, со основна класа на намена – В4 (Државни институции), со можност на вградување на компатибилни класи на намена, со која се планира изградба на тренинг центарот кој вклучува: сместувачки капацитети (објект за сместување на професори, објект за сместување на студенти, VIP – сместување), стрелиште, објект со училници, кујна со трпезарија, амбуланта, фитнес, портирница, магацини, како и останати содржини во зависност од потребите на центарот, состојбите во однос на користењето на земјиштето, медиумите и областите од животната средина, како и социо-економските аспекти во рамките на опфатот и неговото опкружување ќе останат непроменети во однос на постојната состојба, односно:

**Состојби во користењето на земјиштето**

- Земјиштето во рамките на планскиот опфат кое е категоризирано како земјоделско земјиште и шуми ќе остане со истата намена;
- Нема да се отстрани шумска вегетација за имплементација на предвидените содржани во Планот;
- Земјиштето во опкружувањето на планскиот опфат нема да биде засегнато од имплементација на Планот, односно нема да се намали неговата употребна и пазарна вредност;
- Нема да се зафаќаат нови дополнителни површини на земјиште за имплементација на инфраструктурните мрежи (истите ќе бидат разработени во дополнителна урбанистичка документација), кои се неопходни на непречено работење на идниот тренинг центар.

**Состојби во животната средина**

- Нема да се изградат објекти кои ќе бидат потенцијални извори на емисии во животната средина, кои може да го нарушат квалитетот на медиумите и областите во животната средина, како и здравјето на населението, особено во случај на инцидентни состојби;
- Нема да се експлоатираат нови количини на вода од акумулацијата „Мантово“ и подземни води што може да влијае на нивниот капацитет и издашност;
- Состојбата со акумулацијата ќе остане на сегашно ниво, нема да се врши урбанизација на простор кој се наоѓа во близина на заштитниот појас на акумулацијата и сл.;
- Нема да се генерираат нови количини на отпад кои ќе завршат на депонија;
- Состојбата со сообраќајот и емисиите предизвикани од истиот ќе останат на сегашно ниво.

**Социо економска состојба**

- Намалување на можностите за вработување на невработеното население;
- Избегнување на ризикот од несреќи што може да предизвика социоекономски загуби во заедницата;
- Продолжување на состојбите и трендовите на лоша материјална и социјална состојба на населението во општината, појава на миграција и сл.

# 6 ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ

Во согласност со Секторската студија изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, планскиот опфат и неговото опкружување не влегува во рамки на подрачје кое е под режим на заштита, во согласност со категориите на заштитени подрачја, дефинирани во националното законодавство.

Планскиот опфат располага со биолошка разновидност, од која некои видови се наоѓаат на приоритетните листи за заштита, во согласност со националните и меѓународните документи за заштита и унапредување на биолошката разновидност, односно планскиот опфат се наоѓа во подрачје идентификувано како значаен орнитолошки локалитет.

**Значјани орнитолоши локалитети[2]**

BirdLife International ја иницираше програмата за значајни орнитолошки локалитети (ЗОЛ) на глобално ниво и ги разви и глобалните (критериуми А) и регионалните критериуми за назначување на ЗОЛ. Овој процес најнапреден беше во Европа, каде освен регионалните (критериуми В), беа развиени и одделни критериуми за земјите од Европската Унија (критериуми С). Во Европа (според Heath and Evans, 2000), каде како значајни орнитолошки локалитети особено се назначуваат:

- Подрачја со глобално засегнати видови и други видови кои се од интерес за зачувување на Европската Унија;
- Подрачја за птици – преселници кои се собираат во голем број;
- Подрачја за птици кои се карактеристични за мал регион;
- Подрачја на кои можат да живеат групи на видови кои се карактеристични за одреден биом.

Предлогот за значајни орнитолошки локалитети во Македонија (Velevski et al.,необјавено) во 2007 година е поднесен на BirdLife International за одобрување. Во овој предлог се вклучени 22 подрачја кои зафаќаат 6806,25 km$^2$ или 26,5% од територијата на Македонија. Предлог за ЗОЛ во Македонија беше одобрен од страна на BirdLife International во декември 2010 година.

Планскиот опфат влегува во границите на значајно орнитолошко подрачје Мантовско Езеро и река Лакавица.

**Табела 13** ЗОЛ - Мантовско Езеро и река Лакавица

| Име на подрачјето | Критериум | Година на назначување | Area (ha) GIS | Центр. X коорд. | Центр. Y коорд. | HB min | HB max |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мантовско Езеро и река Лакавица | IBA B2 | 2010 | 5729,81 | 609725 | 4605961 | 315 | 705 |

На следната слика се прикажани границите на значајното орнитолошко подрачје Мантовско Езеро и река Лакавица.

[2] „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија. "Проектна активност Ref. RFP 79/2009 „Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја" ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ (II дел) - МЕД 2011 година.




**Слика 34** Значајни орнитолошки локалитети (ЗОЛ) во Македонија, 2010

Планскиот опфат не влегува во граници на значајни подрачја за растенија, нити значајни подрачја за пеперутки како и Емералд подрачја.

# 7 ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОДРЕДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО ИЛИ МЕЃУНАРОДНО НИВО

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнување на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија на развој, од една страна и заштита на животната средина од друга страна, кој предвидува зголемена употреба на економски инструменти во насока на заштита на животната средина.

Основните принципи за заштита на животната средина во државата се поставени со Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92 (Амандман I и II); 31/98 (Амандман III); 91/01 (Амандман IV-XVIII); 84/03 (Амандман XIX); 107/05 (Амандман XX-XXX) и 3/09 (Амандман XXXI)), како највисок правен документ во земјата. Уставот пропишува дека еден од основните принципи на фундаменталните вредности е регулација и хуманизација на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата. Исто така, една од основните слободи и човекови права е правото на чиста и здрава животна средина, но тоа е исто така, обврска на граѓаните да ја унапредуваат и заштитуваат животната средина, додека земјата е должна да обезбеди услови за остварување на ова загарантирано право на граѓаните (Член 43).

Водена од овие уставни одредби, Република Македонија воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина, поврзан со:

- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина;
- Зајакнување на административните капацитети, потребни за ефикасно управување со заштита на животната средина;
- Обезбедување платформа за ефикасна имплементација и спроведување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со животната средина на сите нивоа на управување и преку обезбедување на тесна соработка помеѓу надлежните органи на хоризонтално и вертикално ниво;
- Интеграција на политиката за заштита на животната средина во другите секторски политики;
- Поттикнување на индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина, кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Решавање на проблемите на животната средина кои се од национално значење;
- Зголемување на степенот на исполнување на обврските, кои произлегуваат од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина;
- Последно, но не и најмалку важно, е зголемување на нивото на инвестиции во животната средина за постигнување на стандардите на ЕУ.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и на почвата;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- Заштита на карактеристиките на пределот;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и унапредување на културното наследство.

Правото на чиста и здрава животна средина е предмет на значителен број правни акти, стратешки, плански и програмски документи на национално ниво, како и на меѓународните договори и политики кои Република Македонија ги има ратификувано.

Прашањата за заштита на природата, обезбедувањето чиста и здрава животна средина и целите за заштита на животната средина се дефинирани во согласност со националната и меѓународната легислатива и истите се земени предвид при изработка на Извештајот за стратегиска оцена, а опфатени се и број други стратешки, плански и програмски документи.

Една од клучните меѓународни конвенции на кои Република Македонија е потписничка е Конвенцијата за биолошка разновидност, ратификувана и објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97. Конвенцијата има три главни цели:

- Зачувување на биолошката разновидност;
- Одржливо користење на компонентите на биолошката разновидност; и
- Праведна и еднаква распределба на придобивките кои произлегуваат од користењето на генетските ресурси.

Други конвенции и протоколи, ратификувани од страна на Република Македонија за заштита на животната средина се:

- Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/05);
- Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар) („Службен лист на СФРЈ" бр. 9/77);
- Бонска Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/99) и Договор за заштита на лилјаците во Европа („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/99 и 13/02);
- Бернска Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/97);
- Париска Конвенција за за заштита на светското културно и природно наследство („Службен лист на СФРЈ" бр. 56/74);
- Рамковна Конвенција на ОН за климатски промени (Њујорк) („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/97) и Кјото Протокол кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/04);
- Еспо Конвенција за оцена на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99);
- Архуска Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесување на одлуки и правна заштита за прашања од обласа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/99);
- Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, особено во Африка („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/02);
- Конвенција за заштита и користење на прекугранични водотеци и меѓународни езера (Хелсинки) („Службен весник на Република Македонија" бр. 117/15);
- Виенска Конвенција за заштита на озонската обвивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 1/1990), ратификувана од Република Македонија на 10 март, 1994 година;
- Монтреалски Протокол за супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка (Монтреал, септември, 1987 година), ратификуван од Република Македонија на 10.03.1994 година;

- Дополнување на Монтреалскиот Протокол (усвоен на вториот состанок на договорните страни одржан во Лондон, на 29 јуни, 1990 година) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/98);
- Дополнување на Монтреалскиот Протокол (усвоен на четвртиот состанок на договорните страни одржан во Копенхаген, 25 ноември, 1992 година) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/98);
- Стокхолмска Конвенција за заштита на човековото здравје и животната средина од отпорни органски соединенија, потпишана од Република Македонија на 23 мај, 2001 година и ратификувана на19 март, 1994 година;
- Комуникација од Комисијата за Европскиот Парламент, Советот, Економскиот и Социјален Комитет и Комитетот за регионите (Наше животно осигурување, наш природен капитал: ЕУ Стратегија за диверзитет до 2020 година);
- Рамковната конвенција за вредностите на културното наследство за општеството (Фаро 2005) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/11),
- Конвенцијата за заштита на архитектурното наследство на Европа (Гранада 1985);
- Конвенцијата за заштита на археолошкото наследство на Европа (Валета 1992) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/05).

## 7.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целите на заштитата на животната средина се изразени преку целите на стратегиска оцена на животната средина. Споредување на целите за животна средина со целите и активностите во планскиот документ е вообичаен метод при спроведување на СОЖС, со цел да се оцени дали развојот, односно идната имплементација на еден развоен плански документ, како што е во случајов ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче ќе биде во насока на поставените цели за животна средина (СОЖС). Целите на стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: населението и здравјето на населението, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра, пределот, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Во табелата, што следува, презентирани се целите на СОЖС во однос на целите дефинирани во ДУПД (нивната компатибилност и некомпатибилност).

Компатибилноста/некомпатибилноста на целите е разгледувана во однос на ДУПД (цели за намена на просторот и активности за нивно постигнување) и во однос на неговата идна имплементација во понизок ранг на плански документи или проектна документација.

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | Поврзаност со насоките и целите на ДУПД | СОЖС индикатори |
|---|---|---|---|---|
| **Население и здравје на населението** | Унапредување на животните услови на населението | -Подобрување на медиумите и областите од животната средина;<br>-Подобрување и заштита на здравјето на луѓето;<br>-Подобрување на социоекономската состојба (вработување, зголемување на приходите, демографски развој, намалување на миграцијата);<br>-Подобрување на инфраструктурата;<br>-Подобрување на квалитетот на живот на луѓето. | ***Компатибилност***<br>-Планирање на просторот во согласност со законските прописи за урбанизација и користење на земјиштето,<br>-Развој на активности во кои ќе се применуваат принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>- Имплементација на мерки за зачувување на состојбата на медиумите во животната средина;<br>-Подобрување на условите за стимулирање и поттикнување на нови вработувања и подобрување на стандардот и квалитетот на живот на населението;<br>-Развој на нови бизниси и зголемување на стандардот на живеење во Општината.<br>***Некомпатибилност:***<br>Урбанизација на простор со намена земјоделско земјиште и шуми (иста намена има и земјиштето и во опкружувањето на опфатот) и негова пренамена во градежно земјиште; | -Евидентирани дозволи, одобренија и согласности за урбанизација на просторот, изградба и оперирање на планските содржини;<br>-Трендови на емисии во медиумите од животната средина;<br>-Евидентирани ризици по здравјето и безбедноста на населението;<br>-Број на евидентирани жалби и поплаки од засегнатите страни;<br>-Стапка на прираст на населението;<br>-Стапка на смртност;<br>-Стапка на вработеност;<br>-Животен стандард;<br>-Стапка на миграција. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -Урбанизација на простор во кој ќе се генерираат емисии во животната средина кои може да го засегнат локалното население и посетителите на акумулацијата „Мантово“ на директен и индиректен начин;<br>-Урбанизација на простор каде ќе се користат природните ресурси (води за водоснабување), изведба на активносто ќе ја деградираат природата и ќе бидат потенцијални извори на емисии во животната средина. | |
| **Воздух и климатски промени** | Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови | -Одржување и подобрување на квалитетот на воздухот,<br>-Ограничување на загадувањето на воздухот до нивоа кои не ги загрозуваат природните системи,<br>-Ограничување на емисиите на воздух во согласност со стандардите за квалитет на воздухот,<br>-Намалување на емисиите на стакленички гасови и зголемено искористување на обновливи извори на енергија,<br>-Намалување на причините и последиците од климатските промени. | ***Компатибилност***:<br>-Поставување на објекти со основна класа на намена – В4 (Државни институции);<br>-Намалена или елиминирана употреба на фосилни горива;<br>-Употреба на материјали и примена на мерки за енергетска ефикасност;<br>-Можност за употреба на сончеви колектори;<br>-Изградба на зелени површини;<br>-Изградба на системи за третман на отпадни води;<br>-Имплементација на систем за управување со отпад. | -Изградени објекти со основна класа на намена – В4 (Државни институции), со можност на вградување на компатибилни класи на намена, со третман на емисиите и контрола на емитерите;<br>-Состојбата на квалитетот на амбиентниот воздух не се драстично разликува во однос на мерењата пред фазата на имплементација на Планот;<br>-Тренд на производство и користење на енергија од обновливи извори.<br>-Применети мерки за управување со отпадот;<br>-Изградени системи за третман на отпадни води и евиденција за управување со отпад; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ***Некомпатибилност:*** Отстранување на шумска вегетација за изградба на објекти, инфраструктурни мрежи и објекти и сл. | -Површини на уништена шумска вегетација. |
| **Бучава и вибрации** | Заштита на населението од зголемено ниво на бучава и вибрации | -Одржување на нивото на бучава и вибрации до нивоа кои се прифатливи за населението и биолошката разновидност. | ***Компатибилност:*** Предвидена е примена на мерки за заштита од бучава и вибрации (заштитна звучна изолопација на објектите), како и поставување на звучни бариери). ***Некомпатибилност:*** Изгрдба на тренинг центар каде ќе се изведуваат активности кои се извори на бучава и вибрации во близина на објекти за домување, одмор и рекреација, а исто така и во подрачје богато со биолошка разновидност, односно значајно подрачје за птици. | -Нивоата на бучава и вибрации се во граници со кои не се нарушува здравјето на населението, како и состојбата на биолошката разновидност; -Состојбата на бучавата во животната средина не се драстично разликува во однос на мерењата пред фазата на имплементација на Планот; -Број на жалби и поплаки од населението за ефектите од зголемено ниво на бучава; -Број на видови за кои се смета дека ги напуштите своите живеалишта како резултат на зголемено ниво на бучава и вибрации. |
| **Води** | Заштита и унапредување на состојбата со водите | -Одржливо управување и користење на водните ресурси, -Заштита, зачувување и подобрување на состојбата на крајбрежното земјиште, водните екосистеми и екосистемите зависни од вода, -Намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на | ***Компатибилност:*** - Планирање на просторот во согласност со планските документи за одржливо искористување и управување со водите; -Водоснабудвање кое ќе се темели на одржливо искористување на водните ресурси; | -Издадени дозволи од страна на надлежните органи за користење на водите од акумулацијата Мантово и подземните води; -Применети пракси и техники за заштита и рационално искористување на водите; -Зачуван еколошки статус на водните тела; -Достапни податоци од мониторинг на површински и подземни води; -Тренд на одржани водни живеалишта. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | опасни материи и супстанции во водите.<br>-Зачувување на биолошката разновидност во рамките на интегрираното управување со водите. | - Почитување на заштитната зона на акумулацијата Мантово;<br>-Заштита на водните тела (површински и подземни) со изградба на системи за собирање и третман на отпадните води;<br>-Имплементација на систем за управување со различни фракции отпад.<br>***Некомпатибилност:***<br>-Урбанизација на простор граничи со крајбрежниот појас на акумулацијата Мантово. | -Склучени договори со овластени постапувачи за управување со разни фракции отпад;<br>-Изработени планови и имплементирани мерки за управување со несреќи и хаварии. |
| **Почва** | Заштита и унапредување на состојбата на почвата | -Заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност,<br>-Заштита на геоморфолошките вредности на почвата,<br>-Заштита на почвата од загадување;<br>-Зачувување на агробиолошката биолошката разновидност. | ***Компатибилност:***<br>-Планирање на просторот во согласност со потребите за изградба на тренинг центарот, со цел одржливо искористување и намена на земјиштето;<br>-Изградба на системи за третман на отпадни води;<br>-Имплементација на систем за управување со различни фракции отпад.<br>Некомпатибилност:<br>-Урбанизација на 40,022 ha простор со намена земјоделско земјиште и шуми;<br>-Изведба на активности кои ќе допринесат за | -Добиени дозволи и согласности за пренамена на земјиштето и негова урбанизација;<br>-Трендови на емисии на загадувачки материи во животната средина;<br>-Број на изградени системи за третман на отпадни води;<br>-Воспоставен систем за управување со отпадот;<br>-Изработени планови и имплементирани мерки за управување со несреќи и хаварии;<br>-Степен на ремедијација на деградираните површини. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | нарушување на геолошките карактеристики на почвата;<br>-Генерирање на емисии кои може да го нарушат квалитетот на почвите. | |
| **Биолошка разновидност и природно наследство** | Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство | -Подобрување на состојбата со биолошката разновидност преку заштита на екосистемите/живеалиштата, видовите и генетската разновидност,<br>-Подобрување на постојните деградирани живеалишта и нивна ревитализација,<br>-Намалување на притисоците и заканите врз биолошката разновидност,<br>-Воспоставување на комплексен мониторинг на биолошката разновидност (видови, живеалишта, екосистеми, значајни подрачја). | ***Компатибилност:***<br>-Урбанистички развој на просторот со примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>-Изградба на системи за собирање и третман на отпадните води;<br>-Примена на мерки за подобрување на состојбата на почвите, водите, управувањето со отпад и сл.;<br>-Примена на мерки за заштита на биолошката разновидност.<br>***Некомпатибилност:***<br>-Урбанизација на простор со намена земјоделско и шумско (со површина од 40,022 ha) кои претставуваат живеалишта за различни видови флора и фауна;<br>-Урбанизација на простор кој се наоѓа во подрачје идентификувано како Значајно подрачје за птици, како и во близина на акумулацијата „Мантово“ која | -% на отстранета шума и друга вегетација за имплементација на содржините во Планот;<br>-Трендови на усогласеност на просторниот развој на просторот во согласност со планската документација и препораките од Извештајот за СОЖС;<br>-Степен на имплементирани мерки за заштита од несреќи и хаварии, пропишани во сите технички документи и документите за заштита на животната средина;<br>-Изработени планови и имплементирани мерки за управување со несреќи и хаварии;<br>-Концентрациите на емисиите во медиумите и областите на животната средина се во согласност со пропишаните законски гранични вредности;<br>-Стапка на загубени/загрозени и зачувани живеалишта и видови во однос на постојната состојба;<br>-Трендови на применети компензациони мерки. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | располага со биолошка разновидност.<br>-Генерирање на емисии во животната средина кои може да ја засегне биолошката разновидност во планскиот опфат и неговото опкружување, особено во случај на несреќи и хаварии. | |
| **Предел и визуелни карактеристики** | Зачувување на карактеристиките на пределот и негова заштита, особено во назначени области | -Зачувување на природните карактеристики на пределот,<br>-Одржување на функционалните и структурни карактеристики на природните и полуприродните предели,<br>-Подобрување на квалитетот и бројот на јавно пристапни отворени простори. | ***Компатибилност:***<br>-Поставување и распоред на објектите во планскиот опфат со што ќе се намали степенот на деградација на пределот.<br>***Некомпатибилност:***<br>-Урбанизација на простор со природни пределски и визуелни карактеристики;<br>-Урбанизација на простор со кој трајно ќе се деградира пределот. | -% на отстранета шума и друга вегетација за имплементација на содржините во Планот;<br>-Степен на рекултивација на деградираниот простор. |
| **Материјални добра** | Заштита на материјалните добра | -Намалување на количините на генериран отпад и негово одржливо управување,<br>-Изградба, заштита и подобрување или санација на системите за водоснабдување, третман на отпадни води,<br>-Подобрување и ефикасно користење на постојната и изградба на нова транспортна инфраструктура,<br>-Подобрување и ефикасно користење на постојниот начин на | ***Компатибилност:***<br>-Планирање на просторот во согласност со постојната состојба и потребите од изградба на инфраструктура, со цел постигнување одржлив просторен урбан развој;<br>-Изградба на системи за водоснабдување, собирање и третман на отпадни води;<br>-Изградба на електродистрибутивна, | - Изградени системи за водоснабдување и третман на отпадни води;<br>- Изградена електродистрибутивна, транспортна и комуникациска инфраструктура;<br>-Склучени договори со овластени постапувачи за управување со разни фракции отпад;<br>-Изработени и имплементирани планови за управување со несреќи и хаварии;<br>-Стапка на фреквенција на возила по сообраќајниците во однос на постојната состојба и сл. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | снабдување со електрична енергија и изградба на нова електроенергетска инфраструктура и преносна мрежа.<br>- Поставување на инфраструктура на локации кои не располагаат со значајни природни вредности. | транспортна и комуникациска инфраструктура;<br>-Воспоставување систем за управување со отпадот.<br>***Некомпатибилност:***<br>-Користење на постојните патишта кои водат до планскиот опфат во почетната фаза на имплементација на планските содржини и можност за нивно оштетување.<br>-Урбанизација на простор во близина на акумулацијата „Мантово“ и на локација делумно покриена со шумска вегетација. | -Поплаки од населението и правните субјекти за можен недостаток на вода или нарушен квалитет на водата од акумулацијата „Мантово“ која се користи за наводнување и водоснабдување или оштетување на патната инфраструктура. |
| **Културно наследство** | Заштита и унапредување на културното наследство | -Зачувување и подобрување на историските градби, археолошки наоѓалишта и други важни културни локалитети. | -Почитување на вредноста на културното наследство. | -Евиденција на евентуално откриени и заштитени културни добра. |

# 8 АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор локација, најдобро решение од аспект на економска оправданост и заштита на животната средина.

Како појдовна основа за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче е потребата на Министерството за внатрешни работи од урбанизација на простор кој ќе се користи како тренинг центар на МВР-УБК, поставените критериуми за избор на локацијата за изградба на тренинг центар и сл.

Во изработената проектна документација не е даден опис за критериумите за избор на оваа локација за изградба на тренинг центар, а исто така не е разгледувана друга алтернативна локација.

Затоа, од аспект на разгледувани алтернативи, во ова поглавје се разгледувани алтернативите без имплементација и со имплементација на Планот.

**Алтернатива 1: Без имплементација на Планот на предметната локација**

Во согласност со расположливата документација и состојбата на терен, може да се констатира дека планскиот опфат се наоѓа во подрачје покриено со земјоделско земјиште (необработливо) и шуми, во непосредна близина на акумулацијата „Мантово“. Покрај ова, планскиот опфат се наоѓа во рамките на подрачје идентификувано како Значајно подрачје за птици.

Досегашниот начин на користење на просторот на предметната локација е алтернативно разгледуван како состојба да не се прави ништо („do nothing scenario“), во смисла на предметната локација да не се имплементира Планот и локацијата и понатаму да остане со истата намена и состојба.

Разгледувано од аспект на задржување на квалитетот на медиумите и областите на животната средина, оваа алтернатива се покажува како најсоодветна, пред се заради фактот што планскиот опфат се наоѓа во сензитивно подрачје од повеќе аспекти. Без имплементација на Планот состојбата со животната средина ќе остане на сегашно ниво, без можности за деградација на природните вредности и создавање можности за нарушување на квалитетот на медиумите и областите од животната средина и здравјето на населението, особено во случај на несреќи и хаварии.

Разгледувано од социоекономски аспект без имплементација на Планот ќе се намалат можностите за вработување на невработеното население, низок економски развој на Општината и сл.

**Алтернатива 2: Имплементација на Планот на предметната локација**

Имплементацијата на Планот на предметната локација ќе се разгледува од аспект животна средина и социоекономски аспект:

*Животна средина*

Разгледувано од аспект на животната средина имплементацијата на Планот во предвидениот плански опфат значи:

- Потенцијална можност за генерирање на емисии во медиумите и областите од животната средина во сензитивно подрачје кои на директен или индиректен начин може да го нарушат квалитетот на животната средина и да влијаат врз населението и нивното здравје, како и на посетителите на акумулацијата;
- Предвидените плански активности и содржини може да предизвикаат несреќи и хаварии, кои доколку се случат може да предизвикаат влијанија водите, почвата, биолошката разновидност, кои на директен или индиректен начин може да го загрозат здравјето и безбедноста на населението.

*Социоекономски аспект*

Разгледувано од социоекономски аспект имплементацијата на Планот во предвидениот плански опфат може да предизвика:

- Отворање можности за нови вработувања, создавање услови за подобар економски развој;
- Зголемени приходи во општинскиот и државниот буџет;
- Потенцијалниот ризик од несреќи и хаварии може да предизвика социоекономски загуби, од аспект на еколошки штети и здравствени проблеми на населението.
- Намалена посетеност на викенд населбата и посетителите на акумулацијата кои истата ја користат за одмор и рекреација како резултат на зголемено ниво на бучава, присуство на луѓе и сл.

***Заклучок:*** Горенаведените анализи имаат за цел да ги предочат позитивните и негативните аспекти од имплементацијата на Планот, кои донесувачите на Планот треба да ги имаат предвид во постапката на усвојување на Планот и истите да одлучат во која насока треба да се развива ова подрачје.

# 9 ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ

Потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти кои може да бидат предизвикани со имплементација на Државната Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче ќе потекнуваат од имплементацијата на планираните содржини во планскиот опфат кои вклучуваат изградба на сместувачки капацитети (објект за сместување на професори, објект за сместување на студенти, VIP – сместување), стрелиште, објект со училници, кујна со трпезарија, амбуланта, фитнес, портирница, магацини, како и останати содржини во зависност од потребите на центарот.

Влијанијата се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни придобивки, односно позитивни влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и области на животната средина и социо-економските придобивки, но од генерален аспект.

За дел од планираните активности во Планот, дополнително ќе се води постапка за подетална оцена на влијанијата врз животната средина на ниво на документација од понизок ранг.

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина и социо-економските аспекти ќе бидат елиминирани или ефективно подобрени, доколку при имплементација на Планот и предложените мерки, од кои дополнително ќе произлезат конкретни проекти, бидат земени предвид мерките за намалување на влијанијата дефинирани во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, како и мерките кои ќе бидат дадени на ниво на проекти, низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

Влијанијата врз медиумите и областите од животната средина, здравјето на населението и социјалните влијанија кои може да произлезат со имплементација на Планот, како и предлог мерките за нивно намалување се прикажани во следното поглавје.

.

## 9.1 Можни влијанија од имплементација на Планот и мерки за намалување на влијанијата

<table>
<tr><th colspan="11">СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ВЛИЈАНИЈА</th></tr>
<tr><td colspan="11">СОЦИО ЕКОНОМСКИ ПРИДОБИВКИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО</td></tr>
<tr><td colspan="11"></td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Имплементацијата на Планот ќе овозможи создавање услови за урбано уредување на локацијата која ќе се користи како тренинг центар на МВР-УБК. Имплементацијата на Планот ќе допринесе за економски развој, пред се заради создадените услови за вработување на населението како во фазата на градење, така и во текот на оперативноста на тренинг центарот што може да резултира со:<br>• зголемување на животниот стандард на населението, кое се соочува со невработеност, сиромаштија и миграција;<br>• подобрување на бизнис климата;<br>• зголемување на приходите во општинскиот буџет, како резултат на даноци и комунални такси од страна на корисниците на просторот.<br>Имплементација на Планот нема да предизвика раселување на населението. За потребите на тренинг центарот ќе биде изградена или подобрена постојната инфраструктура (патна) во ова подрачје од која придобивки ќе имаат и најблиско населените места и корисниците на парцелите околку планскиот опфат.<br>Подобрувањето на инфраструктурата, отворените можности за вработување може да допринесе за развој и заживување на ова подрачје, намалување на миграцијата, односно подобрување на демографската состојба на населението.</td></tr>
<tr><td colspan="11"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Природа на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Позитивни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Голем</td><td>Не е применливо</td><td>Долгорочно</td><td>Национално/Регионално/Локално</td><td>Умерена</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">Не е применливо</td></tr>
</table>

| СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ВЛИЈАНИЈА | |
|---|---|
| **СОЦИО ЕКОНОМСКИ ЗАГУБИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО** | |
| | |
| **Опис на влијанијата** | Имплементацијата на Планот ќе допринесе за трајна пренамена на 40,022 ha земјиште, категоризирано како земјоделско земјиште и шуми во градежно земјиште. Со урбанизацијата на земјиштето ќе се промени неговата досегашна намена и пристапот до одредени локации, што ќе предизвика загуба од економски и социјален аспект за локалното население, кое досега овој простор го користеле за различни намени.<br>Парцелите во планскиот опфат се во државна сопственост, меѓутоа за целосна имплементација на Планот постои можност дополнително да се зафаќа земјиште (изградба на инфраструктура, која не е предмет на разгледување во овој Извештај) во приватна сопственост, што може да го засегне населението од аспект на времено или целосно одземање на земјиштето, што може да предизвика социоекономски загуби.<br>Имплементирањето на Планот ќе допринесе за генерирање на емисии во животната средина, кои може да предизвикаат нарушување на квалитетот на животната средина во опкружувањето на опфатот, што може да допринесе за намалување на вредноста на подрачјето чија приоритетна намена е за развој на туризмот.<br>Во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа акумулацијата „Мантово“, додека надвор од границите на опфтатот во поширокото опкружување поминува реката Крива Лакавица и порои. Најзначаен воден ресурс е акумулацијата „Мантово“ која се се користи за наводнување и водоснабдување на радовишкиот регион. Искористувањето на водите од акумулацијата за задоволување на потребите од вода на тренинг центарот (една од опциите за водоснабдување предвидена во планот) може да предизвика промени во количините на водните ресурси и појава на недостаток на вода за различни намени, што може да резултира со економски загуби во заедницата. Имплементацијата на Планот може да предизвика нарушување на квалитетот на водите во случај на несоодветен третман на отпадните води што може негативно да се одрази врз квалитетот на водите, здравјето на населението, квалитетот на почвата и земјоделските производи кои се наводнуваат со овие води. За надминување на овие појави, во планската документација се пропишани мерки за третман на санитарните и атмосферските води во пречистителна станица и маслофаќачи, пред финално испуштање во реципиент.<br>Со имплементацијата на Планот ќе се зголемат емисиите на бучава и вибрации, што може да предизвика вознемирување на домашните животни, а особено на посетителите на викенд населбата кај акумулацијата „Мантово“, посетителите на акумулацијата и сл. За намалување на нивото на бучав, во планската документација предвидено е поставување на збвучни бариери, кои ќе допринесат за намалување на овие влијанија.<br>Во рамките на опфатот ќе бидат изградени објекти (магацин за муниција, стрелиште), а исто така ќе се изведуваат активности кои претставуваат ризик за појава на несреќи и хаварии, кои може да предизвикаат негативни влијанија за населението и заедницата.<br>Покрај останатото, локалното население може да биде засегнато од зголемената фреквенција на возила по сообраќајните, што може да биде причина за застој, сообраќајни незгоди и сл. |
| | |

<table>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Природа на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Умерен/Голем[3]</td><td>Повратни/неповратни</td><td>Долгорочни</td><td>Локални</td><td>Умерена/Голема[4]</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата се препорачува:<br>• Планирањето на просторот за урбанизација и имплементацијата на Планот во документите од понизок ранг да се врши во согласност со издадените мислења, согласности, дозволи и одобренија од институциите надлежни за урбанизација на просторот, пренамена на земјиштето, одобрението за градба, дозволите за работа и сл.;<br>• Планирањето на просторот во документите од понизок ранг да се врши со рационално искористување на површините, односно поставувањето на објектите да се врши на локации кои ќе претрпат минимална деградација и се погодни за избегнување или ублажување на можните влијанија;<br>• Преземање мерки за компензација во согласност со Законот за шуми и Законот за заштита на природата;<br>• Примена на компензациони мерки за евентуално одземено приватно земјиште;<br>• Во фазата на планирање и проектирање, како и во фазата на оперирање на центарот да се преземат сите неопходни мерки со кои ќе се овозможи третман и рационално искористување на водите, со цел да се избегнат можните појави на недостаток на вода за наводнување и водоснабдување, а исто така нема да се наруши квалитетот на реципиентот на третираните води;<br>• Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје и безбедност;<br>• Оградување на просторот;<br>• Примена на мерки за ефикасно намалување на емисиите во медиумите од животната средина, кои може да влијаат врз населението на директен и индиректен начин, особено мерките за намалување на нивото на бучава, третман на отпадните води, мерките за заштита од несреќи и хаварии, предложени во планската документација, Извештајот за СОЖС, како и мерките кои ќе произлезат на ниво на проектна документација.</td></tr>
</table>

[3] Во услови на инцидентни состојби
[4] Во услови на инцидентни состојби

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><td colspan="11">ЗДРАВЈЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО</td></tr>
<tr><td colspan="11"></td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Имплементацијата на Планот ќе допринесе за генерирање на емисии во животната средина, кои доколку не се соодветно третирани и управувани може да го засегнат локалното население.<br>Влијанија врз здравјето на населението може да настанат во случај на зголемено ниво на бучава и вибрации, несоодветен третман на отпадните води (санитарни и атмосферски) пред нивно испуштање во природните реципиенти кои се користат за водоснабдување и наводнување, несоодветно управување со разни фракции отпад, несоодветно складирање и ракување со муниција, енергенси, отпад и сл., несакани истекувања, како и друг вид на несреќи и хаварии. Несоодветниот третман на емисиите и можната појава на несреќи и хаварии, може да предизвика директни или индиректни ефекти и штети врз здравјето и безбедноста на населението.<br>Исто така, транспортот и емисиите од транспортот може да предизвикаат негативно влијание врз здравјето и безбедноста на населението. Можните емисии во медиумите од животната средина генерирани од предвидените плански содржини може да предизвикаат кумулативни влијанија врз здравјето на населението, како резултат емисиите кои се генерираат од постојниот сообраќај по сообраќајниците, емисиите од рудникот „Боров Дол“, обработливите земјоделски површини, објектите за домување (постојано домување и викендичките) кои претставуваат извори на емисии во животната средина и даваат придонес на квалитетот на животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="11"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Природа на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Мал/Умерен/Голем[5]</td><td>Повратни/неповратни</td><td>Долгорочно</td><td>Локални</td><td>Мала/Умерена/Голема[6]</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување или избегнување на можните влијанија врз здравјето на населението се препорачува примена на сите предложени мерки за заштита на медиумите и областите од животната средина на ниво на планска и проектна документација, како и контрола на емисиите при имплементацијата на планските содржини и во оперативната фаза на центарот. Се препорачува особено внимание да се посвети на управувањето со отпадните води, емисиите на бучава и вибрации, отпадот, а особено да се врши редовна контрола на објектите кои претставуваат потенцијална опасност за појава на инциденти, односно несреќи и хаварии.<br>Имплементацијата на овие мерки ќе придонесе за намалување или елиминирање на можните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето.</td></tr>
</table>

[5] Во услови на инцидентни состојби
[6] Во услови на инцидентни состојби

| ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ** | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | Имплементацијата на Планот ќе допринесе за генерирање на емисии во воздухот, како резултат на предвидените активности во планскиот опфат и транспортните активности (зголемена фреквенција на возила, употреба на енергенси) кои може да го нарушат квалитетот на амбиентниот воздух.<br>Генерираните емисии во воздухот може да се исталожат во форма на седимент врз почвата и да предизвикаат нарушување на квалитетот на почвата во околното опкружување, нарушување на квалитетот на атмосферските води со промивање на седиментот, да влијаат врз квалитетот на земјоделските култури и сл. Генерираните емисии од планските содржини може да предизвикаат директни кумулативни влијанија врз квалитетот на воздухот и индиректни влијанија врз останатите медиуми од животната средина, како резултат на емисиите во воздух генерирани од возилата кои се движат по сообраќајниците, близината на објектите за домување и викенд населбата кои користат фосилни горива за затоплување, емисиите во воздух кои се генерираат при обработка на земјоделски површини. Квалитетот на воздухот може значително да се наруши во услови на несреќи и хаварии. Со цел намалување на влијанијата врз квалитетот на воздухот во планската документација предвидени се низа мерки, како искористување на сончевиот потенцијал за затоплување на вода, примена на мерки за енергетска ефикасност, поставување на заштитно зеленило, третман на отпадните води, соодветно управување со отпадот и сл.<br>Врз основа на горенаведеното може да се заклучи дека во нормални оперативни услови и со примена на мерки за намалување на емисиите во воздух не се очекуваат количини на емисии кои може значително да го нарушат квалитетот на воздухот или да имаат значителен придонес кон климатските промени. | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Природа на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Негативни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал/Голем** [7] | **Повратни** | **Долгорочно** | **Локални** | **Мала/ Голема**[8] |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Со цел да се избегне нарушување на квалитетот воздухот се препорачува:<br>• Примена на мерките предложени во планската документација;<br>• Намалена или елиминирана употребата на фосилни горива како енергенс;<br>• Третман на емисиите во воздух и контрола на емитерите, доколку се користат фосилни горива како енергенс; | | | | | | | | | |

[7] Во услови на инцидентни состојби
[8] Во услови на инцидентни состојби

| | |
|---|---|
| | • Примена на мерките за заштита од несреќи и хаварии предложени на ниво на План, како и мерките кои подетално ќе произлезат на ниво на проектна документација. |

| ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВОДИ** | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | Имплементацијата на Планот може да предизвика негативни влијанија врз квантитативните и квантитативните карактеристики на водните ресурси (површински или подземни) во рамките на опфатот и пошироко, како резултат на обезбедување техничка и санитарна вода за задоволување на потребите во тренинг центарот (зафаќање води од акумулацијата „Мантово“ или искористување на подземните води преку изградба на бунари).<br>Искористувањето на големи количини на вода за потребите на планскиот опфат може да предизвика промени во количината на вода/нивото во акумулацијата и подземните води. Покрај ова, количината на вода во овие водни тела може да се намали како резултат на климатските промени[9] (намалување на протокот на реките кои ја полнат акумулацијата) што може да резултира со појава на недостаток на вода за пиење и наводнување на регионално ниво. Овие појави се можни во случај на несоодветно димензионирање на потребите од вода, како и непредвидливи метеоролошки промени. Намалувањето на нивото на водата може да резултира со зголемување на температурата, појава на еутрофикација и сл.<br>Покрај можните квантитативни промени, имплементацијата на Планот може да предизвика и нарушување на квалитетот на површинските и подземните води во случај на несоодветен треман на отпадните води во системите за третман пред финално испуштање во реципиент (во оваа фаза на планирање, не е дефиниран реципиентот на отпадните од планскиот опфат), промивање на исталожениот седиментот врз почвата, во случај на несреќи и хаварии и сл. Со цел намалување на влијанијата врз водите, во Планот се предвидува сите отпадни води, генерирани во рамките на планскиот опфат (атмосферски, санитарни), да се собираат, третираат пред финално испуштање во реципиент.<br>Отстранувањето на вегетацијата од планскиот опфат може да предизвика локална ерозија на земјиштето, што може да доведе за зголемена појава на седимент во акумулацијата и нарушување на квалитет на водата. | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Природа на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |

[9] Во согласност со предвидувањата во Третиот Национален Извештај за климатски промени, каде посебен акцент е ставен на ранливоста на Струмичкиот регион. Ова предвидување е земено предвид како резултат на близината на општина Конче до Струмичкиот регион, односно истите се дел од Југоисточниот плански регион.

<table>
<tr><td></td><td>Негативни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Мал/Умерен/Голем[10]</td><td>Повратни/Неповратни</td><td>Долгорочно</td><td>Локални/Регионални</td><td>Мала/Умерена/Голема[11]</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата врз водите се препорачува:
<ul>
<li>Искористувањето на водите од акумулацијата „Мантово“ да се врши во согласност со мислењата и дозволите издадени од АД „Водостопанство“ на РСМ, како субјект кој управува со системот „Мантово“;</li>
<li>Искористувањето на подземните води за водоснабдување, да се врши во согласност со дозволата за користење на подземни води, издадена од Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на животната средина - Сектор за води;</li>
<li>Рационално искористување на водните ресурси, со цел да се избегне ризикот од можен недостаток на вода за водоснабдување и наводнување, нарушување на физичко хемиските карактеристики на водата во акумулацијата, а исто така да се обезбеди доволна количина на вода која истекува од акумулацијата во реката Крива Лакавица;</li>
<li>При финално дефинирање на начинот на водоснабдување во планскиот опфат со потребните количини на вода, да се земат предвид можните намалувања на протокот во водните тела како резултат на климатските промени, за да се елиминира можноста за недостаток на вода за корисниците (водоснабдување и наводнување), а исто така потребите од вода во планскиот опфат да бидат задоволени;</li>
<li>Соодветно димензионирање на мрежата и објектите за собирање на отпадни води во рамките во планскиот опфат, со цел да се постигне ефикасно собирање и третман на отпадните води;</li>
<li>Се препорачува повторно искористување на третираните води за технички намени во опфатот, со цел заштеда на водните ресурси;</li>
<li>Дефинирање на реципиентите на третираните отпадни води од планскиот опфат, а квалитетот на испуштените води да биде во согласност со дозволата за испуштање на отпадни води, која третба да ја издаде надлежниот орган, МЖСПП-Сектор води;</li>
<li>Следење на квалитетот на испуштените води во крајниот реципиент;</li>
<li>Управувањето со отпадот да биде во согласност со законските прописи за различни фракции отпад;</li>
<li>Правилно чување и складирање на суровини и помошни материјали, особено муниција, отпад и др.;</li>
<li>Редовен мониторинг на сите објекти и уреди кај кои постои ризик од протекување и преземање на сите неопходни мерки за заштита во случај на инцидентни состојби.</li>
</ul></td></tr>
</table>

[10] Во услови на инцидентни состојби
[11] Во услови на инцидентни состојби

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><td colspan="11">ПОЧВА</td></tr>
<tr><td colspan="11"></td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Со имплементацијата на Планот се предвидуваат низа активности со кои ќе се промени досегашната употребна вредност на земјиштето, нарушување на геолошките и геоморфолошките карактеристики, стабилноста и квалитетот на почвата.<br>Имплементацијата на планскиот опфат на површина од 40,022 ha земјиште, покриено со шуми и земјоделско земјиште (необработливо), кое треба да се пренамени во градежно земјиште ќе допринесе за трајна загуба на продуктивното земјиште и придобивките од досегашната намена.<br>Урбанизацијата на локацијата ќе допринесе за нарушување на геолошките карактеристики и стабилноста на почвата (можна појава на ерозија). Овие појави се можни како резултат на поставеноста на опфатот во ридест предел во близина на акумулацијата, отстранувањето на шумската и другата вегетативна покривка и сл. Овие појави може да предизвикаат негативни влијанија врз акумулацијата, биолошката разновидност, а исто така и врз безбедноста на заедницата.<br>Со имплементацијата на Планот може да дојде до нарушување на квалитетот на почвата во случај на несоодветен третман на отпадните води, исталожување на седимент врз почвата, несакани излевања, несоодветно управување со отпад, а особено во услови на несреќи и хаварии.<br>При нормални оперативни услови и со примена на мерките за управување и контрола на емисиите не се очекуваат значителни влијанија врз почвите.</td></tr>
<tr><td colspan="11"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Природа на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни</td><td>✓</td><td>✓</td><td></td><td>✓</td><td>Умерен/Голем[12]</td><td>Повратни/Неповратни</td><td>Долгорочно</td><td>Локални</td><td>Умерена/Голема[13]</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата врз почвите се препорачува:<br>• Планирањето на просторот за урбанизација, како и имплементацијата на Планот да се врши во согласност со препораките за заштита на земјиштето, издадените мислења, согласности, дозволи и одобренија од институциите, надлежни за урбанизација на просторот и пренамена на земјиште, одобрение за градба, дозволи за работа и сл.;<br>• Планирањето на просторот да се врши со рационално искористување на површините, односно поставувањето на објектите да се врши на локации кои ќе претрпат минимална деградација;<br>• Оградување на просторот;</td></tr>
</table>

[12] Во услови на инцидентни состојби
[13] Во услови на инцидентни состојби

<table>
<tr><td></td><td>• Преземање на сите неопходни мерки за заштита од појава на ерозија на земјиштето;<br>• Примена на мерките за намалување на влијанијата врз водите, воздухот, управувањето со отпад, мерките за заштита од несреќи и хавարии;<br>• Редовен мониторинг на сите објекти кај кои постои ризик од протекување и преземање на сите неопходни мерки за заштита.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><th colspan="11">БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ И ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО</th></tr>
<tr><td colspan="11"></td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Планскиот опфат не влегува во рамките на заштитено подрачје, но претставува подрачје идентификувано како Значајно подрачје за птици. Во рамките на планскиот опфат и околното опкружување евидентирано е присуство на видови кои се наоѓаат на приоритетните листи за заштита, во согласност со националните и меѓународните документи за заштита и унапредување на биолошката разновидност.<br>Како што е наведено погоре, планскиот опфат претставува земјоделско и шумско земјиште, кое располага со одредени видови на биолошка разновидност. Ова земјиште треба да се пренамени во градежно, што значи отстранување на присутната вегетација. Отстранувањето на шумската и останатата вегетација, како и подготовката на опфатот за изградба на предвидени содржини ќе доведат до загуба на видови, намалување на популациите, нивно раселување и деградација на живеалиштата. Зголеменото ниво на бучава и вибрации може да предизвика вознемирување на живиот свет и да доведе до нивно раселување. Исто така зголемените количини на прашина и седимент може негативно да влијаат врз биолошката разновидност. Несоодветен третман на отпадните води (во случај на дефент на системите за третман на отпадни води), како и несоодветно управување со отпад може да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност (особено ако реципиент на отпадните води е акумулацијата „Мантово“ или пороите кои истекуваат во акумулацијата).<br>Во случај на несреќи и хаварии може да дојде со значителни негативни влијанија врз биолошката разновидност на локацијата и пошироко.</td></tr>
<tr><td colspan="11"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Природа на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни</td><td>✓</td><td>✓</td><td></td><td>✓</td><td>Мал/Умерен/Голем</td><td>Повратни/Неповратни</td><td>Долгорочно</td><td>Локални</td><td>Мала/Умерена/Голема</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата врз биолошката разновидност се препорачува:<br>• Планирањето на просторот да се врши со рационално искористување на површините, односно поставувањето на објектите да се врши на локации кои ќе претрпат минимална деградација од аспект на присуство на биолошка разновидност (да се избегнуваат површините за изградба на објекти кои се покриени со шумска вегетација);<br>• Подготвителните активности во планскиот опфат (расчистување на вегетацијата) да се изведуваат во текот есенскиот и зимскиот период;</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • Примена на мерките за намалување на влијанијата врз водите, воздухот; управувањето со отпад, мерките за заштита од несреќи и хаварии, а особено мерките за намалување на влијанијата од бучава и вибрации и сл.;<br>• Редовен мониторинг на сите објекти и уреди кај кои постои ризик од протекување и преземање на сите неопходни мерки за заштита. |

| ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕДЕЛ И ВИЗУЕЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ** | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | Планскиот опфат претставува земјиште покриено со тревеста и шумска вегетација, односно се карактеризира со природни пејзажни и пределски карактеристики. Имплементација на Планот ќе допринесе за нарушување и трајна деградација на пределот и пејзажот, како резултат на отстранување на присутната вегетација и изградба на планираните објекти. Промените на природните карактеристики на пределот во рамките на опфатот може да го засегнат локалното население и истите да ги прифатат како негативен визуелен ефект. Дел од промените на пределот во планскиот опфат ќе бидат видливи за корсниците на патот кој поминува кај планскиот опфат, посетителите на акумулацијата и сл. | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Природа на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Негативни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал/Умерен** | **Повратни/Неповратни** | **Долгорочно** | **Локални** | **Умерена** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | **За намалување на влијанијата врз пределот се препорачува:**<br>• Изградба на објекти со висина која се вклопува во просторот на локацијата и во однос на опкружувањето;<br>• Засадување и одржување на заштитно зеленило. | | | | | | | | | |

| ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО | |
|---|---|
| **КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО** | |
| | |
| **Опис на влијанијата** | Во рамките на планскиот опфат не е евидентирано е културно наследство (материјално и нематеријално, заштитено и незаштитено). Имајќи предвид дека во поширокото опкружување на планскиот опфат е евидентирано културно наследство, имплементацијата на Планот може да |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | предизвика оштетување или уништување на културното наследство во случај на изградба на дополнителна инфраструктурна мрежа за потребите на опфатот. Влијанијата врз културното наследство може да предизвикаат социо економски загуби за заедницата. | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Природа на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **НП** | **НП** | **НП** | **НП** | **НП** | **НП** | **НП** | **НП** | **НП** | **НП** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | **За намалување на влијанијата врз културното наследство се препорачува:**<br>• За отпочнување со било каква градежна активност во просторот на регистрираните локалитети најпрво треба да бидат завршени археолошките истражувања и да се добие посебно Одобрение од надлежните институции;<br>• Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност законските одредби од Законот за заштита на културното наследство. | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| **ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО** | |
| **БУЧАВА И ВИБРАЦИИ** | |
| | |
| **Опис на влијанијата** | Имплементацијата на Планот ќе допринесе за зголемување на нивото на бучава и вибрации како резултат на предвидените активности во планскиот опфат, односно присуство на луѓе, движење на транспортните возила, стрелачки активности и сл. Генерираната бучава и вибрации може да го вознемират локалното население, посетителите на викендичките и акумулацијата, сопствениците на околните парцели, домашните животни, фауната и сл. Како резултат на зголеменото ниво на бучава, постои можност одредени животински видови трајно да ги напуштат нивните живеалишта.<br>Врз основа на ова може да се заклучи дека зголемените нивоа на бучава и вибрации може да предизвикаат влијанија врз животната средина, здравјето на населението, а исто така да предизвикаат економски штети. Со цел намалување на нивоата на бучава кои ќе се генерираат во планскиот опфат, во планската документација се предвидени следните мерки: поставување на звучни бариери, звучна изолација на објектите и сл. Примената на овие мерки ќе допринесе за намалување на негативните влијанија од бучава. Дополнително, повремените стрелачки активности на отворено, одат во прилог на намалување на ефектите од бучава врз животната средина. |
| | |

| Оцена на влијанијата | Природа на влијанија | Директни влијанија | Индиректни влијанија | Кумулативни влијанија | Синергистички влијанија | Интензитет | Повратност | Времетраење | Делокруг | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Негативни | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Мал/Голем[14] | Повратни/Неповратни | Долгорочно/Повремено | Локални | Мала/Умерена |
| Мерки за намалување на влијанијата | За намалување на нивото на бучава и вибрации се препорачува примена на следните мерки:<br>• Примена на мерките за намалување на нивото на бучава предложени во планската документација;<br>• Избор на опрема за стрелачки активности која генерира ниво на бучава прифатлива за предметната локација и нејзината чувствителност;<br>• Почитување за законските обврски за дозволено ниво на бучава;<br>• Примена на компензаторни мерки во случај на предизвикана штета од зголемено ниво на бучава и вибрации, за најзасегнатите рецептори. | | | | | | | | | |

| ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО | |
|---|---|
| **МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА** | |
| | |
| **Опис на влијанијата** | ***Отпад***<br>Имплементацијата на Планот ќе допринесе за генерирање на разни фракции отпад кои може да се класифицираат како опасен и неопасен отпад. Неправилното управување со создадените фракции отпад може да резултира со директни или индиректни влијанија врз квалитетот на медиумите и областите од животната средина и здравјето на населението. Можните влијанија од несоодветно управување со отпадот се предвидува дека ќе бидат елиминирани или намалени, бидејќи оперативните активности во планскиот опфат ќе се изведуваат во согласност со препораките дадени во планската документација, односно во согласност со законските прописи за управување со отпад. Генерирањето разни фракции отпад, од кои дел ќе се депонира во општинската депонија ќе придонесе за зголемување на количината на депониран отпад на депонијата.<br>***Инфраструктурни мрежи и објекти***<br>За непречено функционирање на планскиот опфат, потребно е изградба на дополнителни инфраструктурни мрежи, како пристапни патишта, изградба на водоснабдителна мрежа, трафостаница и електроенергетска мрежа, телефонски приклучоци и сл.<br>Изградбата и приклучувањето на новите мрежи и објекти на веќе постојните инфраструктурни мрежи може да предизвика нивно оптоварување, дефект, хаварија и сл. Можното користењето на вода од акумулацијата за потребите на планскиот опфат може да предизвика недостаток на вода за водоснабдување и наводнување и да доведе до појава на проблеми од социјален и економски аспект. |

[14] За време на стрелачки активности

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зголемената фреквенција на транспортни возила по сообраќајниците може негативно да влијае врз состојбата на патиштата, односно да предизвика нивно оштетување, а исто така да влијае врз здравјето и безбедноста на локалното население (зголемено ниво на бучава, вибрации, зголемена концентрација на издувни гасови, застој во сообраќајот, ризик од сообраќајни незгоди, несреќи и хаварии при транспорт на опасни материи и сл.). | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Природа на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Негативни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал/Умерен** | **Повратни/Неповратни** | **Долгорочно** | **Локални/Регионални** | **Мала/Умерена** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | За намалување на влијанијата врз материјалните добра се препорачува примена на следните мерки:<br>• Собирање, селекција на разни фракции отпад и предавање на овластени постапувачи со отпад, со цел да се намали оптоварувањето на постојната депонија;<br>• Навремено обезбедување на согласности од надлежните органи за поврзување со постојни мрежи, објекти, патишта и сл.<br>• Водоснабдувањето на планскиот опфат од акумулацијата „Мантово“ или од подземни води, да се врши во согласност со дозволите издадени од надлежните органи и сл.<br>• Примена на мерки за рационално искористување на ресурсите;<br>• Примена на компензациони мерки за евентуално предизвиканите штети врз постојните материјални добра. | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| **НЕСРЕЌИ И ХАВАРИИ** | |
| | |
| **Опис на влијанијата** | Во согласност со податоците од Условите за планирање на просторот, планскиот опфат се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства и простори погодни за слободни територии, а исто така анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС.<br>Имплементацијата на планските содржини во предвидениот опфат може да претставува ризик за појава на несреќи и хаварии, во услови на состојби предизвикани од природни катастрофи, воени дејствија, технолошки несреќи (како резултат несоодветно складирање и ракување со опасни и неопасни материи, човечка негрижа) и сл.<br>Овие состојби може да предизвикаат појава на пожар, експлозии, несакани истекувања и сл., кои може да предизвикаат значителни негативни влијанија врз медиумите од животната средина, да ги загрозат здравјето и безбедноста на населението, а исто така да предизвикаат значителни економски загуби во заедницата. |
| | |

| **Оцена на влијанијата** | **Природа на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Негативни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал-Голем** | **Повратни/Неповратни** | **Краткорочно-Долгорочно** | **Локални/Регионални** | **Мала-Голема** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | За да се намали можноста за појава на незгоди, несреќи и хаварии се препорачува примена на строги мерки за заштита од пожар, воени разурнувања, природни непогоди, технички несреќи, сообраќајни несреќи и сл., кои треба детално да бидат разработени на ниво на проектна документација.<br>Исто така, се препорачува да се подготви:<br>• Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи;<br>• Примена на мерките за заштита од ризици и несреќи дефинирани во планската документација;<br>• Подготовка на проценка на ризик и одговорност од еколошка штета за идните објекти за кои постојат индикации од појава на технолошки хазарди. | | | | | | | | | |

# 10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ОД АСПЕКТ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализација на планскиот документ ДУПД и сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на мерките и активностите предвидени во акцискиот план.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на состојбите во медиумите и областите од животната средина и социоекономските аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки. Основните придобивки од мониторингот над имплементација на Планот се:

- Потврдување дека договорените услови при одобрувањето на Планот се соодветно спроведени;
- Обезбедување податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Обезбедување поголем увид во промените на животната средина на одредени локации;
- Потврдување дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Потврдување дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат преземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг над ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следењето на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Имплементацијата на Планот, примената на предложените мерки за ублажување на влијанија и нивната функционалност, оправданоста на целите на Планот и на стратегиската оцена на животната средина ќе се потврдат преку следење на следните индикатори:

**Табела 14** План за мониторинг

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| **Население и здравје на населението** | Унапредување на животните услови на населението | - Следење на имплементацијата на содржините предвидени во Планот;<br>- Следење на имплементацијата на мерките за заштита на животната средина предложени во Планот, Извештајот за СОЖС и од останатите проекти со кои ќе се потврди оправданоста за изградба на планските содржини;<br>- Мониторинг на емисиите и состојбите во медиумите и областите од животната средина;<br>- Контрола на појави на несреќи, инциденти и хаварии;<br>- Следење на демографската состојба на населението;<br>- Следење на туристичката понуда во општината;<br>- Следење на развојот на нови бизниси;<br>- Следење на економскиот развој на општината | - Прибавени дозволи, одобренија и согласности за урбанизација на просторот, изградба и оперирање на центарот;<br>- Концентрациите и нивоата на емисиите во медиумите на животната средина се во согласност со пропишаните законски гранични вредности;<br>- Евидентирани ризици по здравјето и безбедноста на населението;<br>- Број на евидентирани жалби и поплаки од засегнатите страни;<br>- Евидентирани инцидентни состојби;<br>- Број на евидентирани прекршочни и кривични постапки, судски спорови во однос на загрозеност на животната средина и здравјето на населението од активностите во планскиот опфат;<br>- Стапка на прираст на населението;<br>- Стапка на вработеност;<br>- Животен стандард;<br>- Стапка на миграција;<br>- Број на изградени инфраструктурни објекти со кои се подобрени условите за живеење во општината и сл. | - Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за внатрешни работи;<br>- Министерство за економија;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за здравство;<br>- Локална самоуправа на општина Конче;<br>- Водостопанство на РС Македонија;<br>- ЈП „Македонски шуми“;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Јавни претпријатија на општинско и регионално ниво;<br>- Комунални претпријатија и овластени собирачи на отпад;<br>- Завод за вработување;<br>- Државен завод за статистика;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Биолошка разновидност, природно** | Заштита и унапредување на биолошката | - Мониторинг при подготовка на локацијата за градба, отстранување на шума и друг вид на вегетација; | - % на отстранета шума и друга вегетација за имплементација на содржините во Планот; | - Локална самоуправа на општина Босилово, Ново Село и Струмица; |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| **наследство и предел** | разновидност и пределот | - Контрола на изведбата на градежните работи, особено во близина на акумулацијата „Мантово“;<br>- Мониторинг на живеалиштата и популациите на флора и фауна, односно загуба на живеалишта, смртност и миграција (пред имплементација на планот и за време на оперативните активности);<br>- Мониторинг на квалитативните и квантитативните карактеристики на водите;<br>- Мониторинг на нивото на бучава;<br>- Контрола на начинот на управување со отпад;<br>- Контрола на имплементација на мерките за заштита од несреќи и хаварии и сл. | - % на загубени/загрозени и зачувани живеалишта и видови во однос на постојната состојба;<br>- Степен на имплементирани мерки за заштита на животната средина;<br>- Степен на имплементирани мерки за заштита од несреќи и хаварии;<br>- Евидентирани несреќи и хаварии во рамките на планскиот опфат;<br>- Концентрациите и нивоата на емисиите во медиумите на животната средина се во согласност со пропишаните законски гранични вредности;<br>- % на имплементирани компензациони мерки;<br>- Број на жалби и поплаки од локалното население за нарушени визуелни карактеристики на локација. | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- ЈП „Македонски шуми“;<br>- Јавни комунални претпријатија;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Води и почва** | Заштита и унапредување на состојбата со водите и почвата | - Контрола на начинот на водоснабдување и потрошувачка на вода (површински и подземни), како и начинот на справување со отпадни води;<br>- Мониторинг на водите кои повторно се употребуваат за разни намени во планскиот опфат;<br>- Мониторинг на квантитативните и квалитативните | - Издадени дозволи од страна на надлежните органи за користење на вода од акумулацијата „Мантово“ и подземни води, како и за испуштање на отпадни води;<br>- Третман/предтретман на отпадните води пред финално испуштање во реципиент;<br>- Тренд на повтоно искористување на третираните отпадни води за технички цели;<br>- Квалитет и квантитет на водата во акумулацијата „Мантово“ која ќе биде предмет на анализа во постојната состојба; | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за здравство;<br>- Локална самоуправа на општина Конче;<br>- Водостопанство на РС Македонија; |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| | | карактеристики на акумулацијата „Мантово“, кои ќе бидат предмет на мониторинг пред имплементација на Планот;<br>- Мониторинг на квантитативните и квалитативните карактеристики на подземните води, кои ќе бидат предмет на мониторинг пред имплементација на Планот;<br>- Мониторинг на емисиите во воздух, управувањето со отпад, отпадни види и сл.;<br>- Мониторинг на состојбата и квалитетот на почвата во планскиот опфат и во непосредното опкружување. | - Достапни количини и квалитет на водите за пиење и наводнување;<br>- Склучени договори со овластени постапувачи за управување со разни фракции отпад;<br>- Број на евидентирани несреќи и хаварии;<br>- Концентрациите на емисиите во медиумите и областите на животната средина се во согласност со пропишаните законски гранични вредности;<br>- Стапка на болести предизвикани од нарушен квалитет на водите и почвата. | - Дирекција за заштита и спасување;<br>- Јавни претпријатија на општинско и регионално ниво;<br>- Комунални претпријатија и овластени собирачи на отпад;<br>- Државен завод за статистика;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Воздух и клима** | Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови | - Контрола на имплементираните мерки за намалување на емисиите во воздух;<br>- Мониторинг на амбиентниот воздух;<br>- Мониторинг на емисиите од испустите (доколку се користат фосилни горива како енергенс);<br>- Контрола на имплементација на мерките за заштита од несреќи и хаварии и сл. | - Евидентиран третман на емисиите;<br>- Квалитетот на амбиентниот воздух и концентрацијата на полутантите на испуст од емитерите е во рамките на МДК;<br>- Стапка на употреба на обновливи извори на енергија;<br>- Евидентирани инцидентни состојби. | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Локална самоуправа на општина Конче;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Бучава и вибрации** | Заштита на населението од зголемено ниво | - Контрола на имплементираните мерки за намалување на емисиите од бучава и вибрации; | - Нивоата на бучава и вибрации се во граници со кои не се нарушува здравјето на населението и живиот свет; | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за здравство; |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| | на бучава и вибрации | - Мониторинг на нивоата на бучава и вибрации;<br>- Мониторинг на значајни видови фауна и живеалишта. | - Број на жалби и поплаки од населението за ефектите од зголемено ниво на бучава и вибрации (здравствени проблеми);<br>- Број на видови за кои се смета дека ги напуштите своите живеалишта како резултат на зголемено ниво на бучава и вибрации. | - Локална самоуправа на општина Конче;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Материјални добра** | Заштита на материјалните добра | - Контрола на имплементацијата на содржините предвидени во Планот, примената на мерките за избегнување на конфликтите со постојните инфраструктурни објекти и мрежи (постојани или идни планирани).<br>- Контрола на начинот за водоснабдување, управување со отпадни води, отпад, снабдување со електрична енергија, сообраќајна поврзаност и сл.<br>- Контрола на имплементацијата на мерките за заштита од несреќи и хаварии;<br>- Контрола на дефекти, недостатоци, хаварии предизвикани од планските активности. | - Предвидените плански содржини не се во конфликт со постојните и идните инфраструктурни мрежи и објекти;<br>- Изградена водоводна мрежа која овозможува непречено обезбедува снабдување со вода во планскиот опфат;<br>- Количини на обезбедена и потрошена вода;<br>- Квалитет на обезбедената вода за техничка намена и водата за пиење;<br>- Број на поплаки од населените места за недостаток на вода или нарушен квалитет на водата од акумулацијата Мантово;<br>- Изградени системи за третман на отпадните води;<br>- Склучени договори со овластени постапувачи за управување со разни фракции отпад;<br>- Изработени и имплементирани планови за управување со несреќи и хаварии;<br>- Изградена транспортна, енергетска, електродистрибутивна, комуникациска инфраструктура;<br>- Евидентирана изградба и санација на патиштата кои се користеле и се користат за потребите на центарот); | - Локална самоуправа на општина Конче;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со подрачните единици;<br>- Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за економија;<br>- ЈП за државни патишта;<br>- ЕВН,Мепсо, Македонски телекомуникации;<br>- Министерство за здравство;<br>- Министерство за внатрешни работи;<br>- Водостопанство на РС Македонија;<br>- Јавни комунални претпријатија и овластени собирачи на отпад;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| | | | - Фреквенција на возила по сообраќајниците во однос на постојната состојба и сл.<br>- Евидентирани инцидентни состојби. | |
| **Културно наследство** | Заштита и унапредување на културното наследство | - Следење на урбанизацијата на просторот;<br>- Следење на применетите мерки за заштита на евентуално откриено културно наследство; | - Тренд за заштита на културно наследство;<br>- Број на објекти евидентирани како културно наследство. | - Локална самоуправа на општина Конче;<br>- Министерство за култура-Управата за заштита на културното наследство. |

# 11 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

- Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето на кое се планира изградба на нов и современ комплекс, кој ќе ги задоволи потребите за тренинг обука за припадниците на МВР-УБК, Агенцијата за планирање на просторот, по нарачка на Министерството за внатрешни работи - Управа за безбедност и контраразузнавање и Министерството за транспорт и врски, започна постапка за изработка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче (во понатамошниот текст ДУПД или планска документација).
- Подрачјето на планскиот опфат наменет за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, зафаќа површина од 40,022 ha (400226.765 $m^2$) и периметар од 5076.686 m`.
- Со Државната Урбанистичко Планска Документација на планскиот опфат се планира да се постават: **Група на класа на намена – В (Јавни институции),** Основна класа на намена – В4 (Државни институции), со можност на вградување на компатибилни класи на намена.
- Насоките за планирање на просторот произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија, врз чија основа од страна на Агенцијата за планирање на просторот се изработени Услови за планирање за Државна урбанистичко-планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче со тех. бр. Y06319, а од страна на МЖСПП е издадено Решение за услови за планирање (бр. УП1-15-592/2019 од 10.05.2019 год), потоа Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога, Одобрена Планска програма со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски Арх. Бр. 24-6529/3 од 18.07.2019 год., како и податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку информацискиот систем е-урбанизам.
- Планскиот опфат се наоѓа во општина Конче, југозападно од градот Радовиш, на брегот од акумулацијата Мантово, во КО Загорци и КО Скоруша, надвор од населено место и не се граничи со населени места. Во близина на планскиот опфат се наоѓаат селата: Гарван (11 жители во согласност со Пописот на население од 2002 година), Загорци (10 жители), Скоруша (11 жители), Долни Радеш (нема жители). Истите се наоѓаат на оддалеченост од околу 2-3 km воздушна линија од планскиот опфат. Исто така, во близина на опфатот, од спротивната страна на акумулацијата „Мантово“ се наоѓаат постојните викендици, а исто така е планирано изградба на „Сончева езерска населба Мантово“ (изградба на викендици, но и други колективни угостителско сместувачки капацитети) на оддалеченост од околу 1 km воздушна линија и сл. На јужната страна од локацијата има постоен локален земјен пат. На северната страна опфатот граничи со постојна акумулација „Мантово“ која е со планирана највисока кота на водостој од 402,5 м.н.в. Од запад планскиот опфат граничи со пороите Загоречка Река, а од исток со реката Студена Вода.
- Земјиштето во планскиот опфат доминантно е земјоделско и шумско земјиште во државна сопственост и нема евидентирано градби, односно нема евидентирано градежен фонд.
- Планскиот опфат се наоѓа во рамките на подрачје идентификувано како Значајно подрачје за птици.
- Во рамките на планскиот опфат нема изградено инфраструктура, а исто така не е евидентирано културно наследство.

- Во тренинг центарот како содржини на наведената основна класа на намена треба да се планираат: сместувачки капацитети (објект за сместување на професори, објект за сместување на студенти, VIP – сместување), стрелиште, објект со училници, кујна со трпезарија, амбуланта, фитнес, портирница, магацини, како и останати содржини во зависност од потребите на центарот.
- За покривање на потребите од вода (санитарна и техничка) во тренинг центарот како изворници може да се користат водите од акумулацијата „Мантово" или подземни води. За рационално користење на водата потребно е во границата на планскиот опфат да се предвидат две независни водоснабдителни мрежи - за санитарна и за техничка вода.
- За одведување на фекалните отпадни води потребно е изградба на систем за прифаќање и третман на отпадните води. Изградбата на фекалната канализациска мрежа и третманот на отпадните води (заедничка или локални пречистителни станици) ќе бидат дефинирани со планови од пониско ниво, каде ќе бидат дефинирани намената на површините и нивниот капацитет. Атмосферските води ќе бидат прифатени со канали изведени покрај уличната мрежа. Пред да бидат испуштени во реципиентот ќе бидат подложени на третман во маслофаќачи.
- Имплементацијата на Планот ќе допринесе за економски развој, односно ќе понуди нови работни места за населението, ќе допринесе за зголемување на животниот стандард за локалното население, кое се соочува со невработеност, сиромаштија и миграција, подобрување на бизнис климата и сл.
- Имплементацијата на Планот ќе допринесе за генерирање емисии во медиумите и областите од животната средина, кои на директен или индиректен начин може да го нарушат квалитетот на животната средина и да влијаат врз населението и нивното здравје.
- Предвидените плански активности и содржини може да предизвикаат несреќи и хаварии, кои доколку се случат може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, а исто така на директен или индиректен начин може да го загрозат здравјето и безбедноста на населението.

**Препораки:**

- Планирањето на просторот за урбанизација и имплементацијата на Планот во документите од понизок ранг да се врши во согласност со издадените мислења, согласности, дозволи и одобренија од институциите надлежни за урбанизација на просторот, пренамена на земјиштето, одобрението за градба, дозволите за работа и сл.
- Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи.
- Планирањето на просторот во документите од понизок ранг да се врши со рационално искористување на површините, односно поставувањето на објектите да се врши на локации кои ќе претрпат минимална деградација и се погодни за избегнување или ублажување на можните влијанија.
- Преземање мерки за компензација во согласност со Законот за шуми и Законот за заштита на природата.
- Во фазата на планирање и проектирање, како и во фазата на оперирање на центарот да се преземат сите неопходни мерки со кои ќе се овозможи рационално искористување на водите, со цел да се избегнат можните појави на недостаток на вода за наводнување и водоснабдување, а исто така нема да се наруши нејзиниот квалитет.
- Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје и безбедност.

- Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките за намалување на нивото на бучава, заштита на водите, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии.
- Подготовка на проценка на ризик и одговорност од еколошка штета за идните објекти за кои постојат индикации од појава на технолошки хазарди.

# 12 НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

## 12.1 Вовед

Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето на кое се планира изградба на нов и современ комплекс, кој ќе ги задоволи потребите за тренинг обука за припадниците на МВР-УБК, Агенцијата за планирање на просторот, по нарачка на Министерството за внатрешни работи - Управа за безбедност и контраразузнавање и Министерството за транспорт и врски, започна постапка за изработка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче (во понатамошниот текст ДУПД или планска документација).

Изработката на ДУПД произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Законот за градење („Службен бесник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18) и подзаконските акти, како и Годишната Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, Регулациски планови на Генерални урбанистички планови, Урбанистичко-планска документација и Урбанистичко-проектни документации за 2019 година („Службен бесник на РМ" бр.16/19), точка 1.5, која гласи: Изработка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче.

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 88/19), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Врз основа на горенаведеното, како и склучениот Договор за јавна набавка за изработка на извештаи за стратегиска оцена на влијанието на животната средина помеѓу Агенцијата за просторно планирање (бр. 0506-16/23 од 29.10.2018) и Друштвото за Еколошки Консалтинг ДЕКОНС-ЕМА" увоз-извоз Скопје (бр. 0307-75/1 од 30.10.2018), договорните страни потпишаа Протокол бр.1, консултантскиот тим на Друштвото за Еколошки Консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА" да подготви Извештај за стратегиска оцена на животната средина за ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, тех. бр. Н0119, со површина од 40,022 ha (Агенцијата за просторно планирање: бр. 0507-337/2 од 22.07.2019, Друштвото за Еколошки Консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА" увоз-извоз Скопје бр. 0307-34/1 од 25.07.2019).

## 12.2 Вовед во стратегиската оцена на животната средина (СОЖС)

Стратегиската оцена на животната средина е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции" или политики, планови и програми. Тоа е алатка која ќе го подобри севкупниот квалитет на планирањето и програмирањето на идните активности, овозможувајќи подобро разбирање на планирањето и подобри перспективи за одржливиот развој. Компонентите на СОЖС, односно нејзините цели се различни, но во оваа декада се препорачува и очекува дека климатските промени и биолошката разновидност се две силни компоненти кои треба да имаат предност при просторното планирање во Република Македонија.

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во поглавје X од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 88/19), при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата,

рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, *просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето*, на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина.

СОЖС постапката се спроведува паралелно со постапката за подготовка на ДУПД. Интегрирањето на двете постапки се постигна преку блиска соработка на проектните тимови (СОЖС и ДУПД) и клучните учесници, преку преглед на литература, состаноци и сл.

Имајќи ја предвид основата за донесување на ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, се пристапи кон утврдување на потребата за спроведување на СОЖС, како и утврдување на обемот на Извештајот, изразени преку подготовка на Формулари, Одлука за спроведување на постапката за СОЖС, како и друга пропратна документација.

Целта на фазата за определување на обемот е идентификација на клучните прашања за животната средина, кои треба да бидат опфатени со оцена на влијанијата на планскиот документ врз животната средина. Оваа фаза од постапката за СОЖС вклучува преглед на други релевантни планови, програми и цели на животната средина, основни информации за животната средина и предложени активности и политики разработени во планскиот документ. Сите споменати информации овозможуваат утврдување на обемот на СОЖС и идентификување на прашања од областа на животната средина кои треба да бидат опфатени со планскиот документ.

Нивото на детали содржано во СОЖС е определено од:

- Местото на планскиот документ во хиерархијата на планирање и донесување одлуки, како и нивото на детали на политиките утврдени со истата;
- Степенот на влијание на планскиот документ врз животната средина;
- Достапноста на постоечки информации при подготовката на СОЖС.

Обемот на Извештајот за СОЖС ги опфаќа сите теми на животната средина, дефинирани со Директивата за СОЖС, односно население и човечко здравје, биолошка разновидност, предел, воздух и климатски промени, води, почви, културно и природно наследство и материјални добра.

Подготвените документи и донесената Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина, потпишана од страна на Министерот за транспорт и врски, со пропратната документација беа доставени до надлежниот орган-МЖСПП.

Врз основа на поднесената документација, МЖСПП издаде Мислење (арх. бр. УП1-15-865/2019 од 11.06.2019, приложено во Додаток 1 на овој документ), со кое ја потврдува потребата за спроведување СОЖС, а исто така го потврди и обемот на СОЖС.

Во согласност со барањата, дефинирани со Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми кои се однесуваат на животната средина, постапката за СОЖС започнува со подготовка на Формулари и Одлука за спроведување на СОЖС, постапка во која се вклучуваат засегнатите органи.

Во фазата на определување на потребата за спроведување СОЖС, Министерството за транспорт и врски ги идентификуваше органите засегнати од имплементација на ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче.

Подготвената Одлука за спроведување на постапката за СОЖС, Формуларот и Документот за главните цели на урбанистичкиот план со целите на релевантни национални плански документи беа објавени на веб страната на Министерството за транспорт и врски и беа јавно достапни за увид во период од 15 дена. Во овој период, не беа поднесени коментари, предлози, ниту жалби на објавената одлука и придружните документи.

Соодветно, Нацрт Извештајот за СОЖС ќе биде достапен за увид на јавноста на веб страната на Министерството за транспорт и врски, во период од 30 календарски дена.

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки во однос на ДУПД, ќе се одржи јавна расправа по нацрт ДУПД и нацрт Извештајот за СОЖС.

Сите аргументирани мислења на јавноста, ќе бидат вклучени во финалниот Извештај за СОЖС на планскиот документ.

Во согласност со барањата на Уредбата за содржината на извештајот за СОЖС и Директивата за СОЖС, овој Извештај содржи:

- Краток преглед на содржината, главни цели на ДУПД и поврзаност со други релевантни планови или програми;
- Информации за моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило без имплементација на ДУПД;
- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Постојни проблеми во животната средина, кои се релевантни за планскиот опфат, вклучувајќи ги оние кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и живеалиштата;
- Целите на заштита на животната средина одредени на национално или меѓународно ниво, релевантни за ДУПД и начинот на кој тие цели се земени предвид при неговата изработка;
- Веројатни значајни влијанија врз животната средина, вклучувајќи и прашања, како што се биолошка разновидност, население, човеково здравје, фауна, флора, климатски фактори, материјални добра, културно наследство, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство, предел, како и меѓузависност на овие фактори;
- Мерки за заштита, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значајните негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на ДУПД;
- Анализа на алтернативи;
- Опис на предвидените мерки во врска со мониторингот, а во согласност со законските обврски.

## 12.3 Резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи

Подрачјето на планскиот опфат наменет за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, зафаќа површина од 40,022 ha (400226.765 $m^2$) и периметар од 5076.686 m`. Со Државната Урбанистичко Планска Документација на планскиот опфат се планира да се поставaт: **Група на класа на намена – В (Јавни институции),** Основна класа на намена – В4 (Државни институции), со можност на вградување на компатибилни класи на намена.

Во тренинг центарот како содржини на наведената основна класа на намена треба да се планираат: сместувачки капацитети (објект за сместување на професори, објект за сместување на студенти, VIP – сместување), стрелиште, објект со училници, кујна со трпезарија, амбуланта, фитнес, портирница, магацини, како и останати содржини во зависност од потребите на центарот.

Насоките за планирање на просторот произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија, врз чија основа од страна на Агенцијата за планирање на просторот се изработени Услови за планирање за Државна урбанистичко-планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче со тех. бр. Y06319, а од страна на МЖСПП е издадено Решение за услови за планирање (бр. УП1-15-592/2019 од 10.05.2019 год), потоа Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска

подлога, Одобрена Планска програма со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски Арх. Бр. 24-6529/3 од 18.07.2019 год., како и податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку информацискиот систем е-урбанизам.

Во согласност со дописот доставен преку веб сервисот е-урбанизам од страна на надлежната општина Конче (бр. 12-453/2 од 15.04.2019 год.), предметниот плански опфат и неговата непосредна околина не се третирани со Урбанистички план или Урбанистичко-планска документација. Планскиот опфат е во рамките на Просторниот план на Република Македонија (2004-2020 год.).

Сите податоци, информации и мислења добиени од релевантните стручни служби се приложени во Додаток 1, од овој документ.

Предвидениот плански опфат за кој се изработува Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, се наоѓа југо-западно од градот Радовиш, на брегот од езерото Мантово.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со:

- На запад дефинирана е со граница на КП 298/1, КП 313/1, КП 311, КП 304/1, КП 310, КП 309, КП 308, КП 307/1, КП 306, КП 305, КП 304/4, КП 334/3, низ КП 332/3, низ КП 336/1 КО Загорци и низ КП 678/3 КО Скоруша.

- На југ дефинирана е со граница на КП 332/3, КП 304/4, низ КП 392 КО Загорци, со граница на КП 692/1, низ КП 678/4, низ КП 698, со граница на КП 678/2 и низ КП 678/3 КО Скоруша.

- На исток дефинирана е со граница на КП 260/1, КП 259, КП 253, низ КП 263/1, со граница и дел од КП 252/1, со граница на КП 246/3, КП 251/1, со граница и дел од КП251/3, со граница на КП 246/1, КП 245/1, КП 15/1, КП 16/1, КП 21/1, КП 24/1 КО Скоруша.

- На север дефинирана е со граница на КП 8/1, КП 2/1, КП 3/1 КО Скоруша, КП 291/2, КП 289/1, КП 290/1, КП 292/1, КП 293/2 КО Загорци, КП 249/2, КП 249/4, КП 249/1, КП 248/2, КП 247/2, со граница и дел од КП 248/1, со граница на КП 246/4 КО Скоруша, КП 304/2, КП 318, КП 304/1, КП 298/1, КП 299 КО Загорци.

На јужната страна од локацијата има постоен локален земјен пат. На северната страна опфатот граничи со постојна акумулација „Мантово" која е со планирана највисока кота на водостој од 402,5 м.н.в. Од запад планскиот опфат граничи со пороите Загоречка Река, а од исток со Студена Вода.

Земјиштето во планскиот опфат доминантно е земјоделско и шумско земјиште, во државна сопственост и нема евидентирано градби, односно нема евидентирано градежен фонд.

Во границите на планскиот опфат нема изградено: сообраќајна инфраструктура, инфраструктура за: водоснабдување, одведување на отпадните води и наводнување на обработливите површини, потоа нема изградено постојна електроенергетска мрежа, телекомуникациски мрежи, инсталација за јавно осветлување, гасоводна мрежа, не постои заштитено културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, а исто така нема планирани објекти и инсталации за заштита и спасување.

На ниво на планскиот опфат формирана е 1 (една) градежна парцела (1.01). Сообраќајниот пристап се предвидува да биде преку локален пат кој поминува покрај локацијата. За истиот потребно е да се изработи Проект за инфраструктура. За покривање на потребите од вода (санитарна и техничка) во тренинг центарот како изворници може да се користат водите од акумулацијата „Мантово" или подземни води. Доколку се користат води од акумулацијата, начинот на користењето мора да биде врз услови кои ќе ги дефинира АД „Водостопанство" на РСМ, како субјект кој управува со системот „Мантово".

Доколку се користат подземни води (бунари) потребно е претходно да се извршат хидрогеолошки истражувања со кои ќе се утврди режимот на хранење на бунарите и квалитетот на подземните води.

Површинските и/или подземните води кои ќе се користат како санитарна вода треба да бидат подложени на соодветен третман на пречистување, со што нивниот квалитет ќе ги исполнува условите за хигиенски исправна санитарна вода.

За рационално користење на водата потребно е во границата на планскиот опфат да се предвидат две независни водоснабдителни мрежи - за санитарна и за техничка вода.

Потребите од санитарна и од техничка вода и изградбата на инфраструктурата ќе бидат дефинирани со планови од пониско ниво, каде ќе бидат дефинирани намената на површините и нивниот капацитет.

За одведување на фекалните отпадни води потребно е изградба на систем за прифаќање и третман на отпадните води.

Изградбата на фекалната канализациска мрежа и третманот на отпадните води (заедничка или локални пречистителни станици) ќе бидат дефинирани со планови од пониско ниво каде ќе бидат дефинирани намената на површините и нивниот капацитет.

Атмосферските води ќе бидат прифатени со канали изведени покрај уличната мрежа. Пред да бидат испуштени во реципиентот ќе бидат подложени на третман во маслофаќачи.

За електроенергетската инфраструктура во градежната парцела треба да се изработи Архитектонско-урбанистички проект, за истата која е вон планскиот опфат и Проект за инфраструктура. Во градежната парцела се дозволува поставување на една или повеќе дистрибутивни трафостаници во зависност од потребите и барањата на идните корисници. Трафостаниците може да се изградени во било кој дел од површината за градба.

Приклучок на трафостаниците од градежната парцела во електромрежа, ќе се изврши според добиената согласност и мрежните правила кои што инвеститорот треба да ги побара од овластен оператор на дистрибутивна електрична енергија во Македонија.

Со оваа планска документација предвиден е приклучен 20(10)kV подземен среднонапонски електрокабел, кој потоа според условите од овластен оператор на дистрибутивна електрична енергија во Македонија ќе се приклучи во соодветната електромрежа.

За создавање на услови за користење на информатичка технологија, широкопојасен интернет, размена на податоци и други комуникациски услуги, неопходно е да се изгради соодветна електронско-комуникациска пристапна мрежа.

За сообраќајниците предвидено е осветлување. За сите градби ќе се предвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со максимална термичка и звучна изолација со цел заштеда на енергија и одржлив развој, а со цел заштита на животната средина (Агенда 21).

### 12.3.1 Предмет и главни цели на Планот

***Предмет на планската документација*** е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, односно урбанизација на простор за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче.

Државната Урбанистичко-Планска Документација како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирани организирани простори и одредување на намена за градежната парцела, со компатибилни класи на намени на основната класа на намена, планирање на површини за градба, на градби со придружни и пратечки содржини, дефинирање на оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни решенија.

Државната Урбанистичко-Планска документација, која претставува основен развоен документ, има крајна цел преку:

– рационално користење на земјиштето;

– максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;

– оформување архитектонска целина;

– почитување и заштита на правото на човекот на работа;

– почитување и валоризација на културното и градителското наследство;

– вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;

– подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет;

– вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;

– вградување мерки за заштита и спасување;

– почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

– почитување на законските прописи за дадената намена

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Архитектонско – урбанистички проект, Проекти за инфраструктура и Основни проекти за градежната парцела.

### 12.3.2 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи

Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес, кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Еден од најголемите предизвици на политиката на животната средина е остварувањето на оптимален баланс меѓу економската, социјалната и еколошката димензија на развојот, со што се обезбедува реално оправдан и одржлив развој.

Дел од целите на заштитата на животната средина, дефинирани на национално и меѓународно ниво, ќе бидат инкорпорирани при подготовка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, како и во периодот на неговата имплементација.

Во Табела 6 е даден краток преглед на целите на релевантни локални, регионални и национални плански и стратешки документи, во корелација со целите и активностите кои ги предвидува Планот.

## 12.4 Релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина

Во ова поглавје во Извештајот е даден приказ на релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина во општина Конче, од аспект на географска и демографска состојба, здравје на населението, климатски карактеристики и квалитет на воздухот, состојба со климатските промени, состојба со бучавата, водите (хидрологија, квалитет на водите), почвата и состојбите со почвата, биолошка разновидност, природно наследство, пределската разновидност, културното наследство, користење на земјиштето, состојба со материјалните добра (управување со отпад, водоснабдување, управување со отпадни води, сообраќајна инфраструктура), како и за состојбите во планскиот опфат и неговото опкружување.

Планскиот опфат се наоѓа во општина Конче, југозападно од градот Радовиш, на брегот од акумулацијата Мантово, во КО Загорци и КО Скоруша, надвор од населено место и не се граничи со населени места. Во близина на планскиот опфат се наоѓаат селата: Гарван (11 жители во согласност со Пописот на население од 2002 година), Загорци (10 жители), Скоруша (11 жители), Долни Радеш (нема жители). Истите се наоѓаат на оддалеченост од околу 2-3 km воздушна линија од планскиот опфат. Исто така, во близина на опфатот, од спротивната страна на акумулацијата „Мантово" се наоѓаат постојните викендички, планираната „Сончева езерска населба Мантово" (во која се планира изградба на викендички но и други колективни угостителско сместувачки капацитети) на оддалеченост од околу 1 km воздушна линија и сл.

За најблиските населени места до планскиот опфат не постојат јавни официјални податоци за специфични болести.

Во непосредното опкружување на планскиот опфат се изведуваат активности за живеење, туристичко-рекреативни, сообраќајни и сл. кои даваат придонес во квалитетот на амбиентниот воздух. Исто така, допринос во квалитетот на воздухот во опкружувањето на планскиот опфат имаат и рудничките активности кои се изведуваат во рудникот „Боров Дол“.

Планскиот опфат се наоѓа надвор од населено место, во рурално подрачје каде не се идентификувани извори на бучава. Во близина на акумулацијата Мантово се изведуваат активности за живеење, туристичко рекреативни активности кои може да се сметаат како повремени извори на бучава, како и бучава од сообраќај. Планскиот опфат и непосредното опкружување се сметаат за подрачје од I категорија за заштита од бучава.

Во поширокото опкружување на опфатот се наоѓаат обработливи земјоделски површини, рудникот „Боров Дол“ кои допринесуваат за постојната состојба со бучавата.

Планскиот опфат е во крајбрежниот појас на акумулацијата „Мантово“ изградена на реката Крива Лакавица. Во рамките на планскиот опфат нема водно тело, односно повремено се појавуваат суводолици. Од запад планскиот опфат граничи со пороите Загоречка Река, а од исток со Студена Вода. Крива Лакавица од вливот на Мадемска река до вливот во река Брегалница е III категорија.

Досега не се извршени истражувања, односно не се познати инженерско-геолошките и хидрогеолошките карактеристики на теренот на планскиот опфат, затоа поединечно при изработка на Архитектонско-урбанистичките проекти, потребно е да се изработи детална документација, односно посебен елаборати за геолошки и геотехнички карактеристики на земјиштето.

За подрачјето на општина Конче и непосредната околина е добиен најдолгорочен максимален степен на очекувани земјотреси кој изнесува до $8^0$ по МЦС скала.

Во насока на развој на туризмот и стопанскиот развој, околу планскиот опфат и во поширокото опкружување, како што претходно е спомнато, се наоѓаат викендици кои одат во прилог на развој на туризмот како важна стопанска гранка, акумулацијата „Мантово“ покрај првичната намена за наводнување и водоснабдување, истата се користи за риболовен туризам. Во подрачјето се врши производство на еколошки мед и сл. Во близина на акумулацијата „Мантово“, кај објектот „Влашки Колиби“, кој се наоѓа од спротивната страна на акумулацијата, како и во близина на опфатот се наоѓаат објекти во кои се одгледува стока. На неколку километри (воздушна линија) од планскиот опфат се наоѓа рудникот „Боров Дол“, наменет за експлоатација на бакарна руда

Во рамките на планскиот опфат е застапена тревеста сува вегетација, како и шумски и грмушести хабитати од дабови шуми, со различен степен на деградација.

Пределот во и околу планскиот опфат не е назначен или заштитен. Истиот е атрактивен, но сепак релативно вообичаен предел во рамките на поширокиот регион. Поконкретно, планскиот опфат се наоѓа на брдовит терен, на максимална надморска височина од 462 м.н.в. и е лоциран на брегот од акумулацијата „Мантово“ на северната страна. На јужната страна доминира опкружување главно со земјоделско земјиште.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на тренинг центар на МВР-УБК во КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

## 12.5 Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот

Во ова поглавје во Извештајот е даден приказ на состојбите, трендовите и заканите врз населението и здравјето на населението, воздухот, водите и почвата, биолошката разновидност и природно наследство, културно наследство, пределот, материјалните добра, како и состојба без имплементација на Планот.

Врз основа на анализите може да се констатира дека без имплементација на Планот, состојбите во однос на користењето на земјиштето, медиумите и областите од животната средина, како и социо-економските аспекти во рамките на опфатот и неговото опкружување ќе останат непроменети во однос на постојната состојба, односно:

- **Состојби во користењето на земјиштето**
- Земјиштето во рамките на планскиот опфат кое е категоризирано како земјоделско земјиште и шуми ќе остане со истата намена;
- Нема да се отстрани шумска вегетација за имплементација на предвидените содржани во Планот;
- Земјиштето во опкружувањето на планскиот опфат нема да биде засегнато од имплементација на Планот, односно нема да се намали неговата употребна и пазарна вредност;
- Нема да се зафаќаат нови дополнителни површини на земјиште за имплементација на инфраструктурните мрежи (истите ќе бидат разработени во дополнителна урбанистичка документација), кои се неопходни на непречено работење на идниот тренинг центар.
- **Состојби во животната средина**
- Нема да се изградат објекти кои ќе бидат потенцијални извори на емисии во животната средина, кои може да го нарушат квалитетот на медиумите и областите во животната средина, како и здравјето на населението, особено во случај на инцидентни состојби;
- Нема да се експлоатираат нови количини на вода од акумулацијата „Мантово“ и подземни води што може да влијае на нивниот капацитет и издашност;
- Состојбата со акумулацијата ќе остане на сегашно ниво, нема да се врши урбанизација на простор кој се наоѓа во близина на заштитниот појас на акумулацијата и сл.;
- Нема да се генерираат нови количини на отпад кои ќе завршат на депонија;
- Состојбата со сообраќајот и емисиите предизвикани од истиот ќе останат на сегашно ниво.
- **Социо економска состојба**
- Намалување на можностите за вработување на невработеното население;
- Избегнување на ризикот од несреќи што може да предизвика социоекономски загуби во заедницата;
- Продолжување на состојбите и трендовите на лоша материјална и социјална состојба на населението во општината, појава на миграција и сл.

## 12.6 Области кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите

Во согласност со Секторската студија изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, планскиот опфат и неговото опкружување не влегува во рамки на подрачје кое е под режим на заштита, во согласност со категориите на заштитени подрачја, дефинирани во националното законодавство.

Планскиот опфат располага со биолошка разновидност, од која некои видови се наоѓаат на приоритетните листи за заштита, во согласност со националните и меѓународните документи за заштита и унапредување на биолошката разновидност, односно планскиот опфат се наоѓа во подрачје идентификувано како значаен орнитолошки локалитет Мантовско Езеро и река Лакавица.

## 12.7 Цели на заштита на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнување на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија на развој, од една страна и заштита на животната средина од друга страна, кој предвидува зголемена употреба на економски инструменти во насока на заштита на животната средина.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и на почвата;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- Заштита на карактеристиките на пределот;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и унапредување на културното наследство.

Целите на заштитата на животната средина се изразени преку целите на стратегиска оцена на животната средина. Споредување на целите за животна средина со целите и активностите во планскиот документ е вообичаен метод при спроведување на СОЖС, со цел да се оцени дали развојот, односно идната имплементација на еден развоен плански документ, како што е во случајов ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче ќе биде во насока на поставените цели за животна средина (СОЖС). Целите на стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: населението и здравјето на населението, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра, пределот, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Во Извештајот презентирани се целите на СОЖС во однос на целите дефинирани во ДУПД (нивната компатибилност и некомпатибилност).

Компатибилноста/некомпатибилноста на целите е разгледувана во однос на ДУПД (цели за намена на просторот и активности за нивно постигнување) и во однос на неговата идна имплементација во понизок ранг на плански документи или проектна документација.

## 12.8 Анализа на алтернативи

При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор локација, најдобро решение од аспект на економска оправданост и заштита на животната средина.

Како појдовна основа за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче е потребата на Министерството за внатрешни работи од урбанизација на простор кој ќе се користи како тренинг центар на МВР-УБК, поставените критериуми за избор на локацијата за изградба на тренинг центар и сл.

Во изработената проектна документација не е даден опис за критериумите за избор на оваа локација за изградба на тренинг центар, а исто така не е разгледувана друга алтернативна локација.

Затоа, од аспект на разгледувани алтернативи, во ова поглавје се разгледувани алтернативите без имплементација и со имплементација на Планот.

**Алтернатива 1: Без имплементација на Планот на предметната локација**

Во согласност со расположливата документација и состојбата на терен, може да се констатира дека планскиот опфат се наоѓа во подрачје покриено со земјоделско земјиште (необработливо) и шуми, во непосредна близина на акумулацијата „Мантово". Покрај ова, планскиот опфат се наоѓа во рамките на подрачје идентификувано како Значајно подрачје за птици.

Досегашниот начин на користење на просторот на предметната локација е алтернативно разгледуван како состојба да не се прави ништо („do nothing scenario"), во смисла на предметната локација да не се имплементира Планот и локацијата и понатаму да остане со истата намена и состојба.

Разгледувано од аспект на задржување на квалитетот на медиумите и областите на животната средина, оваа алтернатива се покажува како најсоодветна, пред се заради фактот што планскиот опфат се наоѓа во сензитивно подрачје од повеќе аспекти. Без имплементација на Планот состојбата со животната средина ќе остане на сегашно ниво, без можности за деградација на природните вредности и создавање можности за нарушување на квалитетот на медиумите и областите од животната средина и здравјето на населението, особено во случај на несреќи и хаварии.

Разгледувано од социоекономски аспект без имплементација на Планот ќе се намалат можностите за вработување на невработеното население, низок економски развој на Општината и сл.

**Алтернатива 2: Имплементација на Планот на предметната локација**

Имплементацијата на Планот на предметната локација ќе се разгледува од аспект животна средина и социоекономски аспект:

*Животна средина*

Разгледувано од аспект на животната средина имплементацијата на Планот во предвидениот плански опфат значи:

- Потенцијална можност за генерирање на емисии во медиумите и областите од животната средина во сензитивно подрачје кои на директен или индиректен начин може да го нарушат квалитетот на животната средина и да влијаат врз населението и нивното здравје, како и на посетителите на акумулацијата;
- Предвидените плански активности и содржини може да предизвикаат несреќи и хаварии, кои доколку се случат може да предизвикаат влијанија водите, почвата, биолошката разновидност, кои на директен или индиректен начин може да го загрозат здравјето и безбедноста на населението.

*Социоекономски аспект*

Разгледувано од социоекономски аспект имплементацијата на Планот во предвидениот плански опфат може да предизвика:

- Отворање можности за нови вработувања, создавање услови за подобар економски развој;
- Зголемени приходи во општинскиот и државниот буџет;
- Потенцијалниот ризик од несреќи и хаварии може да предизвика социоекономски загуби, од аспект на еколошки штети и здравствени проблеми на населението;

- Намалена посетеност на викенд населбата и посетителите на акумулацијата кои истата ја користат за одмор и рекреација, како резултат на зголемено ниво на бучава, присуство на луѓе и сл.

***Заклучок:*** Горенаведените анализи имаат за цел да ги предочат позитивните и негативните аспекти од имплементацијата на Планот, кои донесувачите на Планот треба да ги имаат предвид во постапката на усвојување на Планот и истите да одлучат во која насока треба да се развива ова подрачје.

## 12.9 Веројатни значајни влијанија врз животната средина и мерки за намалување

Потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти кои може да бидат предизвикани со имплементација на Државната Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче ќе потекнуваат од имплементацијата на планираните содржини во планскиот опфат кои вклучуваат изградба на сместувачки капацитети (објект за сместување на професори, објект за сместување на студенти, VIP – сместување), стрелиште, објект со училници, кујна со трпезарија, амбуланта, фитнес, портирница, магацини, како и останати содржини во зависност од потребите на центарот.

Влијанијата се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни придобивки, односно позитивни влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и области на животната средина и социо-економските придобивки, но од генерален аспект.

За дел од планираните активности во Планот, дополнително ќе се води постапка за подетална оцена на влијанијата врз животната средина на ниво на документација од понизок ранг.

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина и социо-економските аспекти ќе бидат елиминирани или ефективно подобрени, доколку при имплементација на Планот и предложените мерки, од кои дополнително ќе произлезат конкретни проекти, бидат земени предвид мерките за намалување на влијанијата дефинирани во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, како и мерките кои ќе бидат дадени на ниво на проекти, низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

Влијанијата врз медиумите и областите од животната средина, здравјето на населението и социјалните влијанија кои може да произлезат со имплементација на Планот, како и предлог мерките за нивно намалување се прикажани во поглавје 9.1.

## 12.10 План за мониторинг врз имплементацијата на Планот од аспект на животна средина

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализација на планскиот документ ДУПД и сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на мерките и активностите предвидени во акцискиот план.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на состојбите во медиумите и областите од животната средина и социоекономските аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки. Основните придобивки од мониторингот над имплементација на Планот се:

- Потврдување дека договорените услови при одобрувањето на Планот се соодветно спроведени;

- Обезбедување податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Обезбедување поголем увид во промените на животната средина на одредени локации;
- Потврдување дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Потврдување дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат преземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг над ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следењето на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

## 12.11 Заклучоци и препораки

**Заклучоци:**

- Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето на кое се планира изградба на нов и современ комплекс, кој ќе ги задоволи потребите за тренинг обука за припадниците на МВР-УБК, Агенцијата за планирање на просторот, по нарачка на Министерството за внатрешни работи - Управа за безбедност и контраразузнавање и Министерството за транспорт и врски, започна постапка за изработка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче (во понатамошниот текст ДУПД или планска документација).
- Подрачјето на планскиот опфат наменет за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", зафаќа површина од 40,022 ha (400226.765 $m^2$) и периметар од 5076.686 m`.
- Со Државната Урбанистичко Планска Документација на планскиот опфат се планира да се постават: **Група на класа на намена – В (Јавни институции),** Основна класа на намена – В4 (Државни институции), со можност на вградување на компатибилни класи на намена.
- Насоките за планирање на просторот произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија, врз чија основа од страна на Агенцијата за планирање на просторот се изработени Услови за планирање за Државна урбанистичко-планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче со тех. бр. Y06319, а од страна на МЖСПП е издадено Решение за услови за планирање (бр. УП1-15-592/2019 од 10.05.2019 год), потоа Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога, Одобрена Планска програма со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски Арх. Бр. 24-6529/3 од 18.07.2019 год., како и податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку информацискиот систем е-урбанизам.
- Планскиот опфат се наоѓа во општина Конче, југозападно од градот Радовиш, на брегот од акумулацијата Мантово, во КО Загорци и КО Скоруша, надвор од населено место и не се граничи со населени места. Во близина на планскиот опфат се наоѓаат селата: Гарван

(11 жители во согласност со Пописот на население од 2002 година), Загорци (10 жители), Скоруша (11 жители), Долни Радеш (нема жители). Истите се наоѓаат на оддалеченост од околу 2-3 km воздушна линија од планскиот опфат. Исто така, во близина на опфатот, од спротивната страна на акумулацијата „Мантово“ се наоѓаат постојните викендици, а исто така е планирано изградба на „Сончева езерска населба Мантово“ (изградба на викендици, но и други колективни угостителско сместувачки капацитети) на оддалеченост од околу 1 km воздушна линија и сл. На јужната страна од локацијата има постоен локален земјен пат. На северната страна опфатот граничи со постојна акумулација „Мантово“ која е со планирана највисока кота на водостој од 402,5 м.н.в. Од запад планскиот опфат граничи со пороите Загоречка Река, а од исток со реката Студена Вода.

- Земјиштето во планскиот опфат доминантно е земјоделско и шумско земјиште, во државна сопственост и нема евидентирано градби, односно нема евидентирано градежен фонд.
- Планскиот опфат се наоѓа во рамките на подрачје идентификувано како Значајно подрачје за птици.
- Во рамките на планскиот опфат нема изградено инфраструктура, а исто така не е евидентирано културно наследство.
- Во тренинг центарот како содржини на наведената основна класа на намена треба да се планираат: сместувачки капацитети (објект за сместување на професори, објект за сместување на студенти, VIP – сместување), стрелиште, објект со училници, кујна со трпезарија, амбуланта, фитнес, портирница, магацини, како и останати содржини во зависност од потребите на центарот.
- За покривање на потребите од вода (санитарна и техничка) во тренинг центарот како изворници може да се користат водите од акумулацијата „Мантово“ или подземни води. За рационално користење на водата потребно е во границата на планскиот опфат да се предвидат две независни водоснабдителни мрежи - за санитарна и за техничка вода.
- За одведување на фекалните отпадни води потребно е изградба на систем за прифаќање и третман на отпадните води. Изградбата на фекалната канализациска мрежа и третманот на отпадните води (заедничка или локални пречистителни станици) ќе бидат дефинирани со планови од пониско ниво, каде ќе бидат дефинирани намената на површините и нивниот капацитет. Атмосферските води ќе бидат прифатени со канали изведени покрај уличната мрежа. Пред да бидат испуштени во реципиентот ќе бидат подложени на третман во маслофаќачи.
- Имплементацијата на Планот ќе допринесе за економски развој, односно ќе понуди нови работни места за населението, ќе допринесе за зголемување на животниот стандард за локалното население, кое се соочува со невработеност, сиромаштија и миграција, подобрување на бизнис климата и сл.
- Имплементацијата на Планот ќе допринесе за генерирање емисии во медиумите и областите од животната средина, кои на директен или индиректен начин може да го нарушат квалитетот на животната средина и да влијаат врз населението и нивното здравје.
- Предвидените плански активности и содржини може да предизвикаат несреќи и хаварии, кои доколку се случат може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, а исто така на директен или индиректен начин може да го загрозат здравјето и безбедноста на населението.

**Препораки:**

- Планирањето на просторот за урбанизација и имплементацијата на Планот во документите од понизок ранг да се врши во согласност со издадените мислења,

согласности, дозволи и одобренија од институциите надлежни за урбанизација на просторот, пренамена на земјиштето, одобрението за градба, дозволите за работа и сл.

- Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи.
- Планирањето на просторот во документите од понизок ранг да се врши со рационално искористување на површините, односно поставувањето на објектите да се врши на локации кои ќе претрпат минимална деградација и се погодни за избегнување или ублажување на можните влијанија.
- Преземање мерки за компензација во согласност со Законот за шуми и Законот за заштита на природата.
- Во фазата на планирање и проектирање, како и во фазата на оперирање на центарот да се преземат сите неопходни мерки со кои ќе се овозможи рационално искористување на водите, со цел да се избегнат можните појави на недостаток на вода за наводнување и водоснабдување, а исто така нема да се наруши нејзиниот квалитет.
- Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје и безбедност.
- Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките за намалување на нивото на бучава, заштита на водите, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии.
- Подготовка на проценка на ризик и одговорност од еколошка штета за идните објекти за кои постојат индикации од појава на технолошки хазарди.

# Додаток 1- Мислења од надлежни институции

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерот за транспорт и врски на ден 06.06.2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче,** кој го донесува Министерството за транспорт и врски, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи, засегнати од имплементацијата на планскиот документ **ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина** Конче, се определуваат: Локална самоуправа на општина Конче; Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за внатрешни работи; Министерство за транспорт и врски; Министерство за здравство; Министерство за економија; Министерство за локална самоуправа; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство; Министерство за образование и наука, А.Д. "Водостопанство на Република Македонија", Дирекција за заштита и спасување; Центар за управување со кризи, ЕВН; МЕПСО; Македонски телекомуникации; ЈП Македонски шуми, комунални претпријатија; здруженија на граѓани и др.
3. За планскиот документ **ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче,** за чија изработка е одговорна Агенција за планирање на просторот-Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економската состојба, влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени, влијанија врз квалитет на површински и подземни води, влијанија врз почви, влијанија поврзани со управување со отпад, влијанија од бучава и вибрации, влијанија врз биолошка разновидност и природно наследство, влијанија врз предел, влијанија врз материјални добра, влијанија врз културно и историско наследство, влијанија од несреќи и хаварии.**
5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Министерството за транспорт и врски** (на следната адреса: www.mtc.gov.mk).
6. Против оваа одлука, јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр. 24-5108/1**

**Место:Скопје**

**Министер**
**Горан Сугаревски**

Scanned by CamScanner

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Архивски број УП1-15-865/2019

Дата: 11. 06. 2019

ДО: Министерство за транспорт и врски
Ул. Даме Груев бр. 6
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 24-5108/2 од 06.06.2019 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под **бр. УП1-15-865/2019 од 07.06.2019 година поврзано со постапката за носење на планската документација за ДУПД за изградба на Тренинг центар МВР-УБК, КО Загорци и КО Скоруша – Општина Конче,** Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање ги **прифаќа.**
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
м-р Јани Макрадули

Изработил: Бајрам Цамиќ
Контролирал: Сашо Апостолов
Одобрил: Неби Реџепи

1 | Министерство за животна средина и просторно планирање Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 592/2019
Дата: 10. 05. 2019

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на тренинг центар на МВР-УБК, во КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче.** Површината на планскиот опфат изнесува 40,02 ha.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y06319** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изработка Државна урбанистичко-планска документација за изградба на тренинг центар на МВР-УБК, во КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 20935, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка Државна урбанистичко-планска документација за изградба на тренинг центар на МВР-УБК, во КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче.

Согласно член 25, став 7 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Државна


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 592/2019
Дата: ..............................

урбанистичко-планска документација за изградба на тренинг центар на МВР-УБК, во КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 592/2019 од 18.04.2019 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на тренинг центар на МВР-УБК, во КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче** и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Sadulla Duraki**

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Неби Реџепи

2 | Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Општина Конче, 2424 Конче
Тел: +389(0)32 630 325
www.konce.gov.mk / e-mail: opstina.konce@t.mk

До:
Агенција за планирање на просторот
Плоштад Македонија бр.2 Скопје

Предмет: Доставување на податоци и информации
Врска: Ваш бр.0902-215/4 од 10.04.2019год. (e-urbanizam, постапка бр.21106)

Почитувани,

Врз основа на Ваше барање, согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање за изработка на ДУПД за изградба на "ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК" КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, тех.бр.Н0119, планскиот опфат се наога надвор од постојна важечка урбанистичко планска документација.

Со почит,

Бр.12-453/2
Дата: 15.04.2019год.
Конче

Оштина Конче
Градоначалник
Благој Илиев

Изработил: Елена Јованова миа ELENA JOVANOVA
Контролирал: Зоран Ѓоргиев диа Zoran Gjorgiev

BLAGOJ ILIEV

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**До:** **Агенција за планирање на просторот**
**Плоштад Македонија бр. 2**
**Скопје,** 1000

бр. 12-8/194
Скопје, 11.04.2019 **година**

**Предмет:** Доставување на податоци и информации

**Врска:** Ваш бр. 0902-215/4 од 10.04.2019 година
*(e-urbanizam, постапка бр. 21106)*

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација/**за изработка на**

**ДУПД за изградба на "ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК"**
**КО Загорци и КО Скоруша, О Конче, тех.број Н0119**

при што утврдија дека планскиот опфат / објектот се наоѓа **вон зоните** на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот **може да се планира без посебни ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Напомнуваме дека доколку во планскиот опфат се планира изградба на:

- издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
- оџаци со височина поголема од 30м, или
- ветерници, или
- други објекти со височина поголема од 100м,

потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.*

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

DUSHAN POPCHEVALIEV
Digitally signed by DUSHAN POPCHEVALIEV
Date: 2019.04.11 15:14:35 +02'00'

**Душан Попчевалиев**
***(по овластување од Директорот***
***бр.02-248/1 од 12.02.2016 година)***

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 - 046 ф.: + 389 2 3115 - 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Digitally signed by Sinisha Apostoloski
Date: 2019.04.25 11:30:09 +02:00
Reason:
Location:

Архивски број: 1404-1332/2

Скопје, 22/04/2019

До:

Агенција за планирање на простор, со адреса: ул.Плоштад Македонија бб Скопје

Предмет: 1404-1332/1_Барање податоци ДУП за Тренинг центар МВР-УБК КО Загорци и Скоруша опш.Конче-Аг.планирање простор_Агенција за планирање на простор

Врска: Ваш број: 0902-215/4 од 10.04.2019 год.

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со Изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на „ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче, тех.бр.НО119 , према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Изработил: Билјана Илиоска

Раководител на сектор за телекомуникации
Д-р Борис Арсов

По овластување од Директорот
**Синиша Апостолоски**

www.aek.mk

Кеј Димитар Влахов" бр.21
1000 Скопје
п.фах 481

тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

**МЕПСО**

Максим Горки бр.4, 1 000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Подружници ОПЕЕ
+ 389 (0) 2 3 149 815
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОР
Плоштад Македонија бр.2
1000 Скопје

Бр. 11-2272/1
12.04.2019

**Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти**

Врз основа на Вашето барање **бр.0902-215/4 од 11.04.2019 година** (наш број 11-2272 од 11.04.2019 година) за **податоци и информации** потребни за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба** на **"ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК" КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче, тек.број.Н0119**, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти **во сопственост** на АД МЕПСО.

Изработил: Драган Влајнкиноски
Проверил: Ванчо Трпевски

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2019.04.16 13:33:22 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
**Раководител на Служба за ГИС и геодетски работи**

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр.** 10-1458/2 **од** 15.04.2019
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/932-596

**Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис 0902-215/4 од 10.04.2019 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје, за баран опфат „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

Во дадениот опфат/локација имаме:

- ☐ Високонапонска трансформаторска станица
- ☐ Среднонапонска трансформаторска станица

- ☐ Високонапонски кабелски вод
- ☐ Среднонапонски кабелски вод
- ☐ Нисконапонски кабелски вод

- ☐ Високонапонски надземен вод
- ☐ Среднонапонски надземен вод
- ☐ Нисконапонски надземен вод

- ☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Оливер Мирчевски, дипл.ел.инж.

**Trening centar - MVR**



1:16,000

ГАМА

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ве известуваме дека на предвидениот плански опфат за изработка на планска документација како, Детален урбанистички план (ДУП); Генерален урбанистички план (ГУП); Урбанистички план за село (УПС); Урбанистички план за вон населено место (УПСВНМ); Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД); Државна урбанистичка планска документација (ДУПД); Архитектонско урбанистичка документација (АУП); Проект за инфраструктура (ПИ), нема траса на планиран и изведен гасовод.

Со почит,

ГА-МА АД Скопје
Извршни директори,

Радко Манов и Александар Арсиќ

ГА-МА

Акционерско друштво ГАМА Скопје Бул. Св. Климент Охридски 54, 1000 Скопје, Македонија тел.: 02 3118 555 факс: 02 3117 110
Вкупен номинален капитал 37 612 500 еур

Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. 10-4471/2
Скопје, 23 -04- 2019 година

**ДО Агенција за планирање на просторот**
Плоштад Македонија бр.2
1000 Скопје

**Предмет:Податоци и информаци**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0902-215/4 од 10.04.2019 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на „ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче, со тех. бр.Н0119, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-4471/1 од 12.04.2019 година:

- Ажурирана геодетска подлога со граници на плански опфат и
- Пошироко просторно опкружување и сообраќајна поврзаност.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека покрај предметниот плански опфат не поминува државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Зоран Кукуанов

Изработил: Д.Гашпарова
Контролирал/Одобрил: З.Велков

1 Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**

Бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6684903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ
во државна сопственост
Бр. 03-2406/2
12. 04. 2019 год.
СКОПЈЕ

**До:**
**АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
**Плоштад Македонија бр 2, 1000 Скопје,**

**Предмет: Одговор на барање**

**Врска: Барање за податоци и информации со ваш бр.0902-215/4 од 10.04.2019 година**

Согласно вашето Барање на податоци и информации потребни за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на "ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче, тех.број Н0119, со ваш бр. 0902-215/4 од 10.04.2019 година,

МЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Иво Шурбановски

МЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

ДО

Бр. 17-1658/2
15.04.2019 година
Скопје

**АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

**Плоштад Македонија бр.2**

**1000 СКОПЈЕ**

Предмет: Доставување податоци
Врска: 0902-215/4 од 10.04.2019

Во врска со вашето барање под горенаведениот број, за добивање податоци за културното наследство за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на "ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, Општина Конче, тех. Број Н0119**, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на планскиот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Со почит,

**Директор,**
***д-р Елеонора Петрова - Митевска***

Изработил: м-р С. Трајковски
Проверил: м-р С. Герасимова - Матеска
Одобрил: м-р Б. Јовановска


Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје, П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Сектор за оператива и логистика
Подрачно одделение за заштита и спасување-Радовиш

Архивски бр.: 09 - 64 / 2
17.04.2019

**До**
Агенција за планирање на просторот
Плпштад Македонија бр.2
Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Податоци и информации, доставува.-

**ВРСКА:** Ваш бр.0902-215/4 пд 10.04.2019год. (e-urbanizam, постапка бр.21106)

Во врска со горе цитираниот Ваш акт-Барање добиено преку системот e-urbanizam, за произјаснување за **Податоци и информации за** ДУПД за изградба на "ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК", КО Загорци и КО Скоруша, О Конче, тех.број Н0119, Ве известуваме дека ДЗС-ПОЗС Радовиш не располага со податоци и информации за површината опфатена со планираниот плански опфат, односно нема планирани објекти и инсталации од значење за заштита и спасување на посочената локација.

Подготвил: К.С.
Предал: К.С.
Прегледал: К.С.

**ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
**По овластување, В.Д. РАКОВОДИТЕЛ**
**Коле Стефанов**

Доставено до
- насловот
- архива

Kole Stefanov

Digitally signed by Kole Stefanov
DN: O=Direkcija za zastita i spasuvanje, C=MK, E=kolestefanov@hotmail.com, SN=Stefanov, G=Kole, CN=Kole Stefanov
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2019-04-17 12:28:39
Foxit Reader Version: 9.4.1

1 Дирекција за заштита и спасување
Сектор за за оператива и логистика
Подрачно одделение за заштита и спасување-Радовиш

Бул. „Александар Македонски", б.б., 2420 Радовиш
e-mail: radovis@dzs.gov.mk

+389 2 2433 341
www.dzs.gov.mk
press@dzs.gov.mk

# 13 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче (документациона и планирана состојба);
- Услови за планирање за Државна урбанистичко-планска документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче со тех. бр. Y06319;
- Одобрена Планска програма со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски Арх. Бр. 24-6529/3 од 18.07.2019 год.,
- Податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку информацискиот систем е-урбанизам;
- Практичен водич кон Директивата за стратегиска оцена на животната средина, Септември 2005, издаден од Владата на Шкотска;
- Насоки за подготовка на стратегиска оцена на животната средина-"Развој на стратегиска оцена на животната средина, Методологија за Планови и Програми во Ирска";
- Преглед на заштитни подрачја во РМ (2008) и Извештај на меѓународен консултант за заштитени подрачја во рамки на УНДП/ГЕФ/МЖСПП проектот: Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Македонија;
- Национални, регионални и локални стратегии, планови, наведени во Поглавје 3.3.;
- Риболовна основа за риболовна вода „Вештачко езеро – акумулација Мантово“ за период 2017 – 2022 година;
- Достапни искуства и практики.